СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од VI-то продолжение на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1992 година

Скопје, април 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД VI-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ТРИЕСЕТ И ПЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14 АПРИЛ 1992 ГОДИНА**


1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 122, 191
2. АБДИ ФАИК - 59
3. АНДОВ СТОЈАН - 16, 19, 69, 176
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 17, 49
5. АРСОВ ДРАГИ - 27
6. АЛИУ ЕШРЕФ - 47, 88, 163
7. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 108, 157
8. БОШКОВ ЈОРДАН - 55, 167
9. ГОШЕВ ТУШЕ - 138, 153, 187, 189
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 24, 45, 58
11. ГОЦЕВСКИ ТРАЈАН - 180, 190, 192
12. ДАВЧЕВ САНДЕ - 107, 161, 187
13. ДИМИТРОВА РАТКА - 93
14. ДИМОВСКА ДОСТА - 77
15. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 9, 193
16. ЃОРЃЕСКИ БОРКО - 151
17. ЗИБЕРИ НАСЕР - 96, 196
18. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 190
19. ЗАФИРОВСКИ ЗОРАН - 207
20. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 132
21. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 49, 194
22. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 36, 37
23. ЈУМРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 134
24. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 195
25. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 23
26. КЕЛЕШОВ РИСТО - 32
27. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 62, 90, 203
28. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 116
29. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 117
30. КИТОВ ЗОРАН - 204
31. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 118, 138, 168
32. ЛЕПАВЦЕВ АЛЕКСАНДАР - 145, 160, 170, 188, 206
33. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 19, 165

34. МУРАТИ ЏЕЛАДМН - 120
35. МИНОВ ПАНЧЕ - 128
36. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 136
37. НАУМОВ СЛАВЕ - 34
38. НАУМОВ ЃОРЃИ - 172
39. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 196
40. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 167
41. ПОПОВСЖИ КИРО - 34, 110
42. ПРЕВАЛА ШАБАН - 161, 202
43. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 100
44. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 31, 91, 104, 115
45. ПЕТРОВ ТОДОР - 5, 11, 15, 18, 176, 178
46. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 97, 99
47. СТАНКОВСКИ РИСТО - 201
48. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 198
49. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 138, 202
50. СЕЛМАНИ НАИМ- 115, 169, 173
51. СПИРОВСКИ АЦО - 54
52. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 40
53. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 20, 124, 142, 200
54. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 16
55. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 22
56. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 143, 174, 205
57. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 5, 46
58. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА - 10, 11, 13, 17, 175
59. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 117,187
60. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 192
61. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 25, 81, 203
62. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 29, 195
63. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 66, 86
64. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 133
65. ЏАФЕРИ НЕЏАДИН - 198
66. ШАБАН ПРЕВАЛА – 202
67. ШАКИРИ ХИСНИ

КРАЈ

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од VI-то продолжение на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Љубисав Иванов, Никола Апостоловски, Панче Насев и Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Собранието расправаше по точката Предлог за донесување на закон за Републичката управа за царини со Предлог на закон и поради немање на потребен број пратеници за полноважно одлучуваше седницата беше прекината во текот на претресот по амандманот за додавање на нови членови 9-б;9-в и 9-г поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Пратеникот Владимир Голубовски побара поименично да се гласа по амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за стопанство поради сомневање дека немало доволен број на пратеници во текот на гласањето по овој амандман.

Морам да ви кажам дека по оваа точка цело време се работеше на работ на кворумот и барањето на господинот Голубовски доколку е поддржано од 10 пратеници е сосема во ред.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Овде беше кажано дека Предлогот требало да биде поддржан од 10 пратеници и молам да се потврди дали е тоа поддржано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот на господинот Голубовски, да крене рака? (пратениците креваат рака).

За Предлогот гласаа повеќе од 12 пратеници, според тоа Предлогот е поддржан.

Овде станува збор за одредба со која би се заменила одредбата што предвидува именува на директорот на Управата за царина да го врши Владата, а со амандманот би било да го врши Собранието, заради тоа што тоа е Републичка установа а не Владина установа.

Молам, секретарот да земе збор и да почне гласањето.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ**:(Прилог)

## С П И С О К

### на пратеници во Собранието на СР Македонија според азбучен ред на презимињата

1. ФАИК АБДИ (за)
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА (не е тука)
3. ХАМИД АЛИУ {воздржан)
4. ЕШРЕФ АЛИ.ЈИ (за)
5. СТОЈАН АНДОВ (за)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (против)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (против)
8. ТИМЕ АНДОНОВ (за)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ (не е тука)
10. ДУШКО АРСОВСКИ(не е тука)
11. ДРАГИ АРСОВ (против)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (за)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (против)
14. ЈОРДАН БОШКОВ (против)
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ (за)
16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ (за)
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (против)
18. ПЕТАР ГОШЕВ (за)
19. ТУШЕ ГОШЕВ (за)
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (за)
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (против)
22. САНДЕ ДАВЧЕВ (за)
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (за)
24. ТОДОР ДИМОВ (за)
25. ДОСТА ДИМОВСКА (против)
26. РАТКА ДИМИТРОВА (не е тука)
27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ (за)
28. БОРКО ГОРЧЕСКИ (против)
29. ДУШКО ГОРГЕСКИ (за)
30. ЗУДИ ЕМИНИ (за)
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (за)
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (против)

71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (не е тука)
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ (за)
73. ЈОВАН НИКОЛОВ (за)
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (за)
75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (за)
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (против)
77. ТИТО ПЕТКОВСКИ (за)
78. ТОДОР ПЕТРОВ (воздржан)
79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (за)
80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (не е тука)
81. КИРО ПОПОВСКИ {за)
82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (за)
83. ШАБАН ПРЕВАЛА (за)
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ (за)
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (за)
86. НЕИМ САЛМАНИ (не е тука)
87. ФЕРИД САДИКУ (за)
88. АСЛАН СЕЛМАНИ (за)
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (не е тука)
90. АЦО СПИРОСКИ (против)
91. РИСТО СТАНКОВСКИ (за)
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ , (против)
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (против)
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ (за)
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (воздржан)
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (против)
97. РИСТО СТАМЕНОВ (за)
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (против)
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (не е тука)
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (за)
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (против)
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (против)
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ (против)
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (за)
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (против)
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (за)
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (не е тука)

**СТОЈАН АНДОВ:**

За гласаа 66 пратеника, против 36 и 3 воздржани. Констатирам дека амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за стопанство на повтореното гласање поединечно е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови...

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам на една мала интервенција во врска со изгласувањето на амандманот 2 од Комисијата за стопанство.

Не сакав да навлезам во формално- правната заснованост за бањето за поединечно гласање, меѓутоа, бидејќи Комисијата за стопанство имаше амандман на членот 7 став 2 зборот "Владата" да се замени со зборот "Собранието", ми се чини дека повторно ќе треба да го прегласаме и амандманот 3 и тоа по иста процедура со поименично гласање, заради тоа што не е логично да го изгласаме амандманот директорот на Царинската управа да го избира Собранието, а заменикот да го избира Владата.

Амандманите 2 и 3 се во меѓусебна зависност и затоа барам, за да се коригира грешката што претходно ја направивме поименично да го прегласаме и амандманот 3 , или пак јавно да се прегласа за да се усвои бидејќи мора да биде во согласност со претходниот амандман.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Нема смисла да гласаме пак поименично за ова прашање.  Бидејќи се изгласа еднаш на овој начин , овие што учествуваа во гласањето ако се за јавно гласаше да гласаме јавно.

I/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде станува збор за неусогласеност со вториот амандман и тоа треба навистина да се усогласи.

Молам, кој е за предлогот на Комисијата за стопанство, со кој се предвидува и заменикот да биде биран од Собранието.

Молам, кој е за да крене рака?(58 пратеника).

Дали има некој против?(21 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(11 пратеника).

Констатирам дека амандманот 3 од Комисијата за стопанство е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ** (Продолжение):

Констатирам дека и амандманот 3 од Комисијата за стопанство е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови 9-б, 9-в и 9-г поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет и претставникот на Владата не го поддржаа овој амандман.

Дали господинот Петров ќе каже нешто бидејќи сега сме во друг состав? (Не).

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

8 пратеници гласаа за амандманот.

Дали има некој против? (Еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно останатите пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нови членови 9-а, 9-б, 9-в и 9-г поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет и претставникот на Владата не го поддржаа овој амандман.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

5 пратеници гласаа за амандманот.

Дали има некој против? (Еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно сите други се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (Нема потреба).

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Требаше претставникот на Комисијата да објасни за што станува збор кај овој амандман. Луѓето дали го имаат пред себе овој амандман.

Дали ги имате амандманите пред себе? (Некои извикува да, некои не.

Го молам претставникот на Комисијата да објасни за што станува збор, да не дојдеме во состојба овде да бидеме противречни во решението со тоа што веќе сме го одлучиле, па пак да се враќаме назад. Треба да се внимава и да знаеме за што станува збор.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Очигледно дека на почетокот на седницата сите пред себе...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за амандманот, ве молам, а не за седницата.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Во посебните одредби на Законот за царинската управа во ставот 3 е предложено од предлагачот директорот на Управата за царини да го пропишува кројот, бојата, ознаките, времето на траењето и начинот на користењето на службената облека.

Комисијата за стопанство смета дека би требало да се измени ставот 3 и наместо директорот на Управата за царини, да ги пропишува само Управата за царини, односно Управата за царини ги утврдува од следните причини. Така барем Комисијата за стопанство имаше свое гледање дека со промената на директорот најверојатно се даваат овластувања да може директорот сам да ја пропишува службената облека во својот дел, како што е предвидено во Законот.

Оттука и предлогот Управата за царини да ги утврдува кројот, бојата, ознаките и времето на траењето. Тоа е објаснувањето од страна на Комисијата за стопанство и сме изненадени што предлагачот не го прифати овој амандман. Сметаме дека би требало да се прифати за да нема такви овластувања директорот и со неговата промена таквите овластувања на одреден начин да предизвикаат и промена доколку тој смета дека треба да се измени службената облека. Тоа е објаснувањето од страна на Комисијата за стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ете, за тоа станува збор.

Кој е за амандманот, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 34 пратеници.

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет го поддржа овој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**; (од место).

Остануваме на својот став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата останува на ставот, не го прифаќа амандманот. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 16 пратеници.

Констатирам дека Собранието овој амандман не го усвои.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови 16-а, 16-б, 16-в и 16-г поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет го поддржа овој амандман со прва варијанта на член 16-г.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**: (од место).

Остануваме на својот став, не го прифаќаме амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека предложените членови за дополнување на преодните и завршните одредби со нови членови 16-а, 16-б, 16-в и 16-г се од суштинска природа и мислењата на Владата за неприфаќање на истите за мене е неосновано, пред се заради тоа што во член 1 од овој закон се вели дека царинската управа се основа со овој закон. Во членот 16, став 1 Владата предлага дека Царинската управа ќе се основа најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а во членот 18 се вели дека овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во""Службен весник". Сметам дека член 1 и член 18 односно 16, став 1 се во колизија.

Понатаму, со предложените решенија во преодните и завршните одредби, што ги сметам дека се од суштински карактер, се предлага во член 16-а работниците според досегашната систематизација на работите и задачите, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата и средствата за работа на царинарниците во Битола, Гевгелија и Скопје да ги презема Царинската управа на Републиката, а на работниците кои нема да бидат преземени во царинската управа да им припаднат правата по основ на работа во обем, под услови и начин утврдени со закон.

Понатаму, со членот 16-б се предлага рокот на именувањето на директорот и заменикот на директорот, кој со овој закон во формата во која е предложен не е наведен до кога треба да се изберат и се предлага со членот 16-б именувањето на директорот и заменикот на директорот Собранието според одредбите на овој закон да ги именува во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на законот, а работниците, со посебни овластувања, Владата да ги именува во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Во членот 16-в предлагам да се додаде нова одредба според која на работниците на досегашните царинарници кои нема да бидат именувани како работници со посебни овластувања, според одредбите на овој закон, да^ им припаднат правата по основ на работа во обем, под услови и на начин утврдени со закон.

Во членот 16-г што го предлагам се утврдува законската обврска првостепените предмети во управна и прекршочна постапка и по влегувањето во сила на овој закон да ги решаваат царинарниците каде што постапката е поведена, а предметите за кои е започната, не е започната или не е завршена прекршочната постапка од втор степен да ги преземе царинската управа на Република Македонија.

Овие предлози се од суштински карактер заради тоа што ние не основаме само нов орган на управа со опрема, средства и работници кои допрва треба да ги купиме, да ги вработиме, туку се работи за преземање на работници, опрема и средства кои до сега биле во сопственост на сојузната администрација. Со оглед на тоа, со овој закон сопственичките права никаде не се разрешени, ниту пак е наведено во преодните и завршните одредби дека работниците кои сега работат во постојните царинарници воопшто ќе бидат преземени.

Во Законот за органите на управата ова прашање не е регулирано, ниту пак во Уставниот закон за спроведувањето на Уставот е наведено дека ќе бидат преземени работниците, опремата и средствата од сојузните органи, во конкретниот случај од Сојузната управа за царини. Ние и во Законот за одбрана, кога го донесовме, востановивме армија на Република Македонија. Меѓутоа, моравме да нагласиме дека целиот движен и недвижен имот од ЈНА на територијата на Република Македонија е сопственост на државата, Република Македонија. Во конкретниот случај сопственичките права во преодните и завршните одредби воопшто не се разрешени и затоа предлагам тоа да биде констатирано во овој Предлог на закон.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата не ги прифаќа предложените амандмани на членот 16 од преодните и завршните одредби заради следното:

Точно е дека со овој законски акт се формира царинска управа. Меѓутоа, царинската служба како дел на Сојузната царинска управа работи на територијата на Република Македонија и вие знаете дека со Уставниот закон се преземени сите сојузни прописи како републички. Според тоа, таа и денес суштествува и ја обавува својата функција. Со овој закон само се регулираат прашањата на она што треба од испостави на царинската управа на Југославија во Македонија да се формира Царинска управа во Републиката. Прашањето е двојно. Од една страна имаме организациони делови кои ја вршат функцијата, од друга страна, немаме целосно заокружена служба, што го правиме сега со овој закон за да се организира целата функција на територијата на Република Македонија.

Второ, со оглед на тоа што овој Закон е основачки акт на Управата за царина и со ставот 1 на член 16 е определен рок за нејзиното основање, во тој рок постојните царинарници, што е регулирано во став  2 на членот 16, и другите структури на Царинската управа што треба да се формира се должни, оние што ќе бидат назначени според овој закон тоа да го завршат, да ги извршат сите предвидени подготовки и во рокот предвиден со членот 16 од три месеци да се заокружи вкупната физиономија на царинската служба во Македонија. Тоа не значи дека дотогаш работите ќе престанат или сега не се вршат. Постојните царинарници со надлежности што ги имаат на подрачјата, како се поделени надлежностите според општинската припадност, ја вршат и ќе продолжат да ја вршат.

Другите дополнувања од овој комплекс на амандмани што се сврзани со членот 16 во варијанти и во подваријанти исто така не се прифаќаат, со оглед на тоа што во членот 16 од предлогот на законот е пропишано дека до основањето на Управата за царини задачите и работите од областа на царините непосредно ќе ги извршуваат царинарниците во Скопје, Битола и Гевгелија, а тоа подразбира со истиот број на работници и на опрема, односно со бројот на работниците и опремата што ја имаат,а перманентно ако за тоа се укаже потреба за промена и дополнување Владата има овластуван>а со Законот за преземање на мерки заради отстранување на последици во растројство на стопанството да презема и дополнителни активности.

Членот 16-б не е прифатлив бидејќи тоа е регулирано со Законот за органите на управата, а рокот за именување на директорот на Управата за царини и на неговиот заменик со членот 16 е определен и тој изнесува најмалку три месеци, што не значи дека тоа не може да се изврши и во покус рок. Тоа е граничен рок.

Членот 16-в не е прифатлив со оглед на тоа што ова прашање е регулирано со Законот за органите на управата, кој се однесува и на Управата за царини. Овде е споменато во членот 3.

Исто така не е прифатлив и членот 16-г, бидејќи тоа е решено со членот 5 од Уставниот закон, со кој се пропишува промената на сојузните прописи.

Од овие причини Владата останува на содржината на членот 16 така како што е дадена во Предлогот на законот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако Владата добро го чита и разбира членот 5, став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, тогаш ќе сфати дека постојните сојузни прописи се преземаат како републички со надлежности на органите утврдени со Уставот. Се преземаат само надлежностите, а Уставниот закон не пишува дека се преземаат работници, опрема и средства кои биле до сега во сопственост на Сојузната администрација. Тоа не е регулирано во Уставниот закон. Кога го донесовме Уставниот закон, се сеќавате, за преземањето на органите на управата на општините под ингеренција и надлежности на Министерството односно на Владата, ние во членот 16 од тој Уставен закон за спроведување на амандманите на последниот устав посебно нагласивме дека средствата, опремата, инвентарот, администрацијата, работниците се преземаат моравме да нагласиме затоа што само по себе тоа не се подразбира. Ако се подразбираше само по себе преземањето на надлежностите, заедно и со работниците, опремата и средствата кои што биле во сопственост на сојузната администрација, ние во Законот за одбрана немаше да додадеме посебен член во кој ќе се каже дека движниот и недвижниот имот на ЈНА останат на територијата на Република Македонија станува државна сопственост на Република Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (продолжение)

Во овој случај ние основаме нов орган на управа, меѓутоа, го основаме без работници, без средства, кој ако не бидат прифатени амандманите, можеби ние ќе ги преземеме, меѓутоа, тоа ќе биде диво и противзаконски.

Во таа смисла предлагам да се прифатат амандманите на членот 16 да се додадат овие нови четири членови што ги предлагам во амандманот 13.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, би сакала да укажам на една нелогичност на амандманот 13 од пратеникот Тодор Петров. Еве зошто. Амандманот е 13 а се однесува на член 16, имено за додавање на нови членови 16-а, б, в и г. Нелогичноста е во додавање на членот 16-б, бидејќи пред малку Собранието го изгласа членот 7 во кој стои дека директорот на управата за царина го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, а. во членот 17-6 стои дека именувањето на директорот и заменикот директор на царинската управа, Владата ќе го изврши според одредбите на овој закон, во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Бидејќи Собранието претходно донесе една друга одредба, сакам да укажам на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров кога го читаше амандманот го прочита во нова верзија и рече дека е тоа Собрание, а не Влада. Сега кога го читаше овде ја исправи таа нелогичност, бидејќи во стенограмот е она што го прочитал.

Сакам да ви укажам, јас колку внимателно го слушав господинот Тошевски и она што го образложуваше господинот Петров, можеме да се најдеме во една ситуација еден дел работи од царинската служба да бидат регулирани со овој закон, најголемиот дел се разбира, но еден дел работи да ги оставиме сеуште да бидат регулирани надвор од овој закон, т.е. со Уставниот закон, одредбата што ја прочита господинот Петров, овде и се разбира, на 17 ноември кога ќе престане да важи уставниот закон ќе имаме ние неуредени односи. Затоа треба уште еднаш да се обрне внимание, бидејќи мислам дека со неговите предлози се отстранува таа опасност. Јас така го сфатив целото ова излагање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Се согласувам потполно со господинот Петров за неговите предлози за потполно повлекување на сите средства и луѓе да постапат по царината на Македонија. Затоа што, како што ми изгледа работава, како што е кроена царината на некој начин треба да биде зависна уште од Белград, затоа што Белград уште се служи со печат од царината на СФРЈ за увоз на стока во Македонија. Малку да се размислите какви закони и какви амандмани прифаќате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, господинот министер за овие работи што ги изнесе господинот Петров мораме да бидеме начисто, сите овие прашања да се уредат со овој закон и со тоа е отстранета одредбата од Уставниот закон. Таа веќе не е важна.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Во поглед на работниците и на функцијата, Владата во согласност со Законот за мерките има донесено посебна одлука во која ги презема функциите на девизната инспекција и на царинската служба во рамки

извршувањето на функциите во Републиката. Останува отворено прашањето дали треба да се дефинира преземањето на инвентарот и другите прашања што овде се сврзани, значи само за прашањата на средствата. Во преформулација на членот 16-а би можеле со предлагачот на амандманот да предложиме формулација која би се однесувала само за преземање на средствата, опремата, инвентарот, архивата и т.н. За другиот дел е донесена одлука.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ние сами бевме свесни како го донесовме Законот за посебните овластувања на Владата. Меѓутоа, потребно е да се размисли веќе еднаш во Парламентот дали се исполнети условите тој закон да престане да важи. Зошто? Заради тоа што е покрената истовремено постапка пред Уставниот суд ^за оценување на уставноста. Владата го донела актот одлука од своја надлежност врз основа на тој закон за посебни овластувања. Што ако Уставниот суд пресуди да оцени дека тој закон е против уставен и падне законот. Фактички сите одлуки што Владата ги донесувала врз основа на тој закон ќе бидат ништавни. правно неважечки. За да не се најдеме во таква ситуација, а да се избегнат, она што и претседателот на Собранието го кажа, некои недоречености кои сега моментално се нејасни со предложениот текст на законот за царинската управа, предлагам да бидат прифатени овие предлози. Член 16-г зборува за предметите кои сега ги водат царинарниците како органи на сојузната царинска управа. Тие предмети мора да кажеме ние кој ќе ги преземе и кој ќе ги заврши. Во член 16-г е дадено таквото решение, дека првостепените предмети во управна и прекршочна постапка и по влегувањето во сила на овој закон ги решаваат царинарниците каде постапката е поведена, а за предметите за кои е започната, не е започната или не е завршена прекршочната постапка во втор степен ги превзема царинската управа  како што тоа претходно го

утврдивме во членот 6 став 3. Затоа сметам дека е сосема на место прифаќањето на овие амандмани и јас апелирам доа пратениците да немаме никакви празнини во правниот систем да бидат прифатени овие дополнувања.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека со овие амандмани сепак се прави една забуна. Ние не донесуваме закон за преземање на функцијата на царинарницата во Македонија. Ние донесуваме закон за вршење на царинска функција во Македонија. Преземањето го извршивме со Уставниот закон со кој рековме дека оние закони, оние прописи што Македонија ги нема, ќе ги преземеме од сојузните, додека не ги донесеме своите закони. Ние во овој момент се наоѓаме на донесуваше на сопствен закон за вршење на царинската управа и за царинската функција.

Од таа причина мислам дека носиме закон кој треба да биде за утре, задутре и натаму, а не за денеска, за преземање на таа функција. Во таа смисла сметам дека амандманите не треба да бидат составен дел на овој закон. Законот треба да биде за вршење на царинската функција во Македонија. А сега тој момент на преземање на царинската функција мислам дека за мене беше решено и е решено со усвојувањето на Уставниот закон, во кој рековме дека оние прописи кои не беа наши ги преземовме и ги применувавме како македонски. А сега сакаме да донесеме закон кој ќе биде за вршење на царинската функција во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Големи недоразбирања се во прашање. Овој закон не е за вршење на царинската управа. Ние царински закон ќе имаме. Ова е за управата на царините. Затоа да се договориме. Ако не сме во состојба правилно да

одлучиме ова да го оставиме Законодавно- правната комисија да го погледа. Да види дали тие прашања навистина се решени со тие два закона за кои овде Владата мисли дека ги решила. Аргументите на Петров не е така како што мислиме ние лесни за отфрлање. Нека ни потврди надлежното тело овде за таа работа. Затоа јас би предложил тоа добро да го видиме. Комисијата за буџет и финансирање ги поддржува, меѓутоа, Владата дека тоа е решено и да не дуплираме, да не направиме две решенија, а од друга страна да не оставиме празнина за многу точно укажуваше. За мене се уверливи овие аргументи што ги наведуваше Петров, меѓутоа, бидејќи Владата се колеба за тоа, нека своите колебања ги објасни на ЗПК, која е наш најнадлежен орган овде. Предлагам овој амандман 13 да го погледне Комисијата, бидејќи станува збор околу тоа дали со одредени закони тоа е решено или не.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Законодавно- правната комисија ги гледаше амандманите на господин Петров и имате извештај од ЗПК и кажа дека соодветни амандмани, т.е. амандманот 7 за додавање на нови членови 9-б и 9-г ги поддржа. Овој амандман не го поддржа на господин Петров, што се предлага за членот 16.

Сакам да кажам дека претставникот на Владата на ЗПК беше категоричен што не ги поддржуваше амандманите. Сега претставнико1: на Владата овде внесува дилеми. Мислам остави резерва во однос на преземаше на средствата, опремата и архивата, да се размисли. Ако се менува ставот на Владата, тогаш јас немам ништо против, законодавно уште еднаш да се разреши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заради тоа што претставникот на Владата формално предложи дел од амандманот да се прифати, друго заради тоа што во својата

аргументација се потпира на еден закон и со своја активност, со одлука на Владата да донесе решение за материја која не може да се расудува како да припаѓа во областа на економските пореметувања за кој дава овластување овој закон. Тие се сериозни работи и затоа тие два аргумента треба да се проверат на Законодавно- правната комисија. Тоа е една нова ситуација. Предлагам овој амандман 13 да го погледа ЗПК да види дали држат тие аргументи, а го молам предлагачот Тодор Петров да биде присутен таму да ги изнесе аргументите. Ваква расправа што водиме ние тоа е чисто за комисии. Тие работи мора таму да се расправат. Според тоа, ние на овој закон немаме понатаму амандмани, и затоа сека ќе го задржиме малку додека ЗПК уште еднаш не го погледне да донесеме некој закон по многу важна установа и институција како што е Републичката управа за царина да донесеме еден некомплетен закон тоа не смее да ни се случи.

Одиме на **втората точка** од дневниот ред - Интерпелација на работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство.

Интерпелацијата и извештајот на Владата на Република Македонија и Извештајот на Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство ви се доставени односно поделени.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја разгледа интерпелацијата и оцени дека нема основ за покренување на постапка за утврдување на одговорност на министерот со странство.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, познато е дека на 28 јануари Пратеничката група на ВМРО.ДПМНЕ поднесе интерпелација за утврдување на одговорноста на министерот за односи со странство Денко Малески.

Во интерпелацијата ги наведовме причините, основните факти, од кои се гледаше одговорноста. Интерпелацијата беше поднесена согласно деловникот за работа на Собранието и Уставот. Рокот од 30 дена мина, од Деловникот. Владата не поднесе извештај по интерпелацијата. Ни во дополнителниот рок не се даде и поднесе извештај. Не се стави на дневен ред. По наше инсистираше е ставена на дневен ред. И повторно скоро еден месец не се расправа по истата. Во меѓувреме поднесовме барање за образување на Комисија која ќе го испита работењето на министерот Денко Малевски и на база на тој извештај ќе се изврши расправа во Собранието. Стоиме на становиштето дека и барањето на социјалдемократскиот сојуз за свикување на седница во врска со барањето за нови избори ги содржи основните причини што се всушност, поддршка, според наше мислење, на поднесената интерпелација.

Факт е дека процесот на меѓународното признавање на Република Македонија тече споро. Дел од одговорноста неминовно носи и министерот господин Денко Малевски.

Ценејќи ги сите околности во дадениот момент, од аспект на состојбите во Република Македонија, односно и на Балканот и во Европа, секоја дискусија би ја девалвирала расправата и истата би ја чинела беспредметна. Оттука, нашето учество во расправата го сметаме за надминато. Но тоа, не значи дека за сите овие коишто сакаат да учествуваат во расправата ја повлекуваме интерпелацијата. Таа останува за расправа и понатаму.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Веројатно секому му е јасно дека во овој процес на меѓународно признавање на Македонија, постои еден отворен судир помеѓу две политики и тоа од една страна политиката на Република Македонија за целосно признавање на нејзиниот суверенитет, изразената волја на македонскиот народ и граѓаните на Македонија на референдумот преку својата дипломатија изразена преку министерството за односи со странство и министерот Денко Малевски и од друга страна политиката на Република Грција за непризнавање на Македонија, искористувајќи ја функцијата односно улогата, односно злоупотребувајќи ја, поточно речено улогата на членка на Европската заедница.

Секому му е веројатно јасно дека тој судир на тие две дипломатии одат во насока на судир и помеѓу позициите кои соодветните министерства, односно министрите на тие две држави ги имаат во овој процес.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**: (продолжение)

Фактот што вчера под притисок е сменет министерот за надворешни работи на Република Грција Самарас, само го потврдува фактот на исправноста на политиката на Република Македонија, на државното раководство и во тие рамки позицијата која нашето министерство за односи со странство и министерот Денко Малевски ја има. И мислам дека тоа е најголемиот превид што подносителот на оваа иницијатива не можел да ја има и која врз основа, веројатно, на лошата проценка за процесот на меѓународното признавање на Македонија и проценката за дипломатските односи што се воспоставуваат, не може да ја има врз основа врз лошите совети или лошата проценка тоа ја има.

Оттука мислам дека оваа иницијатива, а тоа е став на пратеничката група Реформските сили Либерална партија, практично е беспредметна и по наше длабоко убедување мислиме дека ќе резултираше со повлекување на истата а не со изнаоѓање на некакви деловнички и не знам какви одредби кои што исто така можат со аргументи да се оспоруват, бидејќи не е тоа баш така како што овде претходникот истакна. Мислиме дека во овој процес на меѓународно признавање на Македонија во целост треба да ја поддржиме политиката на актуелниот Министер за надворешни работи и во таа смисла реформските сили Либерална партија му изразува поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како пратеник, претставник на ВМРО Демократска партија, во име на партијата и во мое лично име му даваме целосно признаваше за работата на господинот Денко Малевски. Неговата активност ја оценуваме со

највисока можна оценка. Неговиот стил на претставување на Македонија е стил на висок профил на Европски дипломат и Македонија тоа што го потегна во процесот на меѓународното признавање, е најповеќе што можеше да се постигне во овие објективни услови. Сметам дека барањето од ДПМНЕ е неосновано, неразумно и веројатно е срамно и жално да се биде член на таа партија, кога може такво нешто да побара. (се слушаат неколку ракоплескања).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте партиски напади и промолвирања овде, туку да се зборува само за точката што е на дневен ред.

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, моите два претходника со своите искажувања покажаа, навистина, дека нема потреба од расправа за интерпелацијата за министерот Денко Малевски. Не заради тоа што нема што да се зборува, за се она што Министерството што го води господинот Денко Малевски го направи во последно време, туку заради тоа што, навистина, беспредметно е се она што се заговара во Интерпелацијата. Уште повеќе ако се има предвид дека таа Интерпелација се вклопува во ланецот на напади, противпромоторите и носителите на нашата надворешна политика , која што доживеа целосна афирмација и во Европа и во светот, надворешна политика која што придонесе за прв пат на сите светски меридијан афирмативно да се зборува за една сосема мала Република која што практички нема никаква ни економска ниту војна моќ да би можела на друг начин да се претставува во светски рамки, политика која што придонесе за Република Македонија во последно време, последните три месеци постојано да се зборува афирмативно насекаде, која што е

постојано присутна на каналите на сите светски најпознати мрежи, политика која што доведе до таква афирмација која што Македонија не би можела да ја плати со години, можеби, со милијарди долари.

Со оглед на тоа што и самите иницијатори на интерпелацијата во својот настап, во тек на периодот од кога таа беше иницирана, постепено ја истапија острицата на своите настапи, верувам, дека и самите проценуваат дека таа интерпелација е беспредметна, дека се она што во неа се заговара, апсолутно не стои, апсолутно не држи, дека всушност може да стане збор за нешто спротивно, дека имавме среќа што нашата надворешна политика, почнувајќи од претседателот Глигоров па се до министерот за надворешни работи, Денко Малевски, навистина, ја водат луѓе родени дипломати, луѓе кои што знаеја да ја презентираат вистината за Македонија, луѓе кои што знаеја да г?о одредат најдобриот пат за постигнувањето на она што е вековен идеал на Македонскиот народ за конечното меѓународно признавање и стекнувањето на меѓународен имунитет на Република Македонија. Од тука сметаме дека господин Денко Малевски како еден од основните реализатори на нашата надворешна политика високо оценета, валоризирана политика, за која што претседателот Буш се изјасни дека навистина лета на крилата на се она што се современи европски достигања во сферата на демократијата и човековите права, во меѓународните односи помеѓу европските и светските држави, заслужува целосна поддршка. Во името на пратеничката група на социјалдемократскиот сојуз на Македонија му изразуваме целосна поддршка и му посакуваме и понатаму успешно да се приведе кон крај се она што е досега започнато и по меѓународното признавање на Република Македонија и понатаму да градиме такви односи кои што на Македонија на

сите светски меридијани само ќе и обезбедуваат се повеќе и повеќе пријатели кои што ќе ни требаат и во овој период п во периодот кој што не очекува во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани дами и господа јас ќе се потрудам да бидам краток и со дискусиите што му дадоа подршка на министерот за односите со странство господинот Денко Малевски, исто така и јас ќе бидам на таа линија да го дадам својот придонес.

Обидот да се дискредитира, омаловажи и симне од функцијата член на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство господин Денко Малевски, е Чист чин нихелизам. Со тоа не само што се минимизира и оспорува придонесот на првиот човек на министерството за односи со странство, туку сакајќи или не една таква иницијатива води кон целосна дестабилизација на Република Македонија. Можеби во крајна линија тоа и е и намерата. Од министерот за односи со странство Денко Малевски не треба да се гради култ на личноста, но исто така, историската мисија што му е доверена не допушта манифестации на политички нихелизам анахичност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници, не би сакал да ве потсетувам дека еден од темелите на самостојноста и суверености на секоја држава па и на Македонија е сопствената надворешна политика и нејзината улога во меѓународните односи. Во таа смисла сакам да

истакнам, а тоа го покажа и досегашната практика Македонската надворешна политика не постигна видни резултати. Македонија не го доби очекуваното меѓународно признание. Една од причините за тоа секако претставува и правната регулатива од обласа на меѓународните односи. Досега ниту се подготвени, ниту пак се усвоени пакетот закони од оваа област што можат да послужат како трајна основа за вршеше на работите за надворешната политика-. Не се донесени Законот за надворешни работи, законот за склучување и извршување на меѓународните договор Законот за движењето и престој на странци, не се преземени со закон задолжувањата на федерацијата кај Меѓународната банка за обнова и развој и за структурното приспособување на финансискиот сектор, законот за ратификација на меѓународни конвенции вклучувајќи го и трансферот на осуденитехлица и друго.

Според тоа не можеме да зборуваме за македонска надворешна политика, ниту за нејзините успеси ако досега со законот за надворешни работи не е одреден начинот за вршењето на дејностите во подрачјето на меѓународните односи л не се поставени темелите на дејствувањето на Министерството за надворешните работи ниту со законските одредби е регулирано како ќе се остварува соработката на органите на Република Македонија во надворешната политика ниту пак со закон е регулирана структурата, задачите и делокругот на претставништвата на Републиката во странство. Од сето тоа не може да се ослободи од одговорноста актуелниот министер за односи со странство и надворешна политика господинот Денко Малевски.

Како што е познато и досега л овој Парламент се изразуваше таквото незадоволство од водењето на надворешната политика од нашите претставници во Сојузниот секретаријат за надворешни работи како и од

кадровската политиката во досегашните дипломатско- конзуларни претставништва. Со една таква политика која што се водеше од еден центар надвор од Македонија, интересите на македонскиот народ не беа адекватно претендирани и заштитени. Таквата политика со штетни последици за Република Македонија,за жал сеуште траат. Од тие причини се наметна и потребата што побрзо Македонија да ја изгради сопствената надворешна политика како и сопствената мрежа на дипломатски конзуларните претставништва. Без овој фактор ние не можеме да зборуваме дека е можно остварување на меѓународниот правен субјективитет на Република Македонија. За нашето Министерство за надворешни работи и ако е тоа надворешен орган на управата за меѓународни односи ние не можеме да оцениме дека досега имало успешна изградена или конципирана некаква сопствена мрежа на дипломатско конзуларните претставништва, ниту досега го презентирала својот кадровски концепт, начинот на работата на мисиите при меѓународните организации, културно информативните центри и се што е во согласност со меѓународното право вклучувајќи ги и конвенциите за дипломатско-конзуларните односи од 1961 година, и 1963 година. Ние не можеме да зборуваме за македонска надворешна политика без законот за склучување и извршување меѓународни договори односно без целосно признавање п преземање на надлежностите од Федерацијата и постапката за водеше преговори л склучување на меѓународни договори, нивното признавање и нивното остварување . Ова не е усогласено и согласно Уставот на Република Македонија и според одредбите на концепцијата на меѓународни договори. Од страна на Министерството не постои никаква концепција за овие прашања. Од тие причини ние не можеме да зборуваме за заштита на интересите на Република Македонија без целосно признавање на законската регулатива за надлежностите не само на досега наведените прашања туку и за нерегулираното прашања за движењето и престојот на

странците односно кое лице се смета за странец, како може да влегува п да престојува во Македонија и како можеме да ги заштитиме нашите интереси и да обезбедиме безбедност и јавност на поредокот за одделни подрачја во Републиката што е сега неминовно и потребно во овој момент.

Сеуште не можеме да зборуваме за издвојување односно за издавање на некакви визи, за гранични пропусници п нивното траење, што претставува сосема нормална дејност за сите земји во светот со регулирани односи.

Господа пратеници, сакам да ве потсетам дека е сега часот кога стапува на сила волјата на македонскиот народ изразен на меѓународната политичка свена. Крајно е време да престане важењето на некои сојузни прописи во оваа сфера и да престане девалвирањето на Македонија во - меѓународните односи, како што е тоа случајот со пасошите на СФРЈ што сеуште важат со преставувањето на Македонија со југословенски амбасадор од Македонија вклучувајќи го тука и Југословенскиот амбасадор господин Мито Пејовски во Хелсинки кој што заедно со господинот Денко Малевски ние баравме некаква самостојниот и независност.

Македонскиот народ не треба да ја испушти шансата л на светот да му рече дека сака да биде субјект на меѓународната заедница. На крајот слободата нема цена. Таквата слобода во меѓународните односи ние мораме целосно да ја оствариме. Оттаму и незадоволството од нашето министерство за надворешни работи и од неадекватното законско регулирање на тие доноси. Ако секоја суверена држава со својата слободно узвратена волја Ги уредува меѓусебните односи и граници, таквата волја треба да се почитува  и на Македонската држава во однос на сите свои

соседи. Мислам дека на тој план не е доволно направено од тие причини поднесената интерпелација од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ што е во согласност со Уставот и Деловничките одредби на Собранието, предлагам да биде сфатена најдобронамерно и во согласност со пошироките општествени интереси на Република Македонија. Од тие причини предлагам и се залагам по поднесената интерпелација да се поведе расправа и да се преиспита целокупната досегашна активност и работа на министерот за односи со странство и надворешни работи господинот Денко Малевски и за сето тоа да се одлучува на оваа седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека воопшто не е спорно дека треба да се донесат овие закони за кои што говореше господинот Арсов. Прашање е само како ќе ги донесевме и врз која основа ако не го донесевме уставот онаков каков што го донесовме. На овие закони господинот Арсов инсистираше, многу одамна, уште пред Уставот. Се прашувам п би сакал да добија некој друг одговор кој закон го донесе Босна и Херцеговина па ја признаа, меѓународно дури таа сеуште се вика Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

Господа наша несреќа е што за соседи имаме една Грција која 50 и повеќе години наназад спроведува шовинистичка политика спрема Македонија. И нема тука никаква филозофија, Мислам дека не можеме да се оглушиме за она што се случува денеска , одгласите од Европа, од сите земји. Не е спорна политиката на Република Македонија. Спорно е само чувството на Грците кон Македонија а кое што не е ново, не е од вчера, туку

е наназад можеби повеќе и од 50 години. И веројатно, демократската свест во Грција ќе надвладее како што доаѓа глас од таму и мислам дека нема да биде никаква тајна дека може за кратко време да се верификува и оваа политика што ја води Македонија односно надворешната политика да добие полна меѓународна сатисфакција. Според тоа не гледам апсолутно ама баш ниеден основ во овие моменти да се бара одговорност од министерот кој докрај согласно ставовите, принципите, платформата што ја градеше овој Парламент заедно со претседателот на Републиката, претседателот на Парламентот, претседателот на Владата ја спроведуваат за афирмација на Македонија и нејзино меѓународно признавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Ќелешов.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство господинот Малевски, освен политичко- маркетиншки нема никаква друга логика и основа. Интерпелацијата не кореспондира со оценките што Ги доби и добива македонската дипломатија од нашата и од пошироката јавност во смисла на принципиелност, доследност и афирмативност во водење и пласирање на ставовите на официјалната македонска политика.

Актуелноста на интерпелацијата е анахрона и дијаметрално спротивна на неспорната актуелност на заокружување на меѓународнио1 легитимитет на македонската држава, чие што верифицирање е на прагот.

Затоа останувам без одговор на прашањето која е целта на интерпелацијата и каков дипломатски профит очекува поднесувачот. Пратениците на странката на Југословените во Македонија му даваат полна поддршка на работата и личноста на господинот Малевски.

-

**СЛАВЕ НАУМОВ**:

Сметам дека досегашното вкупно работење на Министерството за внатрешни работи на Македонија, посебно на министерот Денко Малевски е во потполн склад со политиката што ја пропиша ова Собрание и сметам комплетно се остваруваат сите постулати кои од овде произлегоа како политика на РМ. Она што претходно го слушнав од некои од пратениците мириса многу бајато, и го чувствувам како приказната како мали Гокица го замислува светот да се уреди. Верувам дека е многу полесно да се дојде до приватна средба со некои, кои да е надворешен политичар, отколку да се дојде до службено среќавање. Затоа, да се има илузии дека може да се направи нешто повеќе од ова што е сега тоа е чисто непознавање на состојбите. Со ова сакам само да кажам навистина е извлечен максимумот, не е плафонот, меѓутоа, се извлекува во секоја позиција и од секоја средба се извлекува максимумот и се друго мислам е депласирано. Навистина, нема смисла некои свои ситни интереси да се остваруваат преку вакви дискусии.

**КИРО ТОПОВСКИ:**

Почитуван претседастеле, почитувани пратеници, веројатно парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ ќе констатира дека коалицијата во Парламентот се проширува по конкретни проблеми и дека тоа е основна причина што не се прифаќаат нивните аргументи. Јас лично би сакал да кажам дека го почитувам мислењето на секој пратеник и на секоја пратеничка група, правото да имаат свој став, свое определување и за

работата на секој поединец, поготово високо одговорни функционери, а и лично од свој агол да ги ценат работите и да донесуваат заклучоци. Меѓутоа, после оваа тирада што беше изнесена од господинот Арсов, не можев а да од името на пратеничката група на Социјалистичката партија да не реагирам, бидејќи очигледно беа измешани и брзините, и фактите, и аргументите и работите за кои беше на терет ставени на министерот за внатрешни работи Денко Малевски. Од тие причини мислам дека девалвирањето на Денко Малевски и Министерството најмалку иде во функција на онаа заедничка цел, која што сакаме да ја постигнеме во овој Парламент. Мислам дека не беше така одамна, би потсетил, сите пратеници би ги потсетил дека 2 дена овој Парламент расправаше по повод Информацијата за меѓународната активност на РМ каде што претседателот на Републиката и Министерството поднесоа конкретен извештај за вкупните активности кои на тој план се превземени од страна на РМ. Во таа расправа колку што се сеќавам, а мислам е констатирано во извештајот на Комисијата за меѓународни односи општо е дадена поддршка не само на министерот, туку и на работа на целото министерството и на претседателот на Републиката со сите активности што ги презема на меѓународен план, а дневно се информирани и од дневниот печат за високите признанија што ги добиваат нашата дипломатија на овој план со сите разумни потези и спремност, државничко однесување во однос на признавањето на РМ. Мислам дека тоа е и потврда и високото признание што го даде и Арбитражната комисија, а други се проблемите зошто, а и сложувам дека сите сме нервозни и незадоволни што бавно оди признавањето на РМ. Меѓутоа, веројатно и во оваа прилика има потреба да се повтори. Бадингтовата комисија ја утврди Советот на Европската заедница,

критериумите за признавањето на Републиката ги утврди Советот на ЕЗ. Советот донесе заклучок дека на предлог на Арбитражната комисија, врз база на тие критериуми ќе врши признавање на Републиките. Арбитражната комисија ниту ние ја составивме ниту критериумите ги утврдивме, ниту ние предлог дадовме. Сепак, Советот не донесе одлука и покрај оценката на Арбитражната комисија дека РМ меѓу првите треба да биде меѓународно призната. Проблемот не треба да се бара внатре и покрај тоа никогаш не се доволни активности на тој план. И натаму треба да се води битка за признавање на РМ, дотолку повеќе што сеуште се присутни бројни блокади и на меѓународен план, а пред се од нашите соседи. Меѓутоа, се надевам сите го очекуваме бргу денот кога ќе можеме и да го оствариме тој ден на меѓународно признавање на РМ и дајте, немојте сопствениот труд и сопствените резултати уште на почеток да се девалвираме. Затоа, ве молам и предлагам да не се неаргументирано, меѓусебно напаѓаме, неаргументирано да си девалвираме една политика која што добива високо признание на Балканот и во цела Европа.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Од настапите на овие неколку дискутанти кои уследија по настапот на претставникот на предлагачот нема да констатираме дека коалицијата се проширува, туку лично јас ќе констатирам дека веројатно заживува добрата стара југословенска комунистичка идеја.

Најпрво, овде се изнесоа многу податоци дека интерпелацијата е неаргументирана. Мене не ми е јасно какви аргументи ни требаат повеќе од

тоа што Македонија веќе 3 месеци е во остатокот на Југославија.

Сега би сакал да се задржам на излагачите кои што претходеа пред мене, ќе почнам со претставникот на непостоечката партија ДП дежурниот провокатор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте на изразите кога овде се однесува на друг.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Мислам мило ми е што провокаторот му дава поддршка на министерот за надворешни работи бидејќи тој е претставник на непостоечка партија и не чувствувам никаква опасност по тоа.

Потоа, претставникот на Странката на Југословените, Ќелешов рече дека неговата партија Странката на Југословените останува без одговор на прашањето каков дипломатски профил сака ВМРО ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ сака македонски профил. Тоа да бидеме начисто.

Потоа, истиот господин од Странката на Југословените констатира дека оваа интерпелација нема никаква логика и основа освен политичко маркетиншки ефект. За жал, не е така, реков аргументи има повеќе отколку навистина се потребни. Интерпелацијата не е ниту анахрона ниту дијаметрална, а исто така не е никаков чин на нилиризам. Поддршката на ПДП и НДП можам единствено да ја сфатам како рационална и логична, бидејќи и нивните заложби одат во правец на непризнавањето на РМ и

остварување на некакви нивни цели и некаква нивна политика. Но, ме загрижува поддршката да кажеме од Сојузот на реформските сили, потоа Социјалдемократскиот сојуз. Лично сметам и го оквалификувам како желба сепак да се остане во Југославија и да се живее во остатокот на Југославија. Ако претседателот на Републиката постојано нагласуваше и вадеше податоци дека процесот тече и ќе оди брзо такви ставови не чувме за жал долго време од министерот за надворешни работи господинот Денко Малевски. Многу ми е жал што Владата на РМ не се произнесе со извештај конкретно по интерпелацијата и затоа ќе истапуваме со вакви настапи како што истапуваме. Да имавме извештај, ќе имавме врз основа на нешто да расправаме барем.

Би сакал да. знам, а знам како точен податок дека господинот Денко Малевски на седница на Владата има изјавено дека Македонија ќе биде суверена држава или ако сака да биде самостојна држава само без мене. Јас од тука натаму, колку е тоа точно, еве нека потврдат претставниците нас Владата дали е точно или не не сакам да разговарам по тоа прашање воопшто.

Сега ми се поставува прашањето. Бидејќи господинот Денко Малевски е се уште министер за надворешни работи, односно министер за односи со странство во Владата на РМ дали можеби на него некој му ветил дека Македонија нема да биде самостојна држава.

Потоа, господинот Тито Петковски пак се фати за Уставот и можноста да се спречи Уставот од страна на ВМРО-ДПМНЕ, што беше пречка за

признавање, а при тоа самиот призна дека Босна без никаков закон е призната. Значи, дури и Македонија ќе можеше да биде рпизната и без закон и без ништо.

Истиот дискутант, истиот господин смета дека политиката надворешната политика на РМ воопшто не е спорна. Предлагачот на интерпелацијата односно јас како еден од предлагачите сметам дека таа е многу спорна и затоа во прилог на интерпелацијата беше поднесен и еден предлог од формирање на повремена анкетна комисија која што малку ќе се занимава со дејноста на господинот Денко Малевски со неговите настапи, со неговите средби, со странските претставници и со работата во Владата на РМ, па да се види навистина за што господинот Денко Малевски се застапувал и колку вистински барал признавање на РМ.

Од Сојузот на реформските сили беше изнесено дека постои политичко слепило и превид на подносителот на интерпелацијата дека фактички се работи за судир на . две дипломатии односно на две надворешни политики на Македонија и на Грција. Јас лично да ви кажам јас никаде до сега не видов судир меѓу тие две дипломатии, барем директен судир, а требаше да се случи веројатно, истите сметаат дека таа интерпелација е беспредметна што не е точно. Не е точна, исто така, констатацијата дека оваа интерпелација е само една карика во ланецот на напади на актуелната државна власт и дека е уште еден потег со кои што треба да се дестабилизира Македонија и навистина крајно е време да прекинеме веќе со таквите настапи дека секое прашање околу одредена личност на Републиката & дестабилизирање на Републиката. Не можам никогаш да го поделам мислењето со никого дека оваа Република се

потпира само на еден човек, па било тоа претседател на Република, претседател на Собрание или било кој. Веројатно, оваа Република е многу постабилна од тоа и прашањето за одговорност на некој човек никогаш не треба да се поставува од тој контекст, дека тоа е дестабилизација на Републиката.

Најрационално е, до колку ова Собрание сака, а очигледно не ќе сака, да се активира предлогот кој што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поднесе на 31 март, за формирање на повремена анкетна комисија која што ќе подготви еден извештај за работата на министерот за односи со странство господинот Денко Малевски и ова Собрание ќе има релевантни податоци за евентуално утврдување на одговорност.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека многу работи беа кажани, меѓутоа, да се импутира дека секоја иницијатива на поедина пратеничка група кога размислува поинаку од другите пратенички групи дека е беспредметна итн. мислам дека луѓето или немаат поим што е тоа демократија или пак допрва ја учат. Тука се спомна вековниот идела на македонскиот народ. Точно е тоа дека вековниот идеал на македонскиот народ е суверена и независна македонска држава. Меѓутоа, јас би потсетил дека до вчера поголемиот дел од пратениците што се во овој Парламент, воопшто ја немаат таа опција за независна и суверена македонска држава. Како што изјавија или како што сеуште изјавуваат во поедини странски средства за јавно информирање дека Македонија не сакаше независност, меѓутоа, беше натерана да побара

независност. Тоа ако некој чита странски весници ќе види дека изјави се на наши врвни личности. Ете, ние бевме на теренот, инаку не сакавме, ние саскавме Југославија да се сочува, што е, ќе повторам тука зуатоа што беше спомната и Америка што беше до вчера и мислам дека во енкој дел е сеуште и заложба на американската надворешна политика, буквално така. Да не се залажуваме дека Америка утре ќе ја признае Македонија. Да бидеме искрени и да не го лажеме народот Америка до ноември, јас тврдам дека тешко ќе ја признае Македонија. Се знае зошто, имаат избори, таму имаат три илјади гласачи кои се од грчко потекло, имаат добро грчко лоби, имаме и ние некое лоби, но за жал нашето е мало, ние сме мал народ. Меѓутоа, да се тврди дека Америка е воодушевена, па воодушевена е Амрика од нашата надворешна политика како ја водиме, затоа што до вчера бевме на иста позиција. Верувајте ми бевме потполно на иста позиција, затоа што Америка се залагаше до вчера за зачувување на каква таква Југославија, тоа е факт. Овде интерпелацијата се напаѓа дека е дискредитација, девалвација на поедини личности итн. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека во демократските земји тоа е нормална појава, нормална работа и секоја парламентарна група која учествува во парламентарниот живот во било која демократска земја тоа право си го има. А напаѓањето дека е тоа дискредитација, девалвација итн., јас верувам дека, не знам како да се изразам, мислам дека уште многу време ќе ни треба, јас овде еднаш кажав дека ние сме на почетокот на азбуката на демократијата. Меѓутоа, тешко од таа буква "г" сме мрднале понатаму. Се нафрли дека од албанските партии и вели ВМРО—ДПМНЕ со интерпелацијата сака да ја дестабилизира Македонија.

Јас би ги потсетил дека кој ја дестабилизира Македонија со прогласување со таканаречени федерални единки кои добија и свое име Илирида итн. Меѓутоа, ме чуди што една партија која има еден претставник овде, само еден претставник и тоа новоформирана партија која е во овој Парламент овде, господинот кој до вчера се залагаше дека е најголемиот човек кој на некој начин се бори против албанскиот сепаратизам, национализам итн., да е на иста бранова должина со една таква партија. Но, јасно е се. Се откриваат полека луѓето на која бранова должина работат. Мене ме загрижува уште една работа, овде од овој Парламент и јас предложив, а и други дискутанти предложија уште пред три четири месеци нашето министерство за односи со странство да не биде полуминистерство, туку да биде министерство за надворешни работи како што имаат сите држави кои се независни, суверени итн. Меѓутоа, се уште си остана Министерство за односи со странство. Тоа е за мене полуминистерство.

Уставот, Уставниот закон итн., кога го носевме Уставот не уверуваа многу добри познавачи на демократијата дека ние ќе бидеме, македонската држава ќе биде како државите со повеќегодишна парламентарна демократија дека ете Уставот нема така често да го менуваме, а бевме свесни дека Уставот го менувавме и сега имаме и предлози на Уставниот закон. Што значи пак си тераме по она старото ништо не е изменето во оваа македонска полунезависна држава би рекол, затоа што сеуште не сме независна држава да бидеме искрени.

Средствата за јавно информирање вршат една глорификација само на поедини размислувања и поедини званични политики кои се водат во

Република Македонија и кои се  презентираат во странство. Замислете си секој наш државник што ќе одите во странство и ќе јас презентира нашата политика ќе дојде тука глорификација, дигаше до небо итн., како најмудра, најдобронамерна итн. политика дека водиме. Меѓутоа, дозволете некој да има и поинакво размислување како се води надворешната политика, што е тоа демократија. Времето на миење на мозоци мислам дека помина и не верувам дека некој кој до себе држи дека е демократ, дека некое средство за јавно информирање или некоја глорификувана личност може понатаму да му го мие мозокот.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ** (продолжение)

Мене ме радува што тука и странката на Југословените му дава поддршка на господинот министер за односи со странство. Мислам дека поголема јаснотија од ова нема. Но, да не должам многу, мислам да не должиме повеќе, ќе гласаме, ќе не надгласате, ќе констатираме дека таа коалиција повторно како што рековте постои тука и навистина постои, па нема потреба понатаму да се расправаме.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници ставот на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз веќе имавте прилика да го чуете. И на денешната седница го изнесе пратеникот Ханџиски, а и кога беше посебна точка на седницата кога разговаравме за надворешната политика, ние исто така кажавме скоро се што имавме при што дадовме целосна поддршка на начинот на кој што се води надворешната политика од страна на луѓето кои што се избрани и задолжени за таа работа и всушност сметаме дека таквиот начин на водење на надворешната политика низ процесот за меѓународно признавање на Република Македонија е всушност политика и на Социјалдемократскиот сојуз,

Овој пат се јавив да го кажам ставот на Комисијата за односи со странство и надворешна политика, бидејќи ние сме надлежна комисија на некој начин за ова Министерство и интерпелацијата се најде на дневен ред и во Комисијата . Можам да кажам дека интерпелацијата се отфрли, односно се даде целосна поддршка на министерот за надворешни работи господинот Денко Малески и се оцени дека начинот на кој што се води таа политика е во согласност со глобалната политика што ја утврди овој републички Парламент. Притоа, она што мене посебно ме радува е и фактот што членовите на таа Комисија од редовите на ВМРО-ДПМНЕ исто така гласаа за овој став,  што говори дека коалицијата е малку поширока

отколку што овде се наведува, дури и во разликите кои што настанаа помеѓу она што господинот Томислав Стефовски како координатор на пратеничката група го предложи , по што јас заклучив дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ нема да учествуваат во расправата, меѓутоа, еве ,сепак учествуваат во расправата. Сето тоа говори дека оваа иницијатива не е проблем кој што треба да го загрижува господинот Денко Малески, дури не е проблем кој што треба да го загрижува овој Парламент, оваа иницијатива како и некои други се проблем што треба да ги загрижуваат пратениците и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ова е реплика, бидејќи бев повикан . Господо,од ВМРО-ДПМНЕ сакам да ви одговорам во три, четири реченици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може, немојте со директни обраќања.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мене исто така,директно ми се обратија.

Со вашиот дилетантизам ве обвинувам дека сте директно одговорни за национално предавство, бидејќи ги компромитиравте демократските процеси во Македонија и направивте граѓаните на Македонија да посакаат и да поверуваат дека минатото може да биде подобро од иднината. Тоа е едно што сакам да ви кажам и размислете!

Второ, да кажам дека и тогаш кога бев заедно со вас ние се залагавме за конфедерација, еве го летокот на предизборната кампања. Идејата, еволуираната идеја и потреба на граѓаните можеби и ослободена храброст во еден подруг политички амбиент дозволи одеднаш едновремено сите македонски политички партии да посакаат самостојна и суверена

Македонија што е заокружување логично на вековните идеали на македонскиот народ, а вие зборувате за национално единство, а упорно без аргументација го делите народот.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Кога зборуваме за надворешната политика на Македонија како што тоа прашање е поставено на дневен ред, сепак би рекле дека треба да се користиме со одредени параметри во нејзината оценка.

Како прво, ако мирот е врховна вредност на една политика внатрешна и надворешна, а тој сеуште постои во Македонија, тој е силен аргумент кој што оди во прилог на добро водење на една таква политика.

Второ, ако Македонија е афирмирана како конструктивен фактор во Меѓународната заедница, исто така, тој е втор параметар кој што укажува дека и внатрешната и надворешната политика барем досега е водена на релевантен начин. Тоа што политичката платформа на овој Парламент се реализира со политички средства, со демократски средства, со правен дијалог, тоа впрочем е и лекцијата која што ни ја даваше Европа како ќе извршиме трансформација на постојното реал социјалистичко општество и ќе ги доживееме благодетите на европскиот модел. Тоа се одредници кои што ги прифатија сите политички партии во Македонија, а тоа што сеуште не е дојдено до саканиот резултат прашаше е каде лежи искреноста, дали во Европската заедница, или во политиката што ја води и повеќепартискиот Парламент и политичките партии, па и надворешната политика.

Исто така, тоа што политичката волја на македонскиот народ преку референдумот се операционализира пак со демократски и правни средства и низ политички дијалог исто така е силен параметар кој што зборува дека и

внатрешната и надворешната политика се водела пак по европски терк. Епилог дека сето тоа е така има исто така, еден голем релевантен доказ , тоа е одлуката на Бадинтеровата комисија која ја сметаме како независна и која што со правни средства ја оценува една внатрешна и надворешна политика околу прашањето на признавањето на Македонија. Тоа што Македонија нема доживеано политичко меѓународно признавање, тоа е прашање на проектантите на Европскиот модел. Тоа е повеќе нивно прашање, отколку наше прашање, односно Европа не си го реализира нејзиниот проект и политичкиот проект и економскиот проект. Ние сега сеуште сме застанати , извршивме политичка трансформација во Македонија, меѓутоа економскиот развоен модел сеуште е во мораториум, заради тоа што Европа не помогна со финансиски средства за трансформација на општеството. Исто така, тоа што европската заедница е премногу и предолго толерантна спрема една нејзина членка која се спротивставува на признавањето на Македонија, не може да биде вина на надворешната политика на Македонија. Меѓутоа, тоа пак што се бара да го смениме името на нацијата,да не се викаме македонци, јас мислам дека, да работиме и за пет марки во текот на месецот не би направиле таква отстапка и не би се откажале од името на Македонија, а мислам дека и тоа е едно бараше кое што не може да го сврстиме во проектот на европскиот модел врз кој што имаме желба да се преструктуираме.

Од овие аспекти јас ја подржувам и ја оценувам за позитивна досегашната надворешна политика која ја води министерот Денко Малески.

**ЕШТРЕФ АЛИУ :**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, покренувачот

на интерпелацијата и овој пат ни останува должен на сите нас други пратеници, бидејќи не го исполнува основниот услов, не ни го нуди дијалогот. Тоа се постапува еднострано бидејќи за да добијам дијалог лично јас , ми треба еден единствен аргумент за сето тоа што се обидуваат да го кажат , или намерата им беше да се каже преку интерпелацијата.

Јас нивното барање за да се има разбирање, заправо интерпелацијата да се подразбира како добронамерна, имав голема желба, имам и ќе имам само како таква да ја сфатам. Нивните забелешки за недокомплетираноста на Владата, на министерствата и на дотичното Министерство исто така, ја прифаќам и ја поддржувам. Меѓутоа, господа тоа не е тема на дневен ред. Ќе ги подржуваме сите иницијативи онака како што се вика добронамерни, но за да бидат добро намерни на сите им е потребен дијалог, а за да имаме дијалог тоа треба да се поткрепи со аргументацијата. Затоа бидејќи тоа ни недостасува во досегашната расправа, сакам да го замолам претседателот на Собранието доколку некој од покренувачите не нуди конкретна поткрепа на нивната иницијатива, да се прекине точката на дневниот ред. Јас .лично бидејќи принципиелно не сум да се прошири темата, туку да се задржиме конкретно на прашањето која сакавме, или сакаше една парламентарна група да ја актуализира стојам значи зад тоа , доколку добијам дијалог да го кажам моето размислување, моето гледање, тогаш ВМРО ќе добие и конкретен одговор кој придонесува за признавање на Македонија, кој конструктивно се залага, чиј придонес до кој степен е , чие залагање до каде е, кој е против, кој го дели народот, кој се живее во оваа Македонија, ,за каква конкретна политика се залага министерот, каков професионалец е тој, во кои рамки се движи таа

политика, како таа во светот се прифаќа, или не се прифаќа, што светот професионалниот мисли за таа политика и што мисли за сите наши други глупости.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно одредени пратеници од одредена пратеничка група се залагаат за непризнавање на Македонија, а од друга страна исто така поддржуваат некоја политика која не е својствена. Меѓутоа, јас ќе бидам сосема краток и дециден.

На првиот состанок со ново избраниот министер, тоа беше во месец април, првата седница ја одржавме во салата до ресторанот лево. По завршувањето на седницата господинот Ештреф Алиу ја напушти седницата, имаше работа, а ние останавме на разговор. На моето поставено прашање на господинот Денко Малески, јас му се обратив "господине министре, јас сум претставник од партијата ВМРО-ДПМНЕ и мојата опција е самостојна и суверена Македонија во однос на надворешната политика. Ве прашувам која и каква политика вие ќе водите?" Тој децидно ми кажа: "мојата политика е што со сите сили и усилби Ісе настојувам да ја зачувам Југославија, па било каква."

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, драги пријатели, секогаш тргнуваме без да ја откриеме болеста. За да биде " волкот сит и овците на број" треба да знаеме што работиме и што бараме. Јас не сум отсуствувал од оваа сала никогаш, можеби само повремено кога имам потреба. Морам да бидам јасен и категоричен. Во моментов не присуствува господинот претседател на Републиката за да слушне и тој, а сигурно ќе слушне. Вие одите во непотребни полемики. Затоа што во една дискусија овде внатре кога се претставуваме кој е поголем Македонец, на крајот сфативме дека сите сме

единствени. Меѓутоа, сега се повторува почетокот . Запаметете што реков . Во една метафора реков вака: "градиме куќа, ставаме камен, а утредента го нема". Ја почнуваме истата работа и сакаме некој да не признае. Не, господа. Ако не ги најдеме причините на непризнавањето залудно седиме во оваа свечена сала. Оваа Влада на некој начин беше експертна. Јас не напаѓам никого, се напаѓам себеси и ве напаѓам сите вас. Оваа Влада на некој начин е експертна. Размислував и дојдов до една констатација , до едно сознание, што значи експертна Влада?. Експертна Влада според моето сознание до кое дојдов е Влада која ќе работи еден, или петнаесет, дваесет дена и ќе се создаде законита Влада која ќе ги земе конците во свои раце, а не е експертна влада да бидат инженери, лекари, даскали и не знам кои други. Целта на оваа Влада требаше , го положи испитот за едно извесно време, ја доведе ситуацијата до каде што не треба , или треба и требаше претседателот на Републиката да ги повика партиите и да рече дека Владава до тука е таа експертна Влада, од денес се формира законита Влада откога ќе се консултира со парламентарните групи ќе му го довери мандатот на мојата партија како најголема, па потоа , кажи ја Бранко како се вика твојата партија? Па потоа ПДП-НДП, па потоа на Реформските сили и ако не можеше да се направи таква Влада од поедина партија, тогаш ќе се направеше коалициона Влада, за да не дојдеме до таа кохезија до која сега сме.

И уште едно прашање ќе ви поставам. Сега се смеете, а утре ќе плачете, затоа што работите не ни чинат. Вие сите сте свесни за тоа. Јас не верувам тука да има некој кој не ги гледа  работите како што треба. А вие новинарите ве молам, дословно да напишете се што кажувам тука.

Може ли некој да не признае кога сами не се признаваме. Ние уште не сме се признале самите. Јас тоа го кажувам искрено дека самите ние не сме признати. И сега треба некој да не признава надвор во Европа и пак добри беа тие држави што не признаа. И во Европа треба да излезеш со отворени карти, а ние ги имавме тие отворени карти. Тука е критиката, а тие карти кои ни ги бараа до вторникот, до средата, до четвртокот, до идниот петок, до Нова година, за Велигден и за празниците, дали таму сме ги отвориле правилно, тоа јас не го знам и се оградувам. Но, веднаш се поврзувам со една друга констатација.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ**: (продолжение)

Кога реков дека самите не се признаваме, а и нашите најблиски соседи, тоа тука треба да гоземеме најсериозно , поодамна се во Европа и во сите тие организации каде што ние треба да бидеме признаени, а најблиски соседи се Грција, знаете вие дека Грција сака да ни го смени и името и презимето, да не прекрсти, тука најповеќе ќе имаат работа нашите политичари. Лесно е да го лажеш својот народ. Политиката на својот народ е лага, а тешко е да го убедиш некој надвор со политиката на една држава. Тука треба да бидеме наjединствени и тука треба да ги бараме причините зошто не сме признаени.

Јас верувам, со ставот што го зема САД, лично Буш и нивната надворешна политика е склон да се признае Македонија.

Сакаат или не сакаат Грците еден ден мора да попуштат. Нашето македонско битие, а и сите други народи кои живеат на Балканот не може да бидат уништени така за афрот на некоја држава. Тоа не. Европа и светот тоа нема да го дозволи. Но, ќе го прашам господинот Малевски јас реков кога станав тука на говорница, не тргнувам од интерпелацијата што ја даде мојата партија.

Требаше овој Парламент и треба секогаш да биде информиран, бидејќи ние немаме одбор за надворешни работи, имаме некоја комисија за надворешна политика која работи не знам како и не знам што бара, а министерот за односи со странство нема некој одбор направен во ова тело кој потесно ќе соработува со ова тело и овој Парламент да биде информиран за сите дејствија што се вршат околу признавањето на Македонија. Тоа е еден наш пропуст.

Видете, јас многу пати од оваа говорница зборувам/ пак ќе кажам. Ние одиме надвор но со чие обележје и во чие име.

Јас ќе го прашам господинот Малевски кога оди во тие Европски земји, на тие состаноци и кога ги гледа знаменцата таму на масите, со кое знаменци излегуваме ние и кого. го претставуваме. Која е релацијата сега Македонија- Европа.

Господа, ние не донесовме закон за заштита на обележјето а тој закон е најпотребен за признаваше во надворешниот свет. Колку е грешката на Малевски толку е грешката на Владата, толку е грешката наша. Ние летаме, летаме и не можеме да летнеме. Летаме од место. Сите закони, година ипол сме тука, сите закони кои требаше да се донесат за сите луѓе без разлика од која националност кои живеат во оваа мала татковина се одолговлекуваат. Богами и Европа ќе одолговлекува. Кога ти не носиш закони во својата држава, кога ти не го гледаш својот дом, веројатно комшијата ич не сака да го гледаме. Тоа не се филозофски мисли, тоа се вистински патриотски мисли. Јас ве сакам сите вас иако припаѓам во една револуционерна ВМРО партија во која припаѓаат и сите, веројатно и вашите дедовци, а нека ми простат господата од другите народности но и нив не ги вреѓам со ништо. Ако не бидеме сплотени, ако не бидеме единствени,ако не бидеме за тоа што го сакаме и кога ни се даде да го создадеме, тогаш ние господа не сме направиле ништо. Ќе ја заштитиме Македонија со македонски закони. Ќе го нападнеме министерот за надворешни работи тогаш кога, сега јас го нападнав малку, кога не оди по захтевот на луѓето од оваа наша Република.

Системот за мене и за мојата партија е познат. Не е мрднат. Системот стои, држете го тој систем. Но, тој систем, тоа се зборовите што ќе ги кажам уште три збора, тој систем ми се чини ќе не доведе до многу тешки последици.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина денес како и многу пати досега сме поставувале прашања, требало да дискутираме за одредени личности, меѓутоа, како што се поставени силите во овој Парламент, а и по одделни дискутанти кои излегуваат во името на одделни пратенички групи даваат слободна оценка дека дискусијата навистина ќе биде беспредметна, а тоа веројатно ќе го каже и гласањето.

Она што јас сакав да го кажам е во однос на демократијата. Дали почна и во овие простори истата да дејствува во смисла на тоа, барем кај одредени пратеници во овој Парламент дали има некоја непослушност, така да кажам, па да мисли различно по одредено прашаше. Зарем толку нивото опадна па да мораме цврсто да се држиме на определбите на одредени групи.

Денес дискутираме за господинот министер Денко Малевски и веднаш се создава една еуфорија како некое прашање кое е така да речам табу тема, за кое однапред не смее да се разговара, исходот веројатно ќе си го каже своето, тоа однапред се знае. Меѓутоа, не дозволуваме да се постават одредени прашања.

Пред да продолжам со дискусија да кажам дека емотивно сум погоден од дискусијата на пратеникот Владимир Голубовски и морам да му одговорам.

Да ми е познато да истиот континуирано дејствува против оваа партија ВМРО-ДПМНЕ, истиот искажува и на оваа говорница зборови, рамно и жално, истиот на антиалбанска основа гради кариеризам. Јас само едно ќе му кажам. Многу е посрамно и пожарно да бидеш избркан од одредена партија.

Во однос на прашањата што би сакал да му ги поставам на господинот министер, од оваа говорница сакам да спомнам неколку прашања што секако барам да ми се даде одговор.

Прво зошто е изгубен рејтингот кој го имаше Македонија заедно со Република Словенија, по оценка на Бадинтеровата комисија.

Второ, зошто еве пак на некој начин испаднавме последни.

Зошто нема дипломатски претставништва и конзулати на ниво на држави кои ја признаа Република Македонија како самостојна и суверена независна држава.

Зошто системските закони доцнат кои ресорот на Министерството за надворешни работи и преку Владата треба да ги достави во Парламентот.

Сметам дека во почетниот период откако се призна Република Словенија до денес, господинот министер требаше да настапи со една далеку поагресивна политика во смисла на тоа и оние земји кои ја признаа Република Македонија требаше да се воспоставаат дипломатски односи или конзуларни претставништва на било кој основ. Требаше од својот ресор да понуди на ова Собрание, нормално преку Владата определени закони кои ќе ја дефинираат државноста на Република Македонија односно меѓународно афирмативно ќе докаже дека оваа Република веќе гради своја држава низ конкретни свои зафати.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, Јас нема да должам. Точката што е покрената датира веќе неколку месеци и се однесуваше на состојби кои беа или лежеа релативно долго зад нас.

Сега земав збор да се осврнам на некакви дисквалификации кои никако не можам да ги оставам без коментар. Најпрвин залагањето околу револуционерна партија. Не мислам дека може да биде корисно за оваа држава господине Анастасовски. Според Статутот на ВМРО-ДПМНЕ никаде не пишува дека е револуционерна партија. Стандардите кон кои се стремиме и ние и комплетно оваа држава се нешто сосема друго. Јас би молел да сме внимателни со ваква формулација. Првпат неа ја сретнав во Извештајот од Стејтдепартментот на САД за глобален тероризам во 19 90 година што мене многу ме изненади а и вашата формулација пред малку. Тоа беше по вторпат.

(довикување дека е грешка)

Можеби било грешка но јас мислам заслужува оградување од комплетниот Парламент.

Второ, господинот Голубовски, дали тој се истр^а, дали таков му е наравот не можам јас да навлегувам во тоа, но да ја лоцираме конкретната одговорност за тонењето и бедата во оваа држава кај пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и дека тие односно пратениците на ВМРО-ДПМНЕ направиле национално предавство, видете ако сакате во стенографските белешки, ќе ми биде и мене мило да уточниме прецизно што баш е речено. И околу тоа не можеме да водиме дебата и тоа едноставно да се оформи.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

(дофрла од место дека тоа е вистина)

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ако е тоа вистина господине Голубовски тоа заслужува пошироко внимание на институциите на овој систем. Вие сте конечно и пратеник тука, ако имате .такви сознанија можете да барате анкетна комисија, можете да барате и истрага но мене да ми импутирате директно дека јас сум извршил

национално предавство, за мене сепак тоа е големо парче, не би можел да го голтнам. Затоа барам од Собранието по однос на овие две дискусии да се огради. А вашата дискусија господине Голубовски дали случајно, по содржина едноставно се поклопува со хистеријата која се форсира и во медиумите, поточно во одделни сегменти од овдешните медиуми.

Инаку што се донесува до тоа дали ние сме се признале како држава или не. Децидно ние самите се признавме за држава. Дали сите нешта во оваа држава се средени и до кој степен и тука би можеле да спориме,. би можеле да направиме и поголем увид. Веројатно на некое поле не задоволивме. Колку е изградена нашата држава тоа е друго прашање. Јас на мојата комисија, тоа е Комисијата за надворешно- политички прашања децидно се оградив и тоа на неколку пати бидејќи оваа, како се нарекува програма за работа на Собранието во тековнава година беше на расправа таму прво како работен текст па како нацрт и јас сосема децидно се оградив и реков дека мене оваа програма за работа на Собранието ми е премала. Не можеме ние да велиме дека вака ќе се направи државата доволно брзо. Но, мнозинството смета дека може и веројатно на основа на таа програма и такви закони се нудат тука. Јас лично ниту ја прифатив на комисијата ниту овде на пленарна седница. Тогаш всушност не присуствував.

Што се однесува до седницата кога е разгледувана оваа интерпелација на самата матична комисија јас не бев присутен така да и не знам каков заклучок баш е донесен, со која интонација, но би сакал да ви кажам дека за мене помалку е поразно да се биде сама држава своја, а притоа да се има вкупно само неколкукратно обраќање до ресорниот министер до пратениците, во текот на целата година. Јас претполагав дека за оваа важна област од работата на Собранието Парламентот ќе биде почесто удоволен. Ние имавме прилика неколку пати, велам . Течеше конференцијата во Хаг и околу конференцијата за разрешување на кризата

и околу тоа не водевме расправа. Пак овде мнозинството се определи веројатно да нема такво нешто, подобро е тоа да остане во затворен круг. Свикавме некаква меѓукомисиска седница набрзина, таму се запознавме со тие документи и на тоа се сведе работата.

Околноста што господинот министер за надворешни работи на Република Грција вчера е сменет може само да оди во прилог на македонската државна политика а во тој склоп и на надворешната политика но таа околност сама по себе не може да зборува за победа.

Конечно, да не должам многу,јас пак ќе апелирам кон вас. Од тие две наведени дискусии како Парламент ќе биде нужно да си заземеме став, дали мислиме да се оградуваме или не. Инаку седењето тука едноставно станува трач и според мене не може да биде корисно за македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Голубовски бара реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За мене запирањето или компромитација на демократски процеси за една држава, за една нација претставува национално предавство од историски аспект временски набљудувано, од аспект на развој на една држава. Тоа не е никакво правдање. Останувам на тоа што го кажав.

Како одговор пак на сите други кои на некој начин ме повикуваа, да одговорам дека сите нивни напрегања да дејствуваат сериозно, на крај излегуваат смешни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами п господа пратеници.

Во неделата Претседателството на мојата партија имаше состанок и меѓу другото расправавме за нашата надворешно- политичка ситуација, Ситуацијата околу признавањето на Република Македонија, барањето за интерпелација, што се случува со господинот Денко Малевски. Ние имаме ваков став:

Сите работи што се поставуваат од ваков маштап во овој Парламент пречат во овој момент за признавањето на Република Македонија. Вакви работи нанесуваат, пред се, штета на Република Македонија и на целото население од аспект на признавањето. И покрај тоа што слушнавме овде добри дипломатски зборови, и покрај тоа што лека, полека, се навикнуваме на таа дипломатија, сметам дека поставувањето на вакви прашања во овој момент кога од сите страни гледаат и не испитуваат кои сме и што сме, си штетиме сами на себе си.

Колку можеше мојата мала, скромна партија да ја следи работата на надворешната политика на Република Македонија, односно на министерот Денко Малевски, оценивме дека постапувањето е токму онакво какво што треба да биде. Можеби не сме доволни кадри до крај да ја следиме, испитаме или пронајдеме причината. Може би не можеме да видиме дека во светов настануваат разни избори. И во Америка и во другите земји. Дека живеат 5-6 илјади грци или милиони или не знам колку се или неколку луѓе. Дека во други држави им требаат тие гласови на конгресмените, на лидерите. Дека се многу опипливи тие работи.

Ако е час по демократија, да знаеме што е тоа демократија, јас признавам дека многу малку ја познавам демократијата затоа што тука сме во зародиш. Меѓутоа, ако е демократија тоа Грција да бара г право на име и презиме на човек, а камо ли на држава, каква е таа демократија? Ако е демократија тоа што се случуваше во Словенија односно Хрватска и сега во Босна и Херцеговина, каква е таа демократија? Ако е демократија егзодусот што се случи во другите држави, во другите делови на Европа и светот, каква е таа демократија? Според тоа, може ли еднаш, не да наведнеме глава, но да бидеме малку посвесни од ова што сме, па да почекаме да бидеме признаени па после да бркаме волци и мечки итн., така би рекол. Затоа што ова е штета лично за нас.

Ние, овде, во Македонија сме автори на неединството што се јавува кај граѓаните. И ова што се случи во Западна Македонија и воопшто во Македонија. Тоа произлегува од тука од оваа просторија. Луѓето од надвор гледаат што правиме ние овде. Мислам дека она што го прави претседателот на државата, претседателот на Парламентот, министерот за надворешни работи доживува општо признаваше во целиот свет. Зарем ние не можеме тоа да го видиме. Овде тврдиме дека една Америка некаде баш така и нема да не признае или не знам што. Но, да не бидеме сега ептен големи политичари. Големи политичари како големи познавачи на душите и срцата на луѓето што се вон Македонија. Да се гледаме себе си овде, да си ја сочуваме и понатаму државичката онака како што ја чувавме до сега, оваа слободичка, да не напаѓаме никого овде дека овде некој е крив заради тоа што е зголемена социјалната тензија и понатаму ќе се зголемува, да те разбереме, како да не сме свесни дека таму се пука, таму се гине, како да не сме свесни дека огромен дел на нашето производство нема пласман и

нема каде да се пласира. Зошто тоа не го кажуваме. Мораме економијата да ја гледаме. Економијата не може напред ако нема мир.

Овде се збори за некоја опција Југославија. Се окривуваат некои луѓе. Овде, во овој Парламент слободно кажувам дека при донесувањето на референдумот не знам како ќе поминевме ако не ставевме таму и една реченица дека самостојна суверена Република Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави. на Југославија. Не знам резултатот каков ќе беше. Мислам дека резултатот ќе беше помал. Не баш со толкав процент.

Мојата партија и понатаму тоа мисли, да дочекаме да бидеме признаени, нека бидат признати и другите државички на Југославија, па ако има љубов од шесте нека се создаде некој сојуз на некоја рамноправна основа. Никако не она како што беше досега.

Инаку, кога расправавме за работата на господинот Претседател на Парламентот, ми беа нафрлени некои работи од поединци колеги, пратеници, ако смеам така да ги наречам, ако сакаат така да ги викам. Мислам дека, зборовите: "препарирани", итн., не доликуваат затоа што токму овде е искажано некое единство и барање согласност на сите граѓани и со тоа помалку се оди на фажизирање ако се мисли дека некој сака да препарира итн. Јас не сакам да кажам дека кај нас има одредено препарирање во рани детски години, но нема смисла да се повторат такви работи, а дали некој во бел смокинг прави прослави а ромчињата просат, добро е што има душебрижнпци, мојот пријател се смее таму, господ толку здравје да ви даде колку што им мислите добро на тие што просат таму и да помогнете што помалку да,има такви, да имаме добра економија. Веројатно тогаш и ним ќе им помогнеме да учат, да не просат. Тоа е вистината, тоа е нашето огледало.

На крајот, ако се квалифицираме самите себе си, веројатно ќе дојдеме до некоја ситуација за која што вчера се разговараше во просториите на една партија, за нови избори итн., но тоа ќе го оставиме, за онаа друга точка што следува. Повеќе мислиме Лично за себе си, отколку за Македонија. Изгледа личниот интерес превагнува над општиот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа.

Завлеговме во поширока расправа по оваа точка. Меѓутоа, јас мислам дека навистина кога се работи за вакви теми п за ваков придонес во надворешната политика што ја води Република Македонија треба да се приземјиме и треба многу потрезвено да дискутираме.

Треба потрезвено да дискутираме затоа што навистина не следи и меѓународната јавност, не следи и нашиот народ кој е животно заинтересиран. Мислам дека во овој парламент, барем н«е, досега на некој начин кажавме дека сме за таа суверена, самостојна и независна Македонија. Но, често пати укажувавме и од оваа говорница, дури беше укажувано и од врвни личности, конкретно ќе го спомнам претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, еве, конкретниов случај кога беше со Словенија. Дека Словенија, колку и на кој начин е отидена понапред во споредба со Македонија во тоа барање во надворешната политичка сцена за признавање на Словенија и Македонија, дека ние, иако подоцна се вклучивме, меѓутоа сме тука некаде, блиску до Словенија. Дека тоа признавање на Словенија, на Македонија па и на Хрватска ќе се случи некаде во една близина.

Но, се случи тоа што требаше да се случи. Односно тоа што не требаше да се слични. Еве, имаме колку месеци од признавањето на Словенија и Хрватска, макар што Бадинтеровата комисија имаше супер, одличен позитивен став за тие демократски процеси во Македонија, сепак Европската заедница не ја призна Република Македонија. Ние не треба сега автоматски заради тоа што на оваа говорница господинот Киро Глигоров погрешил во таа претпоставка дека Македонија ќе биде призната, а еве сеуште не е призната, ние не треба да вадиме контра аргументи и на говорницата да изнесуваме некои сосема други споредни работи како што се, да речеме, во прилог на демократијата во Македонија. Дека тие демократски процеси, конкретно една политичка партија во Македонија ги руши, а тоа е партијата ВМРО ДПМНЕ.

Јас, навистина барем толку колку ми дозволува мојот интелект и она што можев да го анализирам како човек, ги анализирам работите од првиот ден кога влеговме во овој македонски парламент. Господинот Голубовски, ако е достоен, сакам повторно, откако ќе завршам со мислата, да дојде овде на говорница и да ни каже кои процеси ние ги запревме кога се знае дека во Македонија изборните резултати беа такви и такви. Триесет и седум пратеници доби ВМРО-ДПМНЕ, 32 СКМ ПДП итн., и да не г« редам понатаму. И, дали оваа политичка партија во Македонија направи експертска компетентна влада и дали направи нешто што на неа и беше по некоја мера. Сето тоа беше надвор од играта на таа политичка партија и, не можеме ние да кажеме дека ВМРО ДПМНЕ беше за рушење на тие демократски процеси во Македонија.

Напротив, јас лично и како човек и како пратеник овде, а и како член на Комисијата за надворешно- политички прашања, од секогаш сум се залагал, а тоа и во директни контакти со претседателот на Републиката, со претседателот на Собранието сум укажувал, не смееме по никоја точка особено оние што се клучни, од животен , важен интерес за државата, не смееме да се прегласуваме и надгласуваме. Кога јас треба да гласам, или кога треба да заземам став во одредена комисија или одбор, навистина сакам да сум потполно убеден и како човек без да ме гризе совеста и пред вас да не изгледам црна овца, да знам дека ќе гласам за правата работа. Не да гласам нешто спротивно.

Секогаш настојував, пак ќе повторам и во таа Комисија за надворешно политички прашања, ние, како членови на таа комисија, а и како пратеници ќе вредиме толку колку што располагаме со информации. Човек кој не располага со информации, слободно фрлете го на буниште. Тој не може да биде човек. Тоа е исто како човечкото суштество да го разобличиш, да му ја соблечеш културата, ќе остане едно бедно суштество, кое не знае ништо и ќе се спушти на она ниво, животинското.

Значи, ние треба да располагаме со релевантни податоци. И, ако оваа тема, жешка тема за цела година или од кога влеговме во парламентот беше важна и клучна, се наметнуваше, јас навистина и како човек л како пратеник барам информации да имам, да располагам На последниот состанок, еве го господинот Црвенковски, нека излезе л тој нека каже дали реков дека немам доволно аргументи за било која работа да заземам било каков став. немам. Навистина немам. И, како можам да изигрувам нешто паметно или над паметно или партиски и да гласам.

тука е основниот клуч и основната дилема п овде станува збор, пак ќе речам како и во поранешните ситуации, за 2 различни приоди. Ние, како политичка партија п јас, како човек, лично сметам дека требаше нешто повеќе да направиме на овој политички план во светот п Европа за признавањето на Македонија. Меѓутоа, немам доволно информации што, колку требаше да направиме. Колку? Навистина немам.

Еве како Комисија бевме и во Стразбур. Дојдовме л до некои одредени сознанија. Увидовме и за ставот на Грција каков е спрема прашањето околу признавањето на Македонија. Тој е тврд. Тој е многу непопустлив став. Исто така, Европската заедница држи тоа дека е таа членка на Европската заедница п дека се одлучува со консензус. Ним им се поважни нивните интереси отколку македонските интереси. Не треба да се залажуваме. Но, дајте механизам, дајте лост, да ја дигнеме оваа работа заеднички, да излеземе од ќорсокакот со заеднички сили.

Но, она што е спорно, како политички партии, дозволете да делуваат креативно во Парламентот. Немојте како во поранешната практика да се поведуваме по еден човек али да се поведуваме по една дпскусија и да личиме сите јајце на јајце. И уште да не почнеме од оваа говорница да вадиме плаќате, пофалници, или златници, па да делиме ордени за заслуги итн. Јас најмалку до тоа држам.

Мене ми е единствена цел, она што овој Парламент го зацрта, она што го започнавме чесно и достоинствено да го завршиме и Македонија да биде независна, суверена и меѓународно призната. Дајте, да стигнеме до крајната цел. Ако треба после ќе ги одмериме сите сили. И на политички план и на било кој. И нас овде ниту еден нека не нема, нека дојдат

поквалитетни. Тука е за мене најспорното. Меѓутоа, јас гледам дека многу од овој Парламент не се подготвени тоа да го прифатат и овој предизвик навистина некому тежи како баласт. Треба да се ослободиме од тие работи. Навистина ни тежи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пртеници, во секоја политика кога работите не одат како што треба, ред е да се најдат и кривици. Веројатно, сигурно е познато дека кривци има. Меѓутоа, за една неуспешна политика крива не може да биде само еден човек, една индивидуа, туку составен дел на таа кривица се сите елементи што го сочинуваат. Тука, ние направивме некои обиди. Да направиме п да најдеме кој најмногу придонел за афирмирањето на политиката на Македонија, а кој наводно, работел на нејзина штета. И, несвесно паѓаме во една пропаганда на политички партии. Имено, секој ја брани опцијата на неговата партија.

Кога се повикуваме на Европа, тогаш треба јасно да ги знаеме и нејзините закони и принцип». Европа не е веќе едно поле кое е желно да гуи почитува законите за заштита на обележјата. Таквите закони се реликт на минатото и на средновековието. Европа сега се стреми кон тоа да создаде заеднички обележја за сите народи и земји, па ако е потребно и заедничка монета.

Длабоко сум убеден дека Грција не претставува никаков фактор за иднината на Македонија, сега, засега, претставува фактор за нејзиното непризнавање. Меѓутоа, никако фактор за иднината на Македонија, под услов ние да ги имаме решено сите наши внатрешни несогласувања. Тоа на

сите треба да е јасно. Меѓутоа, неефпкасноста на работата на парламентот на полето на операционализација на уставните определби со соодветни закони што ги штитат граѓанските и националните права, како и опструкцијата на Владата на Македонија врз надворешната политика на Републиката, тоа е правата пречка за непризнавањето на Македонија. Ако тоа изгледа дека е една друга држава, меѓутоа, потполно се согласувам дека ние сме виновници за нејзиното непризнавање. Познато е дека за признаваше на една држава не е многу битно каква надворешна политика ќе води таа држава туку е битно каква внатрешна политика ќе води истата држава. Бидејќи, внатрешната политика на државата е во директна зависност и таа ја одредува надворешната политика на таа земја.

Само да ве потсетам како резултат на, навистина многу лошата внатрешна политика, тоа е резултат на лошата политика на Владата на Република Македонија, ние сега во оваа Република Македонија немаме добри меѓучовечки, меѓунационални односи, а немаме и признавање од другите држави.

Меѓународното признавање на Републикава нема да значи ништо ако не се решат меѓунационалните односи. Сведоци сме дека Европа направи некои обиди и направи еден трик и за една ноќа ја призна Република Босна и Херцеговина. Меѓутоа, тоа признавање беше никакво решение. Денеска, во таа Република ги имаме најкрвавите судири.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ**: (продолжение)

Сега наша цел дали да имаме такви судири во Републиката да бидеме признаени или да не бидеме во одреден период на време признаени, а да имаме добри и стабилни односи во Републиката. Кон ова води и тоа што Владата упорно и по усвојувањето на Уставот на Република Македонија прави обид за дестабилизација на односите во Републиката со предлог на разни закони кои имаат рестриктивен карактер и кои се во спротивност со принципите на Европа. Свесни сме дека трипати беше симнуван од процедура Законот за лично име додека беше изгласан Законот за кривична постапка кој ги навредуваше сите принципи на современа Европа. Да ве потсетам, ако некој врши опструкција на надворешната политика на Македонија, тоа е Парламентот и Владата. Ако Парламентот изгласа закони кои директно нема да ги заштитат националните и човековите права, не може еден човек да се претстави во друго светло во Европа и да не издејствува признавање. Тоа некому да му биде јасно, ако сакаме ефикасна надворешна политика, тогаш треба ефикасна политика во Парламентот и Владата, бидејќи Македонија има земено обврски пред Светот.

На прашањето на Бадентеровата комисија дали Македонија ја прифаќа II глава што се однесува за правата на националните групи, нашиот министер за надворешни работи одговорил да Македонија ја прифаќа II глава која говори за заштита на правата на националните групи. Меѓутоа, кога дојде времето таа II глава директно да се операционализира тука, тогаш самиот Парламент вршеше опструкција на тој потврден одговор.

На крајот сакам да го подвлечам и ова, ако навистина сакаме признавање на Републиката, треба коренито да ги измениме нашите ставови околу меѓусебните односи. Мислам дека, а тоа е веќе јавно, не е пречка министерот, според пишувањето на Западниот печат овие денови, главен адут на Грција за непризнавње на Македонија се разните карти печатени во Републикава и парите од филатериски карактер што беа печатени. Тоа е јасно. Не е пречка никаква друга политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Тогаш јас би сакал да кажам нешто.

Оваа точка на дневен ред гласи Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство.

Дами и господа пратеници, оваа е прва интерпелација за вака висок функционер овде кај нас и; првпат по Уставот и првпат е прилика да поразговараме, навистина, за неговата работа. Тоа беше прилика да поразговараме, навистина, дали тој си ја врши својата работа, дали добро ја одбрал насоката на својата работа, дали добро ја засновал, нашол вистинска точка на која ќе се потпира неговата работа и дали навистина на еден добар начин ја извршува таа работа.

По оваа расправа министерот треба да биде или уверен дека добро работи, или да се увери дека не работи добро и ние сите овде или ако ништо друго дека добро работи одредени сугестии од овде треба да ги понесе. Тоа е суштината, затоа интерпелацијата како еден демократски инструмент во работата на Собранието.

Инаку, сигурно е тоа дека е демократски инструмент. Интерпелација треба да се поднесува секогаш кога се мисли и некој е убеден дека може да ја поднесе или ги исполнува условите на интерпелацијата, но треба да се разбереме дека тоа е еден од инструментите во крупниот инструментариум на таа прва демократија. За тоа е потребно да се има докази, потоа да се мине целата процедура па да се мине на гласање. Никој не може однапред да дава обележје како ќе оди и да дава политичка оценка.

Нашата расправа денеска е разочарувачка од аспект на тоа дали таа ќе помогне да разјасниме, навистина, како министерот работи заради тоа што за многу други работи овде се говори за меѓупартиски несогласувања , за некои сосема други работи, но малку за тоа како навистина министерот работи.

Јас нема да навлегувам во ова, можеби е тој фолклор вообичаен во парламентарните расправи иако не така како кај нас да се кажува и за сосема други работи од она што е на дневен ред некогаш се тоа навредливи работи, некогаш се непромислени, непроверени и оставаат трага за нашата сериозност како Парламент и како луѓе овде. Но, за тоа нема да расправам овде, бидејќи тоа не е на дневен ред.

Сега ќе кажам нешто што е намерата на интерпелацијата. Интерпелацијата има да покрене расправа за работата на министерот за надворешни работи. Основно во работата на министерот за надворешни работи во овој период за кој се однесува интерпелацијата беше дали е неговиот избор правилен, дали одбрал основна насока на својата активност. Тој најмногу се бави сега со напорите Република Македонија да

биде што поскоро меѓународно призната, тоа е неговата основна насока на активноста и мислам дека во тоа денеска треба да му помогнеме да го уцврстиме во таквото убедување дека токму така правилно постапил што ја избрал таа насока.

Кога се зборуваше за неговата работа имаше три вида на аргументи.

Првиот вид на аргументи е надвор од неговата работа што тој рекол некаде во некоја расправа во Владата, пота што му рекол на некој од пратениците кога биле на некој состанок, тоа не го сметам за релевантно за расудување и наведување, тоа може да биде само патем еден аргумент кога се нема друг аргумент. Тоа не не е аргумент по кој треба да се расудува за неговото вршење на функцијата. Тоа може да биде многу повеќе една лична нетрпеливост барање по секоја цена да се дисквалификува човекот, тоа повеќе личи на едно старо време кога на човекот му се пакуваа кривиците, па ќе се причека некој момент кога треба, па ќе се извадат од фиоки сите памтења и непамтења, но. тоа е медот на едно време кое го надминавме со повеќепратиските избори. Јас така сум убеден, тоа овде не е ред и мислам дека не фака место. Затоа јас на тие аргументи нема да се осврнам.

Беа наведени други аргументи кои ја надминуваат неговата надлежност дека тој не е доволно активен во неговата подготвеност на Собранието за собраниската законодавна активност. Овде беа изречени многу закони кои треба да се донесат, а ете Денко е виновен што не се донесени. Јас морам да ви кажам да се погледа Програмата на работата на Собранието која беше овде и сите имавте можност да предложите уште кој

закон треба да се донесе и кој да го подготви, ќе видите дека тој има еден до два закони да се подготват во неговото Министерство. Сите тие силни закони не се во надлежност на Денко Малески и неговото Министерство.

Само пример ќе кажам Законот за влегување и движење на странците во Македонија. Нема врска со неговото Министерство. Предлагач е Министерството за внатрешни работи и убаво се гледа од текстот што го имавте овде кој беше во I фаза.

Или да кажеме дали ќе бидеме и кога ќе бидеме членови на Меѓународниот монетарен фонд или Меѓународната банка. Тоа е задача на Министерството за финансии кој ќе си подготви закон кога ќе треба, за тоа имаме друга концепција од нашата политика, тоа инаку излегува да не се кандидираме за членови на Меѓународната банка, туку да бидеме сукцесори на членството на Југославија во чиј влог основачки сме учествувале и со тоа добиваме право на членови, основачи.

Според тоа не можеме да донесуваме закон, тоа се работи надвор од неговата непосредна задача. Или зошто одиме со југословенски пасош. Непризнавањето е во тоа што не ти го признаваат ни твојот пасош и да го имаш. Не можеш ако не си признат и пасошот не тие признат да одиш во некоја земја која не те признава со твој пасош или да истакнуваш знаме. Сега кога бевме во Турција знаме можевме да истакнеме, немавме наш пасош, а ќе ни го признаеја нашиот пасош, меѓутоа немавме пасош, но еве Законот е во постапка и сите вие на тоа работите.

Според тоа, тој дел од нападите воопшто и критиките и замерките не ги сметам дека нешто значат во оценката да биде негативна на господинот Денко Малевски.

Останува ова, како тој ја разбрал нашата надворешна политика и како ја интерпретира. Го сфатив дека тој избрал правилна насока. Централно прашање на кое треба целиот тој да се даде и сите ние да помогнеме е борбата за побрзо меѓународно признавање на Македонија. Сега која тактика ја скроил и дали води кон добро таа политика. Господинот Малески целокупната своја стратегија и сите досегашни настапи ги заснова, колку јас го разбирам, ако го разбирам од неговите излагања по комисиите, јавните настапи, овде што држеше воведно излагање, заснова на фактот дека Македонија ги исполнува сите услови да биде меѓународно признаена. Тој смета и така ја поставува целата надворешна политика дека Македонија ги исполнува сите потребни услови да биде меѓународно призната. Доказ та тоа мое, од меѓународен карактер, извештајот од Арбитражната комисија на Европската заедница која ги разгледа сите факти во Републиката, целата политика што се води вклучувајќи ги и меѓунационалните односи, вклучувајќи го и развојот на демократијата и донесе свој извештај. Тој извештај: е дефинитивен став на таа комисија и не само претседателот, туку и членовите, тоа се претседатели на 5 уставни комисии -во Светот.

Нашата расправа овде кога се судираме по ова прашање со господинот Малески дали избрал основна точка на што се заснова неговата стратегија, тогаш не доведува во ситуација се мисли на сите критичари дека тоа што Бадентеровата комисија го докажал не е туку има и нешто друго и тоа другото е недоволно демократија, се раѓа неокомунизам, недобри меѓунационални доноси итн. Тој дел од активностите тоа влегува во еден друг контекст во оние вкупни напори што се прават околу тоа да се докаже дека Македонија не ги исполнува сите услови. Меѓутоа, не му кажувам оние дека тој да launчеме наместо извештајот од Бадинтеровата комисија како

основен доказ за исполнувањето на сите односи требало уште нешто да земе предвид што ние уште имаме направено, а тоа е по извештајот на Бадинтеровата комисија направена е спогодба за мирно повлекување на армијата, па да му ги зајакнеме позициите и да кажеме дека се повлече Армијата, нема ни еден војник овде на туѓи воени сили, дека тоа е постигнато по мирен пат со демократски средства. Тогаш, ако тоа му го укажеме, а тој недоволно го користи како аргумент покрај извештајот на Бадинтеровата комисија, тогаш неговата позиција не е доволно активна, не е доволно јака. Или ако имаме уште нешто што во меѓувреме сме го постигнале инаку да се обидеме да докажеме дека Денко Малески неправилно води меѓународна политика заради тоа што целата своја активност и сета аргументација ја заснива на Бадинтеровата комисија каде се тврди од проверен меѓународен субјект квалификуван н признат дека Македонија ги исполнува сите потребни услови да биде меѓународно призната и се впуштиме во доказ дека не е точно, туку не ги исполнува условите, па уште ова не направила, она не направила, ве молам треба да се види што работиме и за кого работиме, околу тоа треба да размислиме доста добро.

Затоа, господа треба да видиме од денешната расправа покрај оваа точка што ја изземал господинот Малески и успешно ја брани до сега и досега останал на тврдењето дека сите услови ги исполнува дури и трите посебни барања на Европската заедница што беа поставени спрема Македонија од Грција, што е уште заслуга на нашата меѓународна политика. Господинот Малески ја интерпретира, но таа политика е направена овде во овој Парламент и негова заслуга е што успешно ја интерпретира. Јас мислам дека една добра заслуга и показ на Европа со кого овде има работа е фактот што и покрај големите штети што ни се нанесуваат од блокадата

што ни ја прави Грција и со тоа дава прилика и други да не блокираат во Југославија на пример нашиот Северен сосед Србија и покрај незадоволството што нема никаков аргумент Македонија да не биде признаена, а сепак Грција истрајува во тоа, во Македонија не се разгоре антигрчкото расположение, немаме масовно воспалување на масите, неразвиваме антигрчко чувство. Тоа говори господа дека таа наша политика има една длабока вкоренетост во вербата на овој народ во иднината во која еден од основните елементи е дека таа Грција е тука и дека со неа ќе мора да се соработува. Ние имаме разидување со денешната грчка политика во однос на нашето меѓународно признавање без оглед колку се крути тие со оваа политика што ја водиме мислиме дека ќе останеме и ќе ги совладаме сите пречки. Останува фактички нашата определеност да градиме добри соседски односи со Грција и понатаму.

Овие работи мислев да ги кажам, сакам да го изложам моето мислење дека е убаво да расправам еза било која област и по интерпелации и по извештаи на анкетни комисии и тука не ќе можеме да избегнеме дури и некои чисто партиски интереси, некои лични прегреаности и загреаности, но нашата основна задача колку и служиме на нашата држава, на нашиот народ, на граѓаните во Македонија се проценува само колку со целокупното наше ангажирање ќе помогнеме прашањето што е на дневен ред по таа расправа да ни биде појасно да бидеме побогати во сознанијата и да имаме поголема верба дека ќе успееме во некоја ориентација што сме ја земале.

Оттаму, по мое мислење, оваа распра по интерпелацијата треба да ја завршиме денеска, ако треба со гласање да ја завршиме меѓутоа денеска да ја завршиме, мое лично чувство е дека во расправата, во основа немаме некој приговор на вршењето на функцијата на господинот Малески, дека тој

успешно ја креира нашата стратегија таму ја предлага овде, а исто така и правилно ја интерпретира и да го пуштиме во овие моменти, тој утре-задутре треба да се сретне со функционери на Европската заедница, треба да го пренесе нашиот став, треба да преговара можеби со грчките функционери, ако сме убедени дека тоа добро го прави, а немаме ни еден приговор овде не беше изнесен од таков аспект, тогаш да му дадеме поддршка и да очекуваме тој да си ја заврши работата, а ние да си ја завршиме нашата работа овде.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, неочекував дека претходниот дискутант ќе се занимава, всушност ќе прави обид за психоанализа и да се занимава со задните намери на нашата иницијатива, или да прави проценка на иницијативата наместо на дискусиите на пратениците да се спротивстави со аргументи и да докаже зошто не е одржлива нашата иницијатива.

Исто така, накратко би се осврнала на некои етикетирања што беа кажани во дискусиите на претходните дискутанти, како што е оценката дека нашата интерпелација, иницијативата е милитаристичка, претставува обид за дестабилизација и т.н. Исто така, сметам дека не е во духот на парламентарната демократија кога еден пратеник ќе стане да говори во име на собраниска комисија, а да дава совети на пратениците од цела пратеничка група и да прави оценка на нивната иницијатива. Мислам дека за такво нешто нема овластуваше од Комисијата, мислам на Комисијата за надворешна политика.

Што се однесува до некои етикети дека се работи за некои предавници мислам дека на сите за жал ни се познати тие етикетирања во стилот на поранешната УДБА. Сметам дека тоа е под достоинството на македонскиот повеќепартиски Парламент.

Исто така, како потпретседател на партијата ВМРО- Демократска партија за национално единство сакам да укажам на јавноста дека нашата партија е демократска и воопшто во статутот не станува збор за некаква револуционерна организација, туку е еден од дискутантите, кога го спомена тоа, тоа може и од стенографските белешки да се провери укажа на историското значење на оваа организација и таа е всушност, кое што е прв дел од нашето име им припаѓа на сите македонци, па и покажа кон пратениците од другата страна на Парламентот.

Сметам дека иницијативата што ја поднесовме, а таа датирана на 28 јануари, исто така е предмет на манипулација како и повеќето иницијативи на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Согласно Деловникот ние требаше да добиеме одговор од страна на Владата во рок од 30 дена. Денес сме 14 април. Фактички со самото ставаше на дневен ред на седница, дури после толку долг временски период оваа иницијатива смислено е девалвирана. Аргументите што се наведени во иницијативата, исто така барањето да се формира една комисија од страна на пратениците, која што би била составена од пратеници од повеќе партии, комисии која што би имала достап до фактографијата, поточно стенографските белешки, пообемни информации околу преговорите што ги водеше министерот за надворешни работи, господинот Денко Малевски такво нешто не е сторено. Напротив, оваа манипулација се состоеше во тоа што нашата интерпелација е преформулирана, што исто така е спротивно на деловникот, на духот на парламентарната демократија во точка "Информација по меѓународната активност на Република Македонија". Јас тогаш бев отсутна и во наше отсуство, како партиска делегација бевме во рамките на партиската дипломатска активност во Република Бугарија бевме овде етикетирани итн. и немавме можност да дадеме одговор.

Исто така, во рамките на дискусијата по оваа информација претседателот на Републиката, колку што подоцна бев запознаена со стенографските белешки и со она што го пишуваше печатот излезе во одбрана на министерот на македонската Влада. Сметам дека тоа не е примерно на еден повеќепартиски систем, претседател на Влада да брани министер на една таканаречена експертска влада.

Заклучоците по повод оваа точка ни се упатени како мислења на Владата на Република Македонија по повод интерпелацијата. Исто така, на неколку седници беше отсутен министерот така што и на овој начин е девалвирана нашата иницијатива.

Сметам дека воопшто не треба да не вознемирува и воопшто не би требало во овој парламент да преовладуваат етикетирања и емоции туку како што рекоа некои од пратениците да се учиме на демократија и да бараме од оние кои што прават политички проценки, учествуваат во политичкиот живот, даваат изјави, подоцна да видиме ако не се реализираат тие изјави, ако не се реализираат тие проценки тие луѓе треба да сносат одговорност. Мислам дека тука нема ниту ништо предавничко, ниту нешто нихелистичко ниту нешто што ја дестабилизира Македонија. у

Пред се, јас би тргнала од фактот што иако од страна на водечки политички личности во Македонија повеќе пати беа давани изјави дека Македонија ќе биде признаена утре од страна на Италија, исто така беа давани изјави дека Македонија задутре ќе биде признаена од страна на Австрија па на Америка и т.н. Ќе ве молам ние се изнаслушавме такви изјави. Сакам да кажам дека оваа иницијатива е најдобронамерна. Ние како македонска партија трајно сме загрижени што процесот на поширокото меѓународно признавање се одолговлечува. Мислам дека тоа е заедничко чувство на сите граѓани на Македонија и не би требало овде на овој начин да разговараме туку да говориме за причините зошто сеуште, иако беше најавувано и од страна на министерот дека на тоа заседание на Европската заедница ќе бидеме признаеме, па на следното гледаме дека ни на б април не дојде до признавање од страна на Европската заедница. Мислам дека тоа е погубно за граѓаните на Македонија, а уште повеќе го подгреваат некои новинари, кои што преку средствата за јавно информирање особено

преку информативните емисии ги ставаат граѓаните во ситуација секоја вечер да голтаат "балони". Им се ветува, се даваат изјави дека вака ќе биде, повторното непризнавање се правда, се одолговлечува, се филува и т.н. Мислам дека после 6 април сите го изгубивме трпението и тоа остава страшни последици не само за економската состојба во Македонија, туку исто така и за внатрешниот мир и граѓанскиот спокој на секој граѓанин на Македонија.

Што се однесува до министерот за надворешни работи јас би му поставила едно прашање. Ние многу добро сме запознаени за однесувањето на Република Грција, исто така за нејзините ставови во Европската заедница околу признавањето на Република Македонија и имаме разбирање за тоа, но исто така би споменала тука и некои новинари од македонската телевизија кои што навредливо се однесуваа кон нашата соседна република и ја нарекоа "тврдоглава". Мислам дека тоа е еден обид еден новинар, независен новинар не смее да си го дозволи особено кога сакаме да негуваме добрососедски односи, да дојде до дијалог помеѓу Македонија и сите соседни земји.

Што се однесува до прашањето, господине министре позната ни е непопустливоста. на Република Грција но повеќе од чудно е зошто не се бара признавање и од другите европски земји кои не се врзани со принципот на консензус на Европската заедница, на пример од Полска, од Чехословачка, Унгарија, Русија, Украина итн., а исто така и од земји на Африка и Азија со кои што е општо познато дека некои наши водечки политички личности имаа контакти подолго време, имале добри односи со тие земји, или пак биле дипломатски претставници на право Ирак.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благоја Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Јас се искажав околу иницијативата за интерпелацијата, меѓутоа се јави по втор пат за збор, после настапот на господинот Мухамед Халили. Со оглед на тоа што во тоа што беше искажано овде на говорницата остана да лебди едно гледање на работите како што се почесто ни се случува во Парламентот и со оглед на тоа што господинот Мухамед Халили многу често со делегации на партиите, кои што ги претставуваат како пратеници овде во Парламентот престојува надвор од Македонија се почесто во разните институции и органи на Европската заедница и таму се кажува најверојатно една вистина за состојбите во Републиката целосно, една вистина за меѓунационалните односи која што отприлика може да оди апсолутно на линијата што остана да лебди после неговиот настап овде во Парламентот.

Имено, господинот Халили со делегациите од партиите ПДП и НДП патува сосема слободно во сите европски земји, како слободен граѓанин на оваа држава, се бори за интересите на граѓаните кои што ги претставува и во Парламентот и во Републиката што како што знаеме апсолутно не е случај со една Албанија, апсолутно не е случај со една Грција, апсолутно не е случај со една Бугарија, апсолутно не е случај дури ни со една Англија, Франција и т.н. На тие надворешни средби често пати во моментите кога ми беше најтешко се заговараа состојби се аргументираат состојби често пати апсолутно не потврдени како што е аргументот за некаков висок процент на застапеност на албанската националност во Македонија кој што не е верифициран со тоа што албанците не излегоа на пописот и т.н. Се оди со' аргументи коишто треба да покажат дека Македонија не е демократска земја дека Македонија иако позитивно се искажала Бадинтеровата комисија

не ги задоволува сите норми коишто ги пропишува цивилизирана Европа за да една земја биде меѓународно признаена и дека треба сите однадвор кои што имаат право да не признаат да се стрпат со признавањето додека тие работи внатре да се решат, да се доведат по теркот кој што апсолутно не координира со се она што значи решение на тој план и во таа Европа од која што се бараат такви решенија.

Мислам дека во неколку наврати досега сум кажал дека се она што јавно ќе го кажеме дали од оваа говорница, дали при нашите средби со избирачите или било каде надвор има огромна тежина и дека сето тоа што ќе биде кажано овде се впива од обичниот граѓанин којшто нема доволно информации да знае да процени дали нешто што е кажано овде на оваа говорница е токму така како што е кажано и дека токму заради тоа и заради тоа што во нас гледаат негови претставници често пати, да не кажам слепо, туку сто постотно верувам на тоа што е кажано. Оттука е многу тешко да се каже на оваа говорница дека за непризнавањето на Македонија пресудна улога имаат лошите меѓунационални односи во Републиката дека тоа е примарниот елемент дека апсолутно на иднината на Македонија не влијаат нашите односи со Грција при што сакам веднаш да кажам дека на иднината на Македонија влијаат нашите односи не само со Грција туку и со Бугарија и со Србија, па дури и со некоја Литванија, дури некоја Јапонија и т.н. Исто така сакам да кажам дека е навистина неодговорно и навистина е узурпација на правата кога се зборува за меѓунационалните односи, постојано албанците да зборуваат за меѓунационалните односи во името на националностите пред претставниците на македонскиот народ како да не станува збор кога се зборува за меѓунационални односи, за односи помеѓу

Албанци и Турци, за односи помеѓу Турци и Власи, помеѓу Турци и Срби, Македонци со сите нив, и дека постојано кога зборуваме за меѓунационалните односи, ние зборуваме во името на сите националности. Никој не сака да каже дека сите ние кои што ги претставуваме граѓаните во овој Парламент имаме огромна одговорност за објективното информирање и за се она што се случува во државата. Дека сите ние сме заслужни и за добрите и за лошите меѓунационални односи, дека не може како што денес направи господин Халили, лошите меѓунационални односи во Републиката да ги адресира само на односите на едната страна дека другата страна апсолутно се што прави е во функција на тоа да бидат меѓунационалните односи добри не споменувајќи апсолутно какви ефекти предизвикуваат одредените настапи на раководството, на пример на партиите на ПДП и НДП, какви ефекти ќе предизвикаат на другата страна некои потези кои што беа дури и стимулирани и поддржувани. Како што беше шетањето на белите коњи во Тетово после изборите не мислејќи дека ако во Тетово околу 73% од одборниците се од албанската националност дека таква или слична е ситуацијата пак во однос во Републиката кај Македонците во однос на албанската националност и во однос на другите националности и дека белите коњи во Тетово ќе изиритираат бели кон>и на друго место во Македонија. Никој не сака јавно да каже што значат последните манифестации на ниво на Републиката, што значат картите што се цртаат и шетаат низ Република Македонија. Никој не сака да каже како влијае на меѓунационалните односи тоа што албанската националност криво се информира дека прашањето на Албанците ќе биде решавано одеднаш и на

единствен начин имајќи во предвид дека е сосема јасно дека надворешните граници на бивша Југославија нема да се менуваат и дека не може без договор на сила никогаш да се променат и дека прашањето на Албанците во Албанија ќе се решава во Албанија, дека прашањето на Албанците во Косово ќе се решава во Косово во рамките на Србија, најверојатно преку автономија како федерална единица заради тоа што постоеше. Дека прашањето на Србите во Книн ќе се решава во рамките на Хрватска итн. Прашањето на Албанците во Македонија ќе се решава со Македонците во Македонија, со Турците во Македонија, Власите, Ромите итн. И дека барањето на политичка автономија не е поддржано ниту ќе биде поддржано никаде во светот заради тоа што политичката автономија значи федерализација, значи промена на границите, внатре во Република Македонија. Никој не сака да каже дека ако се даде политичка автономија на население кое што учествува со 23% зошто не би се дало на население со 8%, со 3%, со 2% и да настанат политички автономии во Македонија на Турците, Власите, Србите, Ромите итн. Со таквите наши односи сите придонесуваме да се влошат меѓунационалните односи, да се потига тензијата, да се сее недоверба дека некој игра игри под жито, дека некој има лоши намери. Да се искаже овде на говорница дека Владата на Република Македонија со својата политика директно оди на дестабилизацијата, на рушење на меѓунационалните односи итн., и дека таа на таков начин влијае на меѓународното признавање на Македонија.

Ние можеме да прифатиме дека она што го зацртавме во Уставот, кое што е оценето во целата демократска, светска, европска јавност, од најстручната комисија- Бадинтерова дека навистина се работи за Устав

темелен на граѓански основи, Устав кој што кај сите се основните човекови права и слободи гарантирани, и дека корпата на правата на националностите е една од најобилните во Европа итн. Дека во такви услови може да стане збор само за тоа дека некои од тие определби споро се операционализираат. Но, тоа е случајот не само со законите, со кои што ќе се доразрешат нерешените проблеми во оваа сфера, туку е тоа случај и за тоа ја критикуваме Владата и самите себеси се критикуваме со се она што значеше операционализација на Уставот преку системските закони итн.

Оттука мислам дека вакво еднострано адресирање за одредени состојби кои што и јас не ги ценам нај- нај уредени кога апсолутно се занемарува дека навистина се прават напори да се разрешат определени состојби" во образованието, определени состојби со конституирањето на општинските собранија итн., но работи кои што бараат и кадри и материјални средства и време, дека станува збор и за објективни потешкотии итн., за тоа може секогаш да разговараме. Меѓутоа, дека еден е се крив, а другиот е се прав, дека едниот ја сноси вината, дека за тоа треба да биде казнет на меѓународен план, дека не треба Македонија да биде за тоа признаена , тоа е апсолутно неприфатливо. Ние имаме огромна одговорност како ова што ќе го кажеме од овде ќе го прифатат нашите граѓани и како тие граѓани ќе гледаат на мене , на Владата, за која што е кажано дека денеска деструктивно делува врз меѓунационалните односи итн.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ** (Продолжение):

Затоа, ве молам одговорноста е обострана, секој од нас кој претставува некого овде, прво треба самиот одговорно да се однесува спрема тие што ги претставува, самиот треба да влијае да се почитуваме еден меѓу друг прво пред своите, а потоа да го бара истото од другите. На таков начин само имаме изгледи оваа Македонија во која сме осудени сите заедно да живееме навистина да стане простор во кој ќе се почитуваат луѓето меѓу себе само по човештината, само по стручноста, само по знаењето, само по чесноста, а не по тоа кој на која нација или која концесија припаѓа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Мухамед Халили, само ве молам да не ја претвориме расправата во расправа за меѓунационални односи. На дневен ред е интерпелацијата за работата на членот на Владата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас не би излегол да не бев прозиван, меѓутоа сега е деловнички ред бидејќи бев прозиван. Да ви кажам право дека јас пак ќе одам во Европа ако луѓето ми изразуваат доверба. Секогаш кога сум бил во Европа ништо не сум рекол против Македонија, како и моја држава и моја татковина, туку сум рекол против дискриминаторскиот однос на органите на власта во Македонија. Да знаете, тоа што сум го рекол надвор нема ништо, ама ни една запирка повеќе од тоа што сум го рекол тука во Собранието. ,Во тоа ве уверувам.

Повод за мојот престој сега во странство беше тенденцијата на Владата за рестрикција на постојните права во сферата на законодавната дејност. Конкретно Законот за личното «ме и Законот за кривична постапка. Тоа што сум го рекол таму ќе го повторам тука.

Јас се согласувам дека ние сега почнуваме да градиме демократија, меѓутоа, да се фалиме за демократија, за еден закон кој е многу порестриктивен од Законот на српската кралевина од 1921 година, извинете, за тоа не би сакал тука сега да зборувам и не би сакал да кажам дека тука има некаква голема демократија.

А за она другото, иако јас сум имал малку и поинаков став, треба сите да знаеме, немојте да кажеме пред народот тука дека ова светот нема да го признае, тоа нема да го признае. Иако јас лично не сум се залагал, меѓутоа, еве тука кажувам, политичка територијална автономија е предвидена со европски документи, тоа е точка 35 од финалниот документ на Човековата димензија во Копенхаген. Ако тоа не е предвидено, мораме тука да кажеме дека не е предвидено. Јас ви кажувам дека е предвидено п тука ништо нема спротивно на европските документи. Меѓутоа, тука пречката е друга. Вие не сакате ние да бидеме конститутивен народ. Сакате да бидеме малцинство. Малцинство не можеме ние да бидеме според она што вие тоа го сакате. Малцинство или ќе бидеме според европски документи, каде ќе биде вклучена и автономија, или нема да бидеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам со овие вакви расправи кои се надвор од дневниот ред да не продолжуваме.

За збор се јави господинот Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, по се изгледа моето барање воопшто не влијаеше кај претседателот на Собранието, а по се се уверувам дека воопшто не влијае ни кај другите пратеници. Излагањето на господинот Ханџиски го оценувам како сосема непотребно од првиот збор до последниот. Според тоа што кажа господин Халили воопшто не може да се доаѓа до такви заклучоци. Единствено ако ние во нашите глави не живееме вечно или не сме премногу оптоварени со предрасуди дека кога Албанецот на говорница кажува нешто, размисли бидејќи за тоа има многу прашалници. Ако работите на овој Парламент така ги гледаме, дајте да си одиме дома, дајте луѓе нека дојдат, Македонија има вистински луѓе кои мислат подеднакво за сите и се залагаат подеднакво за сите. Оваа Македонија, бидете убедени, ќе им припадне само на тие луѓе. И овој Ешреф Алиу ако не е таков, не му припаѓа што сака нека каже, колку сака нека му биде криво. И светот нема да признава друга Македонија, никој нека не се залажува. Јас апелирав, трудејќи се да бидеме конструктивни до крај, водејќи сметка за севкупните залагања и за сите задачи и одговорности што ги има овој Парламент, ова Собрание, сите пратеници заедно и секој посебно, меѓутоа јас нити имам сила, ниту имам желба ниту да командувам ниту на луѓето да им забранат да кажат што ќе им текне, што ќе им падне на памет, во моментот кога се разговара. Зарем воопшто не ни е јасно или не сакаме да ни биде јасно дека се работи за една иницијатива на една парламентарна група наречена интерпелација за преиспитување на конкретната работа, дејствување на министерот господин Денко Малевски. Кој до сега освен некои прашања кои му беа

конкретно поставени зошто не можеме да ги успориме, на некого му се јасни, на некого не му се. Од неинформирањето луѓето не знаат и ред би било да се каже збор два или да се даде одговор како стои тоа што го интересира дотичниот или дотичната што поставува прашање. Ни еден аргумент ама баш ни еден до сега не се кажа, заправо нема поткрепа зошто е таа интерпелација, освен да сакам јас сега да изманипулирам да бидам деструктивен, можеби некој сака или мисли или сонува дека сеуште е моќен и има инструменти на тајни полиции и на господинот Малевски ќе му се нареди ќе се направи една таква блокада, ќе се земе во прашање, ќе се направи едно дебело досие кое ќе ги удоволи сите желби на покренувачот на иницијативата. Ако ни е до тоа, таа работа не е за овој Парламент. Дајте таа работа нека се направи во јавноста и нека ја направат тие што можат да ја направат.

Ве молам, јас пак сакам да се воздржам, излегов да кажам многу работи, нарочно нема да кажам и не навлегувам во сегментите во што веќе се воочува дека нарочно се сака да се одбегне од тоа што е на дневен ред. Не сум за тоа никој да не се сврти кон себе. Огледалото првенствена задача е секој кон себе прво да го свртиме, а потоа кон другите.

Меѓутоа, ќе останам должен ако не кажам, и господин Ханџиски ништо не кажа за себе. А другиот со име и презиме го опоменува. Да завршам, ако за него остана таков впечаток за дискусијата на господинот Халили, за мене воопшто не беше впечатокот таков, туку прва реакција за мене дека многу отворено во глобала, остра му е забелешката и еден страв кај мене дека таа потполно не кореспондира со вистината. А точка на дневен ред не беше што прави ПДП, пратениците на ПДП, претставниците на ПДП, гласно

говорниците на ПДП, луѓето кои шетаат по Европа. Кога тоа ќе дојде на дневен ред, ред е да се каже и за тоа, а Парламентот има обврска. Владата се задолжи токму за таа тема, за која зборуваше во сегмент господинот Халили, Владата е должна да ни достави извештај за кој ќе расправаме. Договорот беше еден месец. Се плашам веќе сме кон вториот месец при крај. Тогаш ќе разговараме. Но пак како сега, како тогаш како до последниот здив со аргументи. Ние ќе ја градиме иднината, ќе ја градиме заеднички Македонија, ќе ја чувствуваме наша толку колку што ќе имаме простор, убедување, колку што ќе ни се овозможи да се докажеме, да се само докажеме како потполно слободни, рамноправни граѓани. Други опции, други манипулации, партиски, вонпартиски, отворени, затворени во оваа Македонија не ќе имаат простор. Можеби уште некое време, до нови избори, некој месец по нови избори, но работите ќе се разјаснат. Верувам, длабоко сум убеден дека на сите ќе ни биде добро колку повеќе се концентрираме себеси да го контролираме и да бидеме правични кон првиот до нас, ништо повеќе.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**

Јас се јавувам по втор пат за збор и навистина се извинувам, меѓутоа,морам заради дискусијата на господинот Ешреф Алиу. Јас не можам да сфатам како може во истиот настап, во истата дискусија два пати да се биде контрадикторен сам на себеси. Халити изнесе аргументи овде, кажа дека меѓунационалните односи т.е. закочените меѓунационални односи во Македонија се пречка за меѓународно признавање на Македонија. Исто така, изнесе дека заради појавата на некои знамиња во Република Македонија што ги прават некои македонски партии Македонија

не се признава, а од друга страна не покажува интерес Ешреф Алиу и неговиот колега да каже дека среде Скопје беа испишани најголеми транспаренти и знамиња на Голема Албанија. Тоа е за мене болното прашање овде што лежи. Во еден момент ние имаме две три лица. Од оваа говорница треба да ги симнеме маските, ние цел живот со маски не можеме да живееме и јас честопати во некои наврати на состаноци дискутирам дека за љубов се потребни двајца, за дијалог исто така се потребни двајца, освен ако не е монолог. Дајте, допуштете, да отвориме дијалог, дајте да ја видиме вашата спремност, вашата волја дека сте за оваа Македонија да живеете внатре како рамноправни граѓани, да направиме заедничка доверба меѓу себе и да можеме нешто да надградиме. Инаку, ние не можеме вака постојано со едни тенденциозни, со едни смислени опструкции во самата дискусија да ја навраќаме водата на погрешна воденица и секогаш да правиме само раздор меѓу луѓето. Јас конкретно не сум за раздор ни со Ешреф Алиу ни со никој. Меѓутоа, дајте ги аргументите, ако сакате аргументи, изнесете ги, да видиме кои се тие аргументи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Тито Петковски. Само водете сметка да не расправаме за нешто друго. Ние имаме точка на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ќе се придржувам на ова упатство и мислам дека навистина треба да расправаме по точката на дневниот ред.

Најнапред сакам да го изразам своето незадоволство што и претседателот на Владата не е присутен овде кога се расправа за одговорноста на еден министер. И колку да имал обврски, мислам дека мораше да најде простор да присуствува на оваа расправа, а плус тоа не толку пратеници упатија прашања на Владата особено на мандаторот.

Овде во врска со одговорноста на министерот имаше две сугестии односно два предлога. Едниот предлог што го предлага Комисијата за надворешна политика дека нема основ за одговорност на министерот и друг предлог на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека треба да се состави анкетна комисија која ќе испита натаму дали има основ за одговорност на министерот. По мое длабоко уверување елементи за одговорност на министерот врз основа на денешната расправа и образложението на иницијативата нема. Според тоа, останува единствена алтернатива втората што ја предлага Комисијата, да ја поткрепам уште со неколку аргументи.

Верувајте, ако се остари натаму прашањето за одговорноста на министерот да се формира анкетна комисија, ако тој остане со хипотека, ние нема да имаме респективен соговорник во сите овие контакти на Македонија со странските земји околу признавањето. Тој секогаш ќе биде оспоруван министер и кога ќе настапува со странските партнери, ќе биде министер чија одговорност е потенцијално можна и кој можеби треба да поднесе оставка или ќе одговара на една од наредните седници. Тој треба да настапува во меѓународните контакти без никаква хипотека.

Според тоа, контрапродуктивно е за нас како Република ако министерот за односи со странство настапува во меѓународните активности

како министер кој што е под сомневање дека може да биде сменет на една од наредните седници. Мислам дека чиниме штета токму заради идеата за која што денес цел ден разговараме, за побрзото признавање на Македонија.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, јас ќе се задржам на темата што е на дневен ред, на точката, со тоа што сакам да потцртам дека вонредно ценам храброст да се изнесе вистинскиот личниот став овде на говорницата, зошто рака на срце партиите ни се профилирани некако до точката на признавање и спрема признавањето на Македонија, а натаму што ќе биде тоа е сега најважно многу малку имаме конкретни разработувања во партиите, така што е многу корисно и почитувам личен став на оваа говорница.

Во врска со оваа точка, во принцип сум против било какво разнишување во моментот на било која точка од власта и воопшто од конститутивните елементи на нашата држава. Ако се земе било која личност и било која функција, не може ниедна да биде сосема бела или сосема црна, некаде преовладува ова или тоа, во секој случај пропорциите од изборите се овие, направивме што можевме во врска со Владата, во врска со изборите се тоа што направивме и наш свет долг е процесот да го доведеме до крај, Македонија да биде признаена и да биде самостојна. Тоа е мојот генерален став.

Инаку, колоритот, фолклорот, кој како, тоа е нешто што го добивме и е такво какво што е, долг ни е да тераме до крај. Точно по точката мислам и по личноста на министерот и неговата работа дека сретна околност е што добивме една личност во својата суштина демократска. Мора да се каже

дека, ова е многу важно да се потцрта дека демократија е "кондицио сине ква нон" и без тоа ние не можеме никако да влеземе во оние текови во кои што сакаме. Сите заедно, сите партии се деклариравме на почетокот за тоа.

Од друга страна сметам дека исто така во својата суштина е коректен човек и коректно ја води линијата која што е зацртана од ова Собрание, а тоа е меѓународно признавање на нашата држава.

**РАТКА ДИМИТРОВА**: (продолжение)

За волја на вистината, бидејќи не може да биде се црно и бело, морам да кажам, имам една забелешка, во материјалите кои што ги добив за моето патување во Италија, тоа беа материјали кои што пишуваа за нашата Држава, нешто од историјата, многу на кратко имаше две доста крупни превиди. Едната беше придонесувањето во превод на англиски на одлуката на Собранието на 8 август за референдум, беше со некоректен израз опишана волјата на Собранието дека е за суверена држава Македонија со преферирање на сојуз на југословенски држави. Мислам дека тоа е доста крупен превид и една поголема контрола треба на луѓето кои што работата во тоа министерство, или пак да се ангажираат поголем број професионалци кои што ќе работат интензивно околу сѓва, бидејќи секој детаљ во моментот може да биде доста важен. Тоа беше еден детал, потоа имаше некои помалку важни, а еден од покрупните исто така беше после донесувањето на нашиот Шзтав тоа беше 17 ноември, а во описот на нашата власт и конструкцијата, исто така стоеше дека Собранието е надлежно за избор на членови во сојузните тела на република Југославија, дури вклучително и претседателот. Тоа навистина е еден голем лапсус, кој? што не смее и би требало навистина една поголема контрола.

како што реков, сум во принцип да помагаме на секој план и да откриваме вакви работи, да ги елиминираме со време, да си помагаме по партиска линија, поделовна институции, културни, научни, образовни, па дури и лично што можеме да направиме во овој процес да се доврши за што, јас се надевам дека се гледа крајот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, не можам да останам рамнодушен по дискусијата на господинот Котевски, затоа ќе ми простите што во мојата дискусија ќе направам една дигресија во однос на темата која е на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Зибери, ве молам да се држите на темата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако веќе дозволивме седницата да поприма ваков тек, тогаш да бидеме коректни до крај, бидејќи и јас сум навистина и се залагам за тоа конечно маските овде да паѓаат. Навистина од овие пратеници да излезе на виделина вистинското лице. Меѓутоа, без да навлегувам во опортунитет н барањата за автономија, република и не знам што, сведоци сме сите овде дека оваа пратеничка група докрај се залагаше и во своите постапки тоа го докажа дека се залага за оваа Македонија, без оглед дали таа ќе биде унитерна или федерална, дали ќе има автономија или нема да има автономија. Тоа е вистина. А нека процени овој парламент и јавноста на Македонија дали овие пратенички групи се за Македонија кога се залагаат за рамноправност на сите граѓани во оваа Македонија, или се против оваа Македонија оние што овие процеси ги запираат.

Второ, да се покаже и докаже кој е со две лица овдека. Оние што перспективата на оваа Македонија ја гледаат ваква каква што е во овие граници и во овие рамки, или пак работат против признавањето на оваа Македонија, тие што ветуваат дека Солун ќе биде главен град на оваа Република, кој печатат пари со слики на Солун и колку да се искрени и благородни тие идеи на пропагаторите на таквите идеи, практичниот ефект

од таквото делување се покажа, за што сите аргументи Република Грција вешто ги користи денес пред меѓународната јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За ова е кажано за меѓунационалните односи. Кој има да каже за интерпелацијата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа, јас прво се обраќам до господата од ВМРО и ги уверувам со дискусијата на господинот Ханџиски гледате дека не сме во коалиција со СДС. Јас мислам дека ја злоупотреби говорницата, иако рече кога излезе дека некој други ја злоупотребуваат говорницата. Неколку пати изразуваше задоволство за правата на албанците и неколку пати рече дека пречка за признавањето се некои потези на албанците во Македонија. Сега ќе се поврзам и со господинот Денко Малески од кој ќе барам некој одговор. За да знаеш дали албанците имаат права и се задоволни со сите тие права, јас мислам дека во овој случај господинот Ханџиски треба да биде малку и Албанец. Затоа господинот Ханџиски изразува задоволство дека правата се на албанците такви што не претставуваат пречка. Господинот Котевски исто така праша дајте, бидете искрени дали сте да живеат во оваа Македонија заедничка. За Македонија која заговара Котевски , искрено да ви кажам не би сакал да кажам во таква Македонија. Меѓутоа, бидејќи интерпелацијата се однесува за господинот Денко Малески, наш министер за надворешни работи, тука е човекот, имал контакти, а денеска дефинираа повеќе тие што имале контакти со европските фактори, нека каже пред нас, иако еднаш кажа, дали се пречка албанците како албанци, или дали е пречка некоја

политика внатрешна во Македонија во односите македонци, албанци, односно со другите националности, затоа што ние сме сите контрадикторни за овој случај. Многу ми беше задоволство кога пратеничката група на ПДП гласаше за третиот став за меѓународното признавање на Македонија и кога го прифативме таму второто поглавје од документот на МААК. Тогаш изразивме задоволство, гласаа и господата од ПДП. Меѓутоа, господата од ПДП уште тогаш знаеја зошто гласаат. Гласаа затоа што еве во ташната имам писмо господа исто од тој господин Каринктон, како го замислува внатрешното уредување на Македонија и правата на националните групи. Меѓутоа ние сме толку алергични на тие работи и секогаш се поставуваме дека само ние знаеме колку треба да бидат правата на националните групи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа мора да е некое таинствено писмо, инаку господинот Каринктон се допишува со претседателот. Немојте такви работи.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Зошто господине претседателе такви работи. А што има лошо ако господинот Каринктон ја води таа конференција и ние кажуваме што тој изнесува, зошто се лутиме сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не се лутиме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Зошто се лутиме сега. Зошто и кого иритира тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не не иритира ништо, само сакам да кажам дека ние сме во службен однос како држава со господинот Каринктон и имаме постигнато согласност, кога со било кој друг разговара од Македонија, треба да има присутен и

некој од државата Македонија. И договорено е тоа со нас.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

И за тоа имам одговор. Ако сме во службен однос, како држава во оваа држава сум и јас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да но има службени претставници државата.

Ве молам, немојте сега за друго да расправаме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Секогаш се потенцира дека ние сме тие кои се виновни. Ид неколку колеги јас слушнав од ВМРО дека дословно рекоа вака, Македонија нема да биде признаена. Јас не знам дека некој од мојата партија рекол, некој пратеник од ПДО дека рекол дека Македонија нема да биде признаена.. Меѓутоа, не сме јасни. Обавени се господа разговори со господинот Ругова. Исто така и со нашиот претседател. И немојте сега да се браните со таа реторика голема Албанија. Првата опција е денеска присутна и првата опција е дека конститутивен елемент во оваа Македонија треба да бидат албанците со македонците и оваа држава ќе се вика Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не дискутираме ние за опции. Нема никакви опции, уставот го имаме. Имаме Устав, тоа е . Ако некој сака да го менува Уставот ќе си води постапка, а опциите се дадени во Уставот. Сета друга опција е желба на некој кој ќе си даде канал како си дава. А не на говорницата сега во парламентот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

За што е оваа расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За интерпелацијата, за работата на господинот Денко Малески. тоа ви кажувам ништо друго не е за расправа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тоа што го има во Македонија, тоа морав да го пренесам. Внатрешната политика се рефлектира и како надворешна политика.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, ако ме сослушате стрпливо ќе ме убедите и мене и јавноста дека сме за дијалог. дека некој дозволил овде намерно или ненамерно. по некоја лоша навика да излегува од темата и некого да толерира, други да не толерира, од денес јас лично нема да толерирам. И жилаво ќе го браниме она за што сме дојдени.

По однос на господинот министер, како министер на македонците и на Македонија имам се најдобро да кажам. како министер кој ги претставува и албанците во Македонија, не сум сосема задоволен и нема да повторувам една дискусија на господинот Халили, кога се работеше за надворешната политика на Македонија и кога ние како пратеничка група изразивме незадоволство во таа насока. И сега ќе се надоврзам за она за што излегов. Пред 15 месеци кога во ПДП во Македонија која беше најмасивна и денеска е така, имаше големи дилеми дали да се оди на избори, или не. Причините беа повеќе но една од најголемите причини, пропратена со некој страв, беше многу нерамноправните изборни единици и далаверите кои се припремаа во изборите и несоодветниот изборен закон, изборот за една минута до дванаесет, односно прифаќањето на мнозинскиот закон, на непропорционалниот закон . така да многу партии и многу паметни луѓе

останаа надвор, а овде дојде на некој начин така набрзина и јас повторувам како што рече господинот Марјановиќ овде многу луѓе залутаа во овој парламент. затоа е зрел и презрел да се распушти. но како и да е се решивме да одиме на тие избори и со преполовен состав, само на македонскиот народ пред се да му кажеме што мислиме и како мислиме и од оваа парламентарна говорница да ги разбиеме полувековните заблуди кои се одржуваа овде пред македонската јавност за албанците. Кој се и какви се тое. На ова претседателско место 4 години стоеше албанец кој четири збора не кажа за сортата од каде што потекнува. Такви албанци, веќе не можат да дојдат во овој парламент. Овде некој може да се заканува и со казни и на цели партии и на цели народи, може да се случи како Карло трети пред 300 години незадоволен од холандскиот народ еден ден го осуди целиот на смрт/"но после една година Холандија доби независност. И сега да се вратам на темата. Значи , дојдовме за дијалог тука. Но секогаш овој парламент, оваа Влада пред се, и овие господа министри кои често пати со иронија се смејат, и ако избрани се со моите прсти, а јас не сум избран со нивните не одговорно продолжуваат со своите стари навики. Некој се меѓу нив постари, но многу ме чуди за господинот Ханџиски, типично комунистички говор, празен, без ништо ново. Дојде попис. Однапред се знаеше колку сме. Отстапивме. Дојде референдум . Однапред не пикнаа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Немаше паметен албанец кој сакаше да оди под Милошевиќ во иста власт. Дојде Уставот во кој ние не бевме уставотворен елемент. Пак постапивме така како што постапивме и постапивме со чиста совест. И сега ќе се вратам на правата седница на овој парламент, кога господинот тогашен член на ВМРО-ДПМНЕ, сега член, односно претседател на ВМРО-ДП и претседател

на Координационата група ДП и не знам дали е уште член, можеби некоја друга партија формира, кога ние како новоформиран парламент требаше да честитаме еден на друг за функцијата пратеник,народен депутат тој почна со истите овие зборови, кои еве 15 месеци перманентно ги прекинува. И ако се сеќавате во еден момент спомнато е една работа. Албанците припремаат автономија во западна Македонија. И ова е најделикатното што раце на срце не интересира сите во овој момент. Кога јас му одговорив бев вчудоневиден и навистина така беше кај ја најде таа автономија и како дојде до таа идеја. Лажеше и не се срамеше овде дека прочитал во некој весник а јас се турив од прелистување на сите тие весници и не најдов ништо такво. Значи, идејата беше негова и може би од некаде онаму на кого тој му служи. Паралелно со тоа власта работеше како што работеше. Дојдовме во ситуација една третина од населението на оваа Република тотално да изгуби верба во власта и надеж дека таа власт е способна да реши некој проблем. И во мојот тогашен одговор на Голубовски јас му реков ако дојде до таа автономија, таа ќе биде во крајна нужда. Ова е крајната нужда во кое е доведен дел од населението во оваа Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Положани ова не е партиски митинг. Имаме точка на дневниот ред,

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Ако сме за дијалог, дијалогот треба да го продолжиме, ако не сме кажи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дијалогот го продолжуваме и ние веќе сме постигнале резултати, имаме и Устав, имаме и правен поредок.

Предлагам пауза од 30 минути.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Предлагам да завршиме со расправата и да завршиме со работата по оваа точка.

Дали се согласувате? (Се согласувате)

Го заклучувам претресот.

Кој е за предложениот заклучок содржан во извештајот на Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство, молам да крене рака. (67)

Дали има некој против? (17)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предложениот заклучок содржан во Извештајот на Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство е усвоен.

Дали се состана Законодавно- правната комисија.

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам на првата следна пауза да се состане, за да го. решиме овој амандман.

Минуваме на **точката 19** - Предлог за донесување на закон за привремена забрана на примена на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага наместо предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, со Предлог на закон да

се разгледува Предлогот за донесување на закон за привремена забрана на примена на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно-правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, чувствувам потреба во оваа фаза кога расправаме за Предлогот за донесување на закон некои прашања да ги дообјасниме за да нема никакви дилеми кога ќе поминеме на самиот текст на Законот. Овој закон редица години наназад и во Собранието во поранешниот состав предизвика голем интерес често пати изменуван, осцоруван, критикуван итн., и никако до денес сигурно не се најде формула како да се стават во рамноправна положба граѓаните кои што го решаваат станбеното прашање со сопствени средства со оние што имаат таканаречени општествени станови. Сигурно во вакви услови на висока стапка на инфлација кога се еродира и се се обезвреднува многу е тешко да се говори за некоја правичност. И јас од тука го разбирам и лутањето на Владата околу концепцијата во станбената сфера и како конечно да се излезе од овој лавиринт. Самиот факт што Владата пред извесно време предложи закон за измена и дополнување на Законот за условите и начинот на продажба на станови во општествена сопственост па на истиот тој текст самата Влада даде и два амандмана доста илустративно говори дека нема јасна концепција, односно нема јасна определба како во оваа сфера најправично и во духот на времето да се димензионираат односите. Сигурно дека треба да се постигнат неколку цели. Основна цел е за која ние

се определивме со новиот Устав и системските закони дека решавањето на станбеното прашање е проблем на граѓанинот, на човекот, неговата фирма каде што работи и сигурно со помош на банките кои што се самостојни финансиски субјекти и економски субјекти во системот. И во Уставот запишавме односно го избришавме институтот "носител на станарско право" што значи дека се определуваме дека во иднина нема да имаме станови во општествена сопственост со таков статус што ќе имаат.

Втората цел е државата во оваа фаза на немаштија да обезбеди што повисок износ на девизи, или готови средства за да може да ги вложи во нова станбена изградба.

Трета вредност што треба да се обезбеди сигурно е дека продавачот како сопственик да^-е мотивиран становите да ги продава, што ќе рече по економски оправдана цена,а купувачот да има такви услови за продавање на становите, за да биде мотивиран да ги купи тие станови. И што е најважно што имавме можност да се запознаеме во текстот што Владата си го повлекува од процедура Законот за продажба на становите во општествена сопственост да се утврди реална вредност на станот за да се сочува и постојано ануитетот да се валоризира за да се сочува вредноста на станот. Но, еве сега наспроти сето тоа Владата се определува за најнепопуларниот начин, бара три месеци да се стави во мирување Законот за условите и начинот на продажба на станови во општествена сопственост.

Прво прашање што ми се наметнува и за кое барам одговор е зошто овој закон беше долго време суспендиран, зошто Владата и покрај постоењето на тој закон за таканаречените станови во државна сопственост не утврди начин и критериуми за продажба со што фактички ја суспендира примената на тој закон. Кои се тие цели што сакаше со тоа да се постигне?

Сигурно Владата има направено некоја сметка за тоа.

Трето, дали со ваквата одлука ќе сака да се следи инфлацијата во што јас не сум сигурен што фактички значи рокот од три месеци да се одложи примената на Законот. Дали тоа значи дека во рок од три месеци ние ќе ја совладаме инфлацијата, ќе имаме нови односи во купопродажбата, дали воведувањето на монетарниот систем ќе значи стабилизација на станбената изградба. Немам ниту еден елемент од образложението на Владата во Предлогот на законот од кој што ќе можам релевантно да заклучам интересот на државата во оваа сфера да ја суспендира продажбата на становите, за да можам конечно да се определам, да гласам за тој закон. Впрочем никој не може да предвиди што ќе се случи во рокот од овие три месеци дали стапката на инфлацијата ќе биде многу повисока .за да мораме да се доведеме во ситуација овој закон пак да го пролонгираме,или немоќта е во моментот на Владата да најде вистински инструменти за да го направи реален интересот на граѓаните да ги купуваат, а сопствениците, односно давателите на станот да ги купуваат тие станови. Една друга опасност која што доколку се нема јасна концепција може да избие на површина. Владата во макроекономската политика за 199 2 година во делот за социјалната политика се определи за продажба на становите во општествена сопственост со кои средства има намера да гради нови станови.

Во следната точка 7 се определи за субвенционирање на станарината на оние носители на станарско право кои што не се во состојба да ја отплаќаат станарината. Се плашам, ако се нема јасна концепција да не се доведеме во ситуација во услови кога имаме просечен личен доход 13 илјади динари за месец февруари, или просечна пензија 9 илјади динари да не се најде една висока категорија на граѓани кои што ќе бидат

субвенционирани, па да не биде тоа пресипување од "шупло во празно". Значи, ако се нема јасна концепција сигурно дека резултатите ќе бидат уште попоразителни. Ова го говорам во услови кога се знае дека во Република Македонија, имам податоци од Републичкиот завод за статистика за 1990 година има 88.417 станови во општествена сопственост . Можеби во текот на 1991 година определен фонд од овие станови е продаден. Точна бројка немам колку се продадени, за да може точно да се види на кои средства Владата може да смета доколку сите овие станови ги продаде, за да може да се гради соодветна подолгорочна континуирана политика. Ако и овие сите станови се продадат, сите 88 илјади станови,јас видов во програмата на Владата оперирање со една бројка од 61, или 62 милиони долари да се земат со продажбата на овие станови. Според тоа, многу е битно на основица од 88 илјади станови наспроти 552 илјади станови колку што има во Републиката вкупно од кои значи само 88 илјади се во општествена сопственост, а 463.900 се во приватна сопственост, во лична сопственост на граѓаните, каква стратегија ќе се гради и која е целта на државата и реалниот интерес на државата за да гради политика дали ќе ја суспендира продажбата на овие станови, или ќе создаде поволни услови тие да се продаваат. Чувствував за потребно ако е можно на овие неколку прашања да добиеме одговор за да може да се определиме по Законот за привремена забрана за продажба на становите во општествена сопственост.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, ние веќе 2-3 месеци гледаме одредени закони, тоа е Предлог закон за донесување, изменување, дополнување на Законот за продажба,на станови во општествена сопственост. Имавме еден закон, потоа добивме пречистен текст, добивме амандмани, па на амандманите амандмани итн. Сега добивме нов закон пред неколку дена во

кои основни начела врз кои се заснова Предлогот за донесување на законот е привремена забрана на продажба на станбениот фонд заради зачувување на неговата реална вредност. Јас мислам дека сите оние што сакаа да го купат станот, тие тоа и го завршија. Така што остана уште два три отсто што се двоумат дали да го купат станот, или да не го купат и нема потреба да носиме закон да ги спречуваме и тие два,три отсто, да ги правиме нерамноправни во однос на тие 95% што го купиле станот. Така што ние расправајќи за овој закон три месеци, два три месеци сите што сакаа да ги купат становите ги купија. Ако ние се повикуваме на овој закон од 1990 година Уставниот суд го оцени Законот како уставен. Така што не можеме да кажеме дека и тој закон е неуставен. Мислам дека овој закон по мене не треба да се прифати се додека Владата не изготви нов закон, а овој закон што е за стопираше ќе ги доведеме само оние два-три отсто што .не ги уплатиле становите во една нерамноправна положба во однос на другите.

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас сакам да дискутирам од една друга гледна точка, бидејќи претходните дискутанти ми одзедоа дел од дискусијата. Сакам да кажам и овие оценки што се даваат на Парламентот дека не е ефикасен. Зошто Парламентот е неефикасен. Постапката околу овој закон ќе покаже колку може да биде Парламентот ефикасен ако Владата се однесува како што се однесува. Ние предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за продажба на општествени станови добивме на 3 март 199 2 година. На овој предлог на закон самата Влада стави амандмани и Комисијата на 26 март 1992 година ги разгледуваше амандманите на Владата кои министерот ги прифати во изменета форма и амандманите на пратеници од кои некои беа вклопени, а некои одбиени. Тоа не е битно за ова. На 31 март 1992 година добивме

нови амандмани од Владата макар што министерот ги прифати и ги усогласивме амандманите на Владата со Комисијата. Достави нови амандмани кои не беа воопшто разгледувани. Комисијата и овие амандмани ги разгледа на 2 април 1992 година со амандманите на останатите пратеници кои меѓувремено беа доставени затоа што седницата се одлагаше неколку пати. И затоа имате и прв извештај од Комисијата, а имате и втор извештај од Комисијата. Владата и покрај ова достави трет предлог каде што даде пречистен текст на предложените амандмани во претходната постапка на 6-04. 1992 година. Истиот ден, да не кажам во момент кога ни беа поделени амандманите министерот го повлече овој текст пречистен и најави нов закон кој ви е доставен, тоа е предлог за донесување на закон за привремена забрана на промена на Законот за продажба на станови во општествена сопственост со Предлог на закон. Значи за неполн месец ипол ние имаме 4 предлога од Владата за еден ист закон. И ова што го рекоа претходните дискутанти сигурно Владата нема изградено никаков став спрема овој проблем. Дури сега со овој нов закон и со укинуваше на стариот закон ќе се создадат многу проблеми во однос на примената на стариот, оние што ги купиле становите, оние што се во тек на купување, што треба да ги отплаќаат кредитите, ратите, по кој закон, дали ќе важи оној стар закон бидејќи е ставен вон снага. Тоа ќе создаде големи проблеми. Иницијативата која нашата Комисија од април месец ја има барем овие средства што се собрани од продажба на станови до денеска и кои лежат во банка мртви, обезвреднети за 10 пати најмалку. На секои десет стана изгубени се 9 стана. Гледам дека Владата ниту во овој закон не предлага ништо тие средства да се стават во функција. Бидејќи во член 12 од претходниот закон се вели дека за средствата од продадени станови банката не издава хартии од вредност, односно акции и со овие акции имателите на станови или сопственици на станови ќе станат акционери кои

ќе добијат акции и на крајот на годината ќе делат дивиденда. Тоа е апсурд. Знаме дека овие вредности ќе бидат толку обезвреднети, ниту пак ќе има некакво влијание организацијата, бидејќи овие средства се толку мали и во учеството на одлучувањето ќе немаат никаков удел. Значи организациите чии средства се, не ќе можат ниту сами да решаваат за судбината на овие средства,а банките пак до ден денеска немаат создадено никакви критериуми за поделба на овие средства и овие средства стојат мртви. Значи ниту се доби она што беше интенција на законот, ниту се добија пари за нова станбена изградба за решавање на станбени проблеми на оние кои не го решиле станбеното прашање, ниту пак градежната оператива доби нови средства за поттикнуваше и за вработување во градежната оператива. Ние и покрај сите овие бркотници што се создадоа со овие неколку предлога ставивме неколку амандмани за кои сигурно после ќе излезам да објаснам за да барем оние средства што досега се собрани од продадените станови, ако овој закон се прифати сметам дека треба да ни се одговори на многу прашања, барем да се внесе амандман овие пари да не стојат и понатаму мртви во банка, туку да се стават во функција за да може работните организации овие пари да ги употребат за ова станбена изградба, или пак дури и за развојниот дел како што беше предложено со некои амандмани од Владата за овие средства во изминатиот период.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост како што на сите нас ни е познато предизвика широк и мошне голем интерес кај граѓаните во целата Република. На тоа се должи всушност и големиот интерес кај граѓаните со сопствени средства да го решаваат станбеното прашање. Од тие причини доста големи се реакциите од граѓаните во врска со повлекувањето на Предлогот на законот за измени

и дополнувања на Законот за продажба на општествените станови и всушност повторно забрана на продажба на општествените станови. Пред да ја кажам натамошната моја мисла во врска со самиот предлог би сакал да укажам и да ви обрнам внимание на двата текста. Веќе претходните дискутанти, пратеници укажаа на дел од нив.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Имаме два текста кои се доставени до Собранието во рок од 4 дена . Исти причини за донесувањето на законите, сосема различни причини и оценки.

Во едниот предлог закон каде што се предлагаше измена и дополнување на Законот беше енормно високиот процент на валоризација на остатокот на долгот кој во досегашни услови на висока инфлација, секој месец, ја менува вредноста на станот и го доведува во прашање интересот на граѓаните да се одлучат за склучување на купопродажни договори. Значи високата ревалоризација по постојниот закон на остатокот од вредноста на станот ги дестимулирало граѓаните да ги купуваат становите.

Во Предлогот за времена забрана на становите се вели дека последните две години тие услови се влошија, така што натамошната продажба на овие станови би значело отуѓување на станбениот фонд, далеку под неговата реална вредност. Очигледно дека во вакви нарушени економски односи, монетарна нестабилност, натамошната продажба на становите во општествена сопственост не можеше да се врши без големи загуби.

Основните причини кои што се наведуваат во Предлогот за измените на законот за продажба на општествените станови, всушност и во расправата и на комисиите и во Собранието доби целосна поддршка со соодветните амандмани што беа дадени, се во функција да се создадат можности за побрзо ангажирање на личните средства на граѓаните за купопродажбана стан во општествена сопственост и воедно да се обезбеди, како што веќе беше кажано брзо и девизно ефектирање и ангажирање на градежната оператива.

Меѓутоа што станува сега. Сега со донесувањето на Предлогот очигледно ние денес не можеме да разговараме и расправаме за донесување на соодветен закон кој би ја ставил во функција веќе јасно изразената станбена политика во оваа област за продажба на општествените станови, акумулираше на средства и со тоа активирањето на градежната оператива и решавањето на станбеното прашаше на граѓаните во Републиката.

Испречени сме всушност пред една генерална политика што подолго време е присутна во Републиката и јасно определена да подолго време и не се реализира а со предлагањето сега на овој закон за времена забрана на продажба на овие станови, всушност таа недоследна политика или мерки за остварување на таа политика, продолжува.

Имено јас би потсетил какви дискрапанции се создаваат со прифаќањето на овој закон.

Првиот закон за продажба на општествени станови е донесен во 1983 година. Од 1983 година до донесувањето на новиот закон 1990 година ниеден стан во општествена сопственост, а кој што е во сопственост на тогашниот Извршен совет, СИЗ-овите, општините и становите што се доделуваа по принцип на солидарност, за 7 години ниеден стан не беше продаден, бидејќи имаше политички став Законот кој што беше донесен врз основа на Уставот да не се применува.

Во 1990 година овој закон се измени, се донесе нов закон и повторно во 1992 година, до ден денес ниеден од овој фонд на станови не е продаден, исто заради политички став овој закон да не се применува. Всушност една категорија на голем број граѓани кои што живеат во овие станови се ставени во нерамноправна положба во однос на граѓаните кои што се во работните организации и кои по основ на овој закон може слободно да ги купуваат становите.

Всушност овој станбен фонд во работните организации, бидејќи они се сопственици на становите слободно може целиот овој период од 1983 до 1992 година слободно можеа да ги продаваат становите на своите работници. Единствено граѓаните кои што беа корисници на становите во сопственост на ниво на Република, општините, СИЗ-овите и овие солидарни станови не можеа овој закон да го користат и покрај тоа што овој закон се однесуваше на целиот станбен фонд.

Сега ние имаме еден дискриминационен однос. Прво, меѓу самите граѓани бидејќи едни успеаја до денес да ги купат становите, во иста зграда на ист спрат по сосема различни цени, а од друга страна имаме еден дискриминационен однос, една категорија на граѓани од 198 3 до 19 90 година да не им било дадено можност и покрај тоа што и закон е донесен на основа на Устав, Уставниот суд го потврди легалитетот на законот, не можеше тоа право да го искористат. Затоа мислам дека со продолжувањето на натамошната забрана всушност се поставува прашањето кој сега треба да го плати цехот од обезвреднувањето на становите, дали граѓаните на кои им било забрането да ги купат становите и покрај тоа што законски основ за тоа има, или оној што не успеал за оваа година или две тој закон да го стави во функција, во рамки на глобалната политика што била утврдена во Републиката.

Од тие причини во име на пратеничката група на Социјалистичката партија предлагам овој закон да не се усвои. Предлагам постојниот закон, имајќи го предвид мислењето на Уставниот суд, да си продолжи да важи и по тој основ да се врши купопродажбата на општествените станови,а да се задолжи Владата во рок од 15~дева~да подготви нов текст на измена и дополнување на Законот кој што е во сила и кој од Уставниот суд досега не е оспорен.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господо, мора да признаеме дека Владата и овој Парламент при донесувањето на конечниот закон за продажба на општествените станови ја направи најголемата хаварија што може да постои. Сигурно во модерните држави, мислам во западните земји во ваквите случаеви би требало Владата, која што дозволи на ваков начин да се носи еден закон да прекумерно се оштетува општествената сопственост што и ние слободно можеме да кажеме дека на некој начин би требало и без основ некој се збогатија, слободно и да поднесат оставки. Но тоа што е направено е направено сега да се сконцентрираме на она што е основно и првенствено.

Потполно се согласувам со претходните дискутанти кога кажаа дека граѓаните се ставени во нерамноправна положба, барем така е во јавноста дека Владата предложи ваков закон откога констатира~ дека подобриот дел на станови се продаде и ги купија тие што требаше да ги купат, така да најде начин тоа да го направи. Така да граѓаните ги ставаме во нерамноправна положба. Тоа значи денес принципиелно и начелно го прифаќаме овој закон, меѓутоа мојот предлог е како да излеземе од една ваква состојба и како сите граѓани да ги ставиме во иста положба. Имено, во член 3 стои дека со денот на влегуваше во сила на овој закон надлежните судови нема да вршат заверка на договорите за продажба на станови во општествена сопственост. Јас мислам дека тоа не е доволно туку напротив треба да се предложи уште еден член во кој ќе стои, а моето убедување е дека се работи за оштетување преку половина на општествената сопственост.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Селмани, сега расправаме само за причините. За донесување на текстот ќе зборуваме подоцна.

**НАИМ СЕЛАМНИ:**

Мислам дека има потреба за донесување на вакво закон. Меѓутоа ќе дискутирам тогаш кога ќе дојдеме на текстот.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во однос на предложениот закон сметам нема потреба од донесување на овој закон. Проста логика е, законите се носат за да се применуваат. Со ова настанува правна празнина да во одредено време ние бидеме бесправна држава, а се залагаме за правна држава. Значи овие три месеци ние ќе бидеме без право во оваа област. Инаку ниту имам ниту сум примал општествен стан. Меѓутоа и од правна страна при ова прекинување на законот, уште при донесувањето судбината се одредува во преодните и завршните одредби или евентуално со донесување на нов закон претходниот престанува. Ова вака административно уфрлување, настанување на правна празнина сметам дека воопшто е неодржливо покрај сите оние околности што ги донесовме.

Околу оној финансискиот дел, си имаме тука странки кои се оштетени поединечно со другата страна може да си ги остваруваа правата.

Во економскиот дел треба да се земе предвид тоа дека одржувањето на оние станови е товар на општествената заедница бидејќи разни СИЗ-ови земаат пари за одржување, а не ги одржуваат становите. И таа економичност треба да се земе предвид.

Друго, одолговлекувањето на примената на овој закон како што беше наведено доведе до овие проблеми, инфлацијата и сл. Ако тој се реализираше благовремено цените ќе беа поразлични. Затоа сметам дека нема. потреба од донесување на овој закон.

Предлагам и да не се поддржи мислењето на ЗПК која го поддржува ова мислење. Сметам нема потреба од ваков закон. И самите место да ги пополнуваме празнините ние создаваме правна празнина во општеството.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас излегов овде само да го изнесам револтот од синдикатот на просветните работници во Битола. Тие предлагаат односно тие не се согласуваат да се изврши забрана на донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост од причини што истите сметаат дека се ставени во нерамноправна положба, со образложение дека во Битола општествени станови кои што беа за борците, истовремено и воените станови, доста луѓе дојдоа за евтини пари до станови. Кога дојде на ред оваа категорија на луѓе за кои знаеме каква им е финансиската положба да можат да ги купат општествените станови, дојде забрана на овој закон. Јас ова го произнесувам само како револт за што истовремено сметам дека и писмено тие ќе се произнесат до Владата.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас досега за многу работи не сум се согласувал со Владата, но денес со пролонгирање на овој закон навистина се согласувам и тоа од следните причини:

Во случај да го донесеме веднаш овој закон во тој случај не само во нерамноправна положба ќе бидат ставени станарите што имаат станарско право но ќе биде и целиот народ во нерамноправна положба.

Знаеме ние досега во едноумието од кога излезе овој закон како се распродадоа набрзина тие станови и пред се ги земаа лица со високи примања. Тој дел што имаа пониски приходи беше помал.

Сега сакаме пак ова да го воспоставиме, што значи набрзина тие што имаа изнад просек примања пак да се уфрлат и за две до три илјади ДМ да дојдат до стан, а ние сме во тој случај во нерамноправна положба.

Јас предлагам да се пролонгира овој закон со тоа што за тоа време Владата да направи една комисија, а тие лица што имаа испод просек примања на нив да им се дадат становите. Но, тие лица што имаат изнад просек примања, како што се спомна 13 и нешто илјади динари просек, кои за тоа време седат во општествен стан но се стекна ле со големи земјишни површини, се стекнале со локали, се стекнале со добри коли, чамци, издаваат дуќани под кирија а да земаат стан за 2 до 3.000 ДМ, тоа ќе биде не само против тие носители на станарско право, но и против сите нас.

За тие лица кои примаат изнад просекот личен доход предлагам да имаме јавно наддавање, лицитација па да можеме и сите ние да учествуваме а не да бидат тие привилегирани лица затоа што седеле они по 10 или 20 години во тој стан.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Околу тоа дали треба или не треба да се донесе овој закон паднаа многу предлози и дискусии.

На нашата комисија лично сметавме дека требаше да се донесе овој закон со тоа што ние поставивме и еден амандман што ќе го дискутираме понатаму кога ќе го разгледуваме текстот на законот.

Амандманот се состои во тоа што рокот од три месеци го сведуваме на еден месец каде што на Владата и даваме можност да изнајде начин и да понуди решение кое ќе биде прифатливо за сите.

Во однос на законот кој што беше донесен пред овој закон дадовме и заклучоци каде дадовме и ревалоризација на долгот на отплатата е секој месец. Но, најверојатно Владата со тоа не се согласи и го даде овој закон.

Сметам дека овој закон треба да се прифати сега за Владата за овој еден месец да се консолидира и донесе конечен став во однос на продавањето на становите.

Кога зборувавме за рамноправноста на граѓаните и кој колку бил застапен во овие општествени станови, има тука неколку варијанти. Нормално е во една ваква сфера, во еден ваков простор на трансформација на општествениот капитал во приватен дека некој ќе биде оштетен а некој не. Едната варијанта е да пресечеме и да ги продадеме сите станови и да наоѓаме начини како тие што се обесштетени да добијат средства за свои станови, а другиот начин, по мое мислење кој што е многу комплициран и кој што навистина бара долготраен процес, тоа е на сите што издвојувале средства за овие станови да им се издаваат акции во висина на издвоените средства па нека се оформи еден пазар на акции. Станарските права ќе си бидат задржани и секој што ќе сака станот да го купи ќе го купи на тој пазар на акции само тогаш ќе биде обесштетен тој што ќе издвојувал навистина. Сметам дека тоа е единствениот начин сите да бидат задоволени. Но, уште еднаш ќе повторам дека тоа е еден долгорочен процес кој што бара и многу други работи. Затоа се сметаше во Комисијата дека овој закон треба да се поддржи со амандманот дека рокот треба да биде еден месец во кој што Владата ќе излезе со стабилно решение. Инаку, иницирани бевме да го прифатиме ова решение затоа што сметавме дека Владата го повлече претходниот закон за кој предлагаше еден друг монетарен систем односно еден друг на отплаќање на становите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас излегов само да констатирам три работи.

Прво, го изразувам револтот како ни на претходните дискутанти на граѓаните за законот со кој се предлага за забрана на купување на становите во општествена сопственост.

Второ, се придружувам кон сите тие дискутанти кои се за продажба на становите во општествена сопственост и

Трето, Владата на Република Македонија се потврдува дека е експресна, си игра со граѓаните и со својот закон за кого се вршат соодветни игри и сака да манипулира и со Парламентот.

Претходно беше изнесено колку пати во текот на една недела се изменети: закон, предлог на закон, амандмани на законот, амандмани на амандманите и на крај да се донесе закон со забрана на продажба на општествени станови.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (Продолжение)

Трето, граѓаните, според овој закон според кој би се продавале становите се делат на три групи. Предимство имаат тие кои имаат веднаш да платат во готово, со девизи, а ние знаеме дека во Македонија немаме плата во девизи; второ, тие на кои им се заробени девизите и третата група на граѓани се оние во најтешки услови, најсиромашните купувачи, со динари, за кои се предвидуваат доста потешки услови.

Јас ќе цитирам дел од едно писмо иако такви писма имаше повеќе во печатот кои исто така се заинтересирани за продажба на општествените станови и на некој начин на сликовит начин ги прикажуваат условите во кои тие работат и под кои сакаат да ги купат становите. Ќе дадам фрагменти од писмо упатено од група на работници вкупно 27:

Ние сме работници кои користиме такви станови, со работен стаж од 22 до 30 години непрекинато во нашата фирма. Но, многумина во фирмата' ни се вработени и брачните другари. Значи, дека една брачна двојка во фабриката работи од 40 до 50 години.

За сите овие години, од нашиот беден личен доход сме издвојувале за изградба на станови за потребите на нашите работници Сега, кога дојде време за продажба на становите, според Законот, може да се види дека за сите овие поминати години на работа практично сме биле изиграни. Додека господата функционери подигаа кредити со мали камати, градеа вили, семејни куќи на нивните деца им купуваа станови мотори и коли, ние, работничката класа не смееме да приговараме.

Се прашуваме дали и нам законот ни овозможува да купиме стан? Одговорот е не? Законот вели, под поволни услови, но кои се тие поволни услови? Зарем поголем услов е продажба на стан со ревалоризација на

остатокот кога знаеме дека еден стан чини неколку иљади милијарди, а тој ист стан е изграден со далеку пониска цена и не е во пазарни услови.

Иако имаме мали лични примања, становите не ги бараме по ниски цени, туку да знаеме што исплаќаме и до кога ќе исплаќаме. Според сегашниот начин на отплата станот нема никогаш да биде отплатен па дури и нашите поколенија ќе работат за паметната одлука на министерот.

Бараме суспендирање на Законот за продажба на законите, а да се донесе закон што ќе одговара на стандардите на работниците, но, спротивно, се придружуваме на сите тие кои се за оставка на министерот".

Сметам дека доста релјефно ги прикажуваат условите и барањата што ги сакаат работниците за купување на становите за кои што истите партиципирале преку издвојување придонеси за изградба на станбениот фонд.

**ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА:**

Почитувани пратеници, најпрво сакам да дадам една забелешка бидејќи на дневниот ред денеска ни е понудено нешто друго на дневниот ред. Знам, во Информаторот под точка 19 ни е понуден Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за продажба на станови во општествена сопственост, со Предлог на закон. Треба да ни биде јасно за што сега расправаме. Овде, од ова што јас го слушнав сега, не расправаме за оваа точка 19 што е понудена во Информаторот, туку расправаме за донесување на закон за забрана на Законот за продажба на општествените станови.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ**: (од место)

Тоа е грешка.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Затоа укажувам на ова да не се однесуваме така, да гласаме едно, а да мислиме на друго. Оваа исправка треба службите да ја направат и во иднина да не ни се предлага ваква работа, бидејќи со она што дополнително сме го добиле станува збор за предлог за дополнување на законот заради привремена забрана за примена на законот за продажба на општествените станови,со Предлог на закон.

Кога сум тука, ќе го искажам моето мислење. Потпретседателот го искажа своето мислење со што потполно се согласувам а еве од кои причини:

Ако ние донесуваме Закон за забрана, а сме се декларирале, барем тука сите, дека сме рамноправни сите, мислам посебно на граѓаните, веднаш да истакнам дека јас не сум од оние кои користат стан или потенцијален кандидат бидејќи сум го решил сам своето станбено прашање, имам своја куќа, но зборувам во името на оние кои не успеале да го решат од разни причини.

Разните причини, според мене, од кои што не го решиле е поради тоа што биле, да кажам, послаби. Токму поради тоа со изгласување на еден ваков закон за забрана на продажбата ќе бидеме спротивни на самите себе си.

Што тоа значи? Тоа значи дека ние, ако донесеме таков закон, сме против она за што се залагаме, и за што тука неколку пати зборувавме, околу остварувањето на Програмата з а работа на Собранието, за донесување на Закон за приватизација. Ние, вака ја забрануваме

приватизацијата. Некој ќе приговори дека забраната е за привремен период. Можеби, но јас не се согласувам со таква забрана и мислам дека луѓето треба да ги доведеме во рамноправна положба и да им овозможиме и на послабите, бидејќи сега не купуваат посилните, во тоа сум длабоко уверен, послабите економски, да им овозможиме и тие да ги купат становите. Тоа е прво.

Второ, ако и натаму оставаме да имаме општествени станови, мислам дека неколку пати е тука истакнато, сме имале случаи за општествената сопственост да велиме дека е сечија, а на крајот ничија. Ако влеземе во еден таков општествен стан, јас сум убеден да не зборуваме за инвестиционото одржување, но за основното одржување сигурно дека ќе ставиме големи забелешки. Длабоко сум убеден и сум имал можност да влезам во такви станови, затоа, да не дозволиме да пропаѓаат тие станови. Вложени се огромни средства, огромен капитал, кој што, ако вака постапуваме, ако донесеме таков закон, значи дека и понатаму ќе го обезвреднуваме тој капитал. Затоа мислам да го поддржиме предлогот да не се донесе законот за забрана.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Од досегашната расправа може да се види дека навистина проблемот или не сака да се сфати што се сака да се постигне со Предлогот или многу тези се заменуваат. Овде слушнавме разни квалификации почнувајќи од тоа дека се запира процесот на приватизацијата, дека е тоа контра нашите определби за пазарна економија, дека се работи за се и секакви други сегменти, дека доаѓаат под удар социјалните словени, групации во нашава Република кои стојат материјално слабо и дека тие ќе бидат под удар над овој закон, дополно други овде из речени слободни и паушални, според мене изведени оценки.

Веројатно во таа замена на тези и ваквиот несериозен пристап во расправата спрема еден ваков закон што има суштинско значеше за Република Македонија имајќи го предвид целиот сегмент на областа во која се регулираат овие односи, веројатно оттаму е и невниманието во овој Парламент кога многу дискутанти претходно дискутираа, а парламентот со една ваква отпуштеност си ја следи својата линија на работа. Мислам дека е тоа несериозен пристап од нас, од пратениците овде.

Корените можеме да ги бараме и поназад од сето ова што се случува. Можеме да ги бараме и поназад од сето она што се случи од кога е донесен законот за продажба на општествените станови, некаде во октомври 1990 година од стариот состав на ова Собрание. И, дека ова Собрание пауштално, поединечно или на некој начин реагираше во јавноста, лево-десно на адекватен начин да се преземе постапка на некој дел да се канализираат тие односи што ги предизвикуваше то.ј Закон и ден денеска ги предизвикува, не презедовме ниту како Влада ниту како Парламент, ниту како поединци, ниту како пратеници.

Всушност, самата лавина на прашања паушални што е предизвикана во расправите по повод овој Предлог на закон за забрана на примена на Законот за продажба на општествените закони е само по иницијалната каписла што ја предлага во едно вакво невреме што се случува се со основниот закон од страна на Владата.

Оттаму, може би и несериозноста што, можеби и деловнички ние на оваа седница, XXXV, на дневниот ред утврдивме, господин Ајдарага е во право, имаме утврдена точка на дневниот ред Предлог ва донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, со Предлог на закон, а всушност, кога дојдовме на таа точка од дневниот ред расправаме за Предлог за донесување на

закон за привремена забрана на примена на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон. Јас не знам како деловнички од тоа би излегле, но тоа е тоа.

Инаку, ЗПК на седницата од 10 април, разгледувајќи го Предлогот за донесуваше на закон за привремена забрана на Законот за продажба на станови во општествена сопственост констатира дека има потреба за донесување на Закон за привремена забрана за примена на Законот за продажба на станови во општествена сопственост од причините содржани во Предлогот.

Комисијата исто така оценува дека има уставен основ за негово донесување и дека начелата врз кои се засновува предлогот се во согласност со Уставот и правниот систем.

По предлогот на законот Комисијата не предложи измени ниту дополнувања.

За да бидеме до крај консеквентни исто така кажувам дека Комисијата ваквиот став и мислење го изгради нееднogласно, со прегласуваше затоа што имаше и различни мислења од она што го слушнавме од оваа говорница, веројатно од присутните членови во овој Парламент.

Во прилог на општата расправа по оваа точка би сакал да кажам и мое лично мислење. Сите дискутанти што претходно дискутираа и претходно се залагаа дека треба да се одложи донесувањето на ваквиот Предлог на закон, нивните предлози би имале рационална смисла и поддршка ако истовремено, користејќи го своето деловничко право, според мене, поднесоа адекватен предлог овде, амандман или некој друг сопствен предлог на закон со што ќе дадеа смисла на неприменувањето на основниот закон за продажба на општествените станови.

Кога овој Парламент расправа денеска по оваа проблематика, треба да биде свесен дека Законот што сакаме со Предлогот на предлагачот да го стопираме денеска во практиката самиот живот го има исфрлено од колосек. Единствената смисла и рацио на секој пратеник овде што ќе треба да го даде својот глас е во таа смисла дека тој закон веќе не функционира, дека сите критериуми во него се поместени, животот, инфлаторните движења ги поместија и дека од пред неколку дена или подолг период, а особено во наредниве денови ако продолжи тој закон да се применува нема да биде закон за продажба на општествените станови, туку ќе биде закон за подарување на становите и дека сите цели што се сакаа да се постигнат со тој закон се надминати или се паднати во вода, јас само така го разбирам предлагачот, особено и во смисла на тоа дека дава и бара одреден временски здив со Предлогот со меѓувреме да најде адекватно решение, да ги воспостави основните принципи и цели што ги имаше и што денеска ги има актуелниот закон што сакаме да го спречиме во примена.

Секаква друга дискусија во понатамошна конотација, веројатно овде и партиските дискусии, можеби забележавте дека се ризикуваат, ако се навлезе подлабоко во проблематиката, мислам дека единственото рацио треба тука да се бара.

Во дискусиите беа изнесени некои мислења дека преоценката на тој општествен фонд на станови се движи, што во документот на Владата го има, околу 62 милиони американски долари. Беше изнесена таква цифра. Прашање е колку тој капитал, со што единствено располагаше Република Македонија и која требаше да тргне во акумулација на средства за да се постигне и другата цел со продажба на општествените станови, а не само

за гол премин од општествена во приватна сопственост, колку тој капитал денеска вреди во банките и колку таа цел ќе се постигне?

Законот што го предлага предлагачот и е во актуелно разгледување пред нас, веројатно нема да ги разреши тие состојби што ги наметна животот за неприменување на основниот закон, туку само ќе ја испере нашата свест дека нешто се обидува да се направи во располагањето со таа акумулација што ја има оваа Република од 62 милиони американски долари, да се задржи одредена вредност и да се воспостави една приближна рамнотежа помеѓу еднаквоста на граѓаните кои досега ги валоризираа купопродажните договори со сопствениците на општествените станови и оние што треба допрва да ги валоризираат и рамнотежата и еднаквоста на граѓаните на огромен дел ан граѓани кои придонесуваа за целиот свој работен век во тој станбен фонд од каде што се градеа тие општествени градови од една страна. Од друга страна што го решаваа своето станбено прашање со лични средства, при тоа не користејќи парични средства од станбениот фонд.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Моето мислење е дека нема причини за донесување на Законот за привремена забрана на Законот за продажба на општествените станови, а дека се и те како созреани причините за донесување на Законот за измена и дополнување на постојниот закон за продажба на општествените станови.

Со донесувањето на тој Закон со кој ќе се измени и дополни постојниот закон, сметам и ценам дека има потреба да се уредат односите кои со одредбите од тој закон се сега уредени, а кои во последно време со енормната инфлација во бесцење се обезвредни општествениот капитал на

станбениот фонд и тоа на следните прашања:

Прво, треба да се уредат односите за заштита на вредноста на општествениот капитал на станбениот фонд.

Со образложението на предлагачот во предложениот закон, се согласувам од аспект на тоа што со нарушувањата во монетарниот систем, како и со енормната инфлација во бесцење е обезвреднет динарот во споредба со марката. Така што испаѓа дека со доследно спроведуваше со Законот и со доследно спроведување на Одлуката за утврдување на цената на вредноста на станот се добива цена која нема никаква врска и е далеку од пазарната и реална цена.

Второ прашање кое со из мена и дополнување на постојниот закон би требало да се  уреди, тоа е постигнување на рамноправност на граѓаните при купување на општествени станови. И овде беше кажано и општо е расположението и реагирањето на јавното мислење дека нерамноправно се стои во однос на сега купопродажно распределениот станбен фонд во општествена сопственост, односно присутна е привилегија на одредена структура на граѓани кои досега извршиле купопродажба на станбените фондови односно истите по сегашни услови не се подеднакво и рамноправно пристапни на сите структури на граѓанството посебно на работниците.

Третото прашање е правичноста со корегирање на неправичните купопродажби на становите што се продадени по нереално ниски цени. Мислам дека уставно е забрането ретроактивно делување на Законот, но постигнување на ефект со измените на законот во делот на правичноста е неминовен во иднина со одредена валоризација на претходно донесените купопродажни договори.

Друго прашање на кое треба да се осврне предлагачот во из мените на постојниот закон е околу наменското ефектуирање на средствата од продадените станови, затоа што членот и одредбата што го регулираше ова со деловните банки и продажба на хартии од вредност односно из давање на хартии од вредност во многу ги девалвира постојните средства и главниот ефект за анимирање на градежната оператива и за станбена намена на средствата е изостаната.

**ПАНЧО МИНОВ**: (Продолжение)

Трето, неминовно е во новиот закон, така да кажам да се предвиди државен орган...кој ќе ја врши контролата на законитоста како во однос на пресметувањето на цената на општествениот стан така и во однос на договорите за продажба на општествените станови од аспект на тоа што овие купопродажни договори согласно одредбите од законот во нивното спроведување, различно се применуваат во праксата. Затоа ќе наведам само неколку примери.

Коефициентот за коригирање на градежната вредност во некои случаи е земен индекс од порастот на цените на производителите на производите во индустријата, а некаде индексот од порастот на цените на мало 1зависно од тоа каде пониска вредност ќе се добие со употреба на истиот коефициент.

Исто така, забележана е пракса заради отсуство на орган кој ќе врши контрола на спроведување на законот самите сопственици не се заинтересирани за реално вреднување на општествениот станбен фонд кој е нивна сопственост и кој се нивни сопствени средства, така да заинтересираните лица за купување на становите во име на претпријатието бара од регистрираните претпријатија во вршат вреднување на становите, кои исто така се поевтини во однос на пресметувањето на станбениот фонд.

Отсуството на купопродажните договори, нивната законитост и правичност во утврдувањето на вредноста да ја утврдува државен орган од аспект на орган како што е републичкиот јавен правобранител и слично.

Предлагам да се донесе заклучок на Собранието со кој ќе се задолжи Владата во рок од месец дена да донесе нов закон.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток затоа што претходниот дискутант го кажа она што јас сакав да го кажам, а и заради тоа што по се изгледа слабо се слушаме, па не верувам и мене ќе ме слушате поради што ќе бидам краток.

Прво, сметам дека нема потреба за донесување на овој закон што е предложен од причините што беа изнесени од претходните дискутанти, бидејќи ги има многу. Најголема е таа што нема доверба односно видување дека после 3 месеци ќе се најдат некои нови критериуми, нови можности за да се предложи нешто поматено од тоа.

Второ, предлагам да се пријде кон измена и дополнување на законот што сега е во живо.

Предлагам Владата да го врати нејзиниот предлог за измени и дополнувања. Доколку Владата не сака тоа да го стори, не знам дали имам деловничко право како пратеник да побарам законот што беше предложен За измени и дополнувања да се врати во процедура и да дадеме придонес за изменување на одредени членови и одредби во него, бидејќи навистина како животот течеше одредени работи се изменијам, но има шанси одредени одредби да се изменат во таа смисла, односно да се коригира она што животот го наметнал, а процесот треба да тече. Да не ја повториме истата грешка што ја направивме со повлекувањето на законот за трансформацијата на општествениот капитал. Беше речено дека за месец дена, или 15 дена ќе се предложи нов, но помина година дена, или мислам дека ќе се повтори истата грешка. Ако сега ова го вратиме мислам дека

никогаш, ни по месец дена нема да расправаме за оваа тема, што ќе биде штета.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи е ова процес на продавање на државни станови, а јас од извршените консултации со одредени структури во Крива Паланка мислам дека не се работи за државни станови, туку се работи за станови кои луѓето од својот самопридонес за становање ги имаат направено. Односно, секој од нас кој заедно со брачниот другар работи 35-40 години еден до еден и пол стан има направено со својот труд.

Заклучок во општината е тие што се со поголеми лични доходи дојдоа до станови и сега во процесот на оваа девалвација на динарот, во процесот на инфлација се знае како и на кој начин дојдоа до становите, меѓутоа заклучокот е другата категорија на луѓе, со ниски лични доходи, кои на некој начин со триста маки се грижат да дојдат до некои средства сега одеднаш се испречува овој закон кој всушност треба да биде за нив да не дојдат до станови.

Сакам да кажам, доколку ние сега го донесеме законот за збрана всушност ги доведуваме во крајно неповолна и нерамноправна положба луѓето што се со пониски лични доходи, а тоа веќе прима и политички и социјални тензии во срединитe, како што е средината во која јас живеам. Мислам дека треба да се најде законска регулатива за можните власници на станови, вили по Водно и така натаму на некој начин да го искористат овој процес на девалвација на динарот со поседување на девизи, да им се

стави крај, меѓутоа, ова како е направено, овие со лични доходи добијат станови така да се направи и на оние со лични доходи да им се овозможи да си го купат станови во кој живеат.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас прво апелирам до вашата свест и совест пред се во овој Парламент за ова многу важно и егзистенционално прашање му пријдеме со еден посериозен пристап отколку што е ова затоа што станбената проблематика е живо прашање за кое очекувам многу посериозна и пообемна расправа.

Уште веднаш ќе кажам дека овде некои, мислам веќе не случајно туку намерно оперираат со поимот забрана и време на забрана. Уште веднаш ќе кажам и ќе се декларирам дека сум за продажба на државните станови односно за нивно продавање и стекнување на приватна сопственост. Меѓутоа, сите оние граѓани кои во овој момент живо заинтересирани очекуваат што ќе биде со нивните станови, дали ќе можат да си ги откупат мислам дека треба да бидат спокојни и дека ќе го стекнат правото на откупување затоа што тоа право им е загарантирано согласно со законот донесен 1990 година. Меѓутоа, овде е во прашање нешто друго. Овде очигледно е повеќе од видливо во прашање цената на станот. Според тоа ако некои граѓани си ги добија становите како поклон овие граѓани сега се заинтересирани дали исто така становите ќе ги добијат и тие како поклон односно дали ќе бидат обесправени во прашањето на поклонувањето, не во прашањето на купувањето. Ако ние сме една сериозна држава, а претендираме да бидеме, ако зад таа сериозна држава и сериозен Парламент стои една Влада која има станови, кои што се државна

сопственост тогаш основно, дури би било и беспаметно така да кажам ако таа Влада не си ја заштити сопственоста што овој момент ја има, а тоа се државните станови. Така да ова што овде се зборува дека е забрана е само една една привремена забрана. Забрана се со цел да се овозможи права вредност на станот да се оцени, меѓутоа, сигурно согледувајќи го овој многу значаен параметар, а тоа е откупната моќ на граѓанинот во овој момент. Според тоа, Владата бара и со право три месеци. Овде има еден амандман кој што вели дека ќе биде еден месец. Зависно од расположението на овој Парламент ние ќе усвоиме едно од двете решенија. Меѓутоа, на тој начин на Владата ќе и оставиме простор кој што таа го бара, бидејќи досега во услови на една ваква хиперинфлација и не можела да стигне до тој параметар да ги процени и куповната моќ и станбениот фонд и да овозможи еден процес кој што веќе тече и понатаму да продолжи.

Друга работа која што исто така мене ми сметам, бидејќи овде социјалата очигледно не е во прашање, меѓутоа јас потекнувам од тие пониски социјални кругови во кој постојано се вели дека работници живеат во овие станови и дека тие работници со толку многу ниски примања не можат да ги платата становите. Јас велам и ја молам Владата да го има ова предвид, ако се оцени дека работници се грото што ги поседуваат општествените станови да се направи да ги откупат по поволни услови, или ако некои им се поклониле досега според продажната цена нека им се поколат. Меѓутоа, втората категорија на луѓе кои што останале, јас барам од овој Парламент да си ги откупат по правата цена на чинење на станот, бидејќи овде живеат и овде има и сериозни граѓани, меѓутоа има и граѓани млади кои според сегашната вредност на станови и според тоа како имаат

можност да откупат, па дури и да се двајца интелектуалци, немаат можност ама баш никаква можност да откупат стан, барам граѓаните што имаат можност да си ги откупат становите по права вредност, да си ги откупат. Затоа што секој еден граѓанин мора да го осети купувањето на станот во својот личен стандард. Никаде во светот граѓанин не откупил стан без да го осети во домашниот буџет. Ние тоа сега сакаме да го премавнеме и да кажеме дека светот почнува од нас. Ќе им ги поклониме на оние што треба да им се поклони, а оние кои што треба да купат, па нека си купат по пазарни вредности. Нека си купат, можеби ќе се подобрат времињата на подобро, меѓутоа и оние кои што живееја во еден благодет досега нека осетат дека кога во животот купуваат стан барем нешто ќе ги чини.

Ја поздравувам иницијативата за привремена забрана и прашање е на оценка на овој Парламент дали ќе биде еден месец или 3 месеци.

**СТРАШО МИЛКОСКИ:**

Веднаш да кажам дека бев, и на Комисијата имав издвоено мислење против оваа забрана. Јас бев делегат во претходниот мандат така да знам со какви тешки маки се донесе овој закон. Овој закон се носеше 8 до 10 години. Проблемот беше околу тоа дали ќе имаме продажба или ќе имаме распродажба на становите. Меѓутоа, законот таков каков што се донесе сепак требаше да значи едно олеснување и да биде една инекција за градежништвото. Идејата на Комисијата за градежништво беше лоцирана практично на две места.

Прво, во законот постои како се утврдува цената на станот, по таа методологија, меѓутоа вредноста на станот се валоризира на крајот на годината. Ние сметавме дека во вакви услови на хиперинфлација практично становите се распродаваат и предложивме на Владата едно решение, кое што како амандман го доставивме до Владата, становите да се ребалозираат секој месец со тоа што ќе се земе коефициентот од претходниот месец. Тука има проблем тоа што индексацијата не може да ги следи личните доходи, меѓутоа, мислам дека во таа смисла, тука некаде Владата треба да го бара решението. Така да се најде едно адекватно решение и да не дојде и до распродажба на општествените станови, меѓутоа да се овозможи на сите луѓе што се заинтересирани да ги купат своите станови.

Второ, идејата беше парите што се собираат од продажбата на станови да се враќаат на организацијата, а да не стојат во банките, како што стои во член 8 да се издаваат хартии од вредност, меѓутоа свесни за тоа дека ова не живее, а градежништвото од ден во ден пропаѓа сакавме како Комисија и тоа го иницираме тие средства веднаш да се враќаат на сопственикот така да со нив може колку толку да му се помогне на градежништвото.

Ние ги дадовме тие амандмани, меѓутоа од Владата не го добивме тоа, туку друг закон кој практично претставува забрана за продажба на становите. Како е деловнички не ми е јасно, меѓутоа, во овој начин со ревалоризација на цената на ставот, адекватно на тоа на примањата на личните доходи треба да се бара тежиштето и на тој начин сите луѓе се ставаат во рамноправна положба, па и тие што и досега не ги купиле становите да ги откупат.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на дијаметрално спротивните искажувања на сите пратеници по оваа проблематика страхувам да и овој предлог на закон во оваа форма ќе помине со одреден број на гласови за негово усвојување. Со оглед на тоа дека останува еден правен вакум помеѓу стариот закон, кој е се уште на сила и за кои сите велиме дека на адекватен начин не ја регулира оваа проблематика, а новиот закон не би требало да се усвои со оглед на реакциите и искажувањата, предлагам Собранието да донесе работен заклучок со кој ќе заклучиме да било како да се произнесеме по овој закон да ја задолжиме Владата и ресорното министерство во рок од месец дена да понуди адекватен закон со кој ќе јас реши целокупната проблематика од оваа област.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Предлогот на пратеникот Наум Симјановски всушност е составен дел на амандманот на Комисијата за градежништво, урбанизам и предлагам аз тоа да се расправа кога ќе се расправа по содржината на законот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, во принцип сум да не се прифати предлогот на законот затоа што и од поднесените предлози на Владата, кои ги имаше повеќе, и кој во последен момент дефакто и не ја почитуваа формалната процедура на донесување на законите со посебниот предлог на закон за привремена забрана на примената на законот за. продажба на станови во општествена сопственост, па аналогно на тоа сметам дека сепак во

Владата постои едно лавирање меѓу она што сега ни е потребно и она што сакаат да го направат. Мислам дека не можат да го направат.

Ако се прочита образложението од кои причини се бара донесувањето на овој закон за привремена забрана на законот на продажба на становите основна поента е дека становите во општествена сопственост се продаваат под цената на сопствената вредност. Сметам дека таквото образложение не е објективно, бидејќи Владата ако го погледне членот 5 ставот 3 каде се вели дека поблиски прописи за начинот на утврдувањето на цената на станот донесува Извршниот совет на Собранието на СРМ, сега аналогно на новите уставни определби тоа е Владата и согласно одлуката, "Сл.весник" бр. 4/1)1, каде е утврдена методологијата за утврдување на вредноста на станот сметам дека таквото образложение на предлогот со кој се бара да се забрани продажбата на становите во општествена соcптвеност не држи. Сметам дека Владата може секој ден да донесува одлуки и да ја корегира вредноста, начинот на утврдувањето на вредноста на станот.

Поаѓајќи од тоа, и градејќи еден правен систем прифатливо е толкувањето е дека со овој закон дефакто се прави една правна празнина затоа што немаме никакво решение во врска со аброгирањето или дерогирањето на еден закон кој е во практична примена.

Од друга страна, од принципиелни причини сум за продажба на општествените станови бидејќи тоа е еден облик на трансформација на општествениот капитал. Сметам дека Владата во контекстот на утврдувањето на вредноста на станот треба да изгради методологија и да ја процени правичноста на оние  кои што треба да ги купат становите,

економската моќ на оние што живеат во становите и другите коефициенти на утврдувањето на таа вредност за да може секој и што учествувал дефакто во градбата на тој стан да ја добие таа правичност. Колку ќе се постигне таа правичност не можам да кажам, а кога веќе тргнавме во градењето на нов облик на организацијата на општествените односи сметам дека трансформацијата на општествениот капитал ќе биде еден од основните облици на организирањето на новиот систем.

Ќе изнесам и некои начелни забелешки во врска со исправувањето на стариот закон, бидејќи се дефакто дефект на стариот закон, затоа што во моментот се непримерни за реално да ги регулираат новонастаните состојби што ги имаме сега на пазарот.

Членот,7 став 3 и 4. Во став 4 вели дека долго се пресметува во годишни рати кои се отплаќаат месечно. Остатокот на долгот на почетокот на секоја година календарска се валоризира според коефициентот на порастот на цените на мало дефиниран во законот за општествен капитал. Сметам дека ова е произволна дефиниција и дефакто тешко ќе се применува во пракса.

Во истиот член став 5 се вели дека купувачот може во покус рок да го отплати станот со плаќање на повеќе рати. Сметам дека и тука се прави едно произволно толкување во врска со спроведувањето на законот, бидејќи уште при заверката на договорите деловните банки не го почитуваат членот 7 став 3 да прават амортизација на неуплатениот дел на почетокот на секоја тековна година, туку со потпишувањето, со заверката на истиот банката прави ревалоризација месечна колку била, што мислам дека е спротивно на членот 7 став 3.

**ТУШЕ ГОШЕВ** (Продолжение):

Во понатамошен контекст главна празнина на Законот и спротивна на членот 55, став 2 од Уставот каде кажува дека сите стопански субјекти се рамноправни, а овој Закон во членот 9, 10,11 и 12 на стопанските субјекти кои ги продаваат становите ги става фактички во нерамноправна положба затоа што добиените пари од противвредноста на заклучениот договор за продажба тие се должни да ги стават во деловна банка, а согласно членот 12 Деловната банка дефакто треба да му издаде хартии од вредност или акции, кои акции понатаму се дефакто непостоечки бидејќи во Република Македонија и немаме пазар на хартии од вредност и за мене овие средства фактички претставуваат контаминиран пласман или изгубени пари на стопанството во банките, затоа што на крај во членот 12 се споменува дека банката е должна на сопственикот на акциите да му обезбеди да управува со средствата остварени од продажба на општествените станови, што мислам дека денес во пракса не е остварено.

Се на се, сметам дека предложениот закон како што се нуди е неадекватен, затоа што содржи и ретроактивни средства самиот во себе во членот 2,а започнатата постапка дефакто значи донесување на одлука на стопанскиот субјект согласно на член 2 од истиот закон. Тоа значи сега дека отстапувањето од Законот ретроактивно ќе ги ништи одлуките на самите стопански субјекти и слободно изразената волја по Законот да го продава станот како рамноправен партнер. Сметам дека овој законски проект не треба да најде место во нашиот систем и Владата треба да понуди практично решение за да не ја сопре продажбата на општествените станови.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Еве, имавме прилика почитуваниот колега Туше Гошев да зборува 10 минути за фалшливоста на законот за продажба на станови, а на крај да извлече заклучок дека не треба да донесеме закон за времена забрана на примена на тој закон. Веројатно извлекува погрешен заклучок или е заморен па му треба малку одмор да си ја олади главата. ТУШЕ ГОШЕВ:

Сигурно на господинот Наќе Стојановски не му конвенира и е спротивно на неговите интереси и сфаќања во врска со таа работа. Само да кажам дека тој треба да прави разлика од предложениот закон против и од дефектите на стариот закон, а тој очигледно не ја прави таа разлика. Јас сметам дека предложениот закон на Владата е неполезен во градењето на правниот систем на Република Македонија. Дефектот создава дефект или правна празнина во регулирањето на таа материја, а започнатите процеси на градењето на трансформирањето на општествениот капитал треба и понатаму да се градат и доградуваат затоа што тие решенија не се конечни и секој пат да бидат примерни во дадениот случај. И ако се во моментот одредени решенија, непримерни треба да ги надоградуваме а не да градиме нови решенија со кои ќе ги стопираме процесите и да немаме ни зрачак на видливост или светлина во спроведувањето на таа работа за која сме дојдени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сега практично излезе дека ќе треба да дојдеме тројца правници и да говориме што чини а што не чини. Меѓутоа, доволно се двајца за да имаме три мислења.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И се од иста комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Забелешката на господинот Петковски е на место дека припаѓаме сите на една комисија, на Законодавно- правната комисија. Ќе кажам едно. Дали настанува правна празнина со времено недејствување односно живееше на еден закон или не. Правна празнина ќе настане ако го запре животот. Меѓутоа, овде се запира прометот со постојните објекти. Ве молам, ако има нема врска секој оди од интерес, двајцата мои ценети колеги искажаа свое мислење од интерес. Не припаѓам на ниту една групација за интерес. Овде што се бара? Да се заштити капиталот. Капиталот кога се штити, тогаш нема интерес, интервенција позната на државата да се меша во правниот промет односно слободниот пазар, односно, меѓутоа, се работи за заштита на капиталот. Во овој случај, јас ќе поканам еден, а знам дека се бави со таа работа, господинот Гоко Бојковски како директор на една производна организација која се бави со градење на станови дали ќе се согласи еден стан да го продаде сега за противвредност на илјада, две или две ипол илјади марки или има друг систем на кој систем парира на инфлацијата. Зошто го прави тоа? Да се заштити себе, односно да го заштити својот капитал. Во овој момент сега државата треба да најде инструменти со кои ќе го заштити својот капитал.

Која е причината да се јавам за збор? Говореа дали ќе треба да се продадат овие станови или не. Господа, станува збор за привилегирана класа. Оној кој се стекнал со станарско право, што значи ако и еднаш било која држава, било како била уредена му давала привилегија, сега тие

привилегии сака навистина трајно да ги материјализира. Што сакам да кажам? Ако едно семество од два члена било носител на станарско право, со смртта на тие двајца ако другите членови на неговите семејство не живееле во тој стан, станот се враќа на сопственикот. А овде што ќе биде? Овој стан се наследува сега, значи сопственикот се менува затоа што некој имал привилегија за која не платил со ништо јас ја одобрувам Ѓулистана Јумеровска кога кажа не може никој да се стекне со имот, со капитал без да почувствува за таа работа. Тој што ќе го купи станот денес, за илјада, илјада и петсто марки, ќе му понудиме веднаш истиот ден да го продаде за три илјади марки, дали ќе се појави како субјект за продажба? Сигурно не. Овде го сфатив интересот и мислењето на Владата зошто се обрати со ова последното, моментално додека е оваа криза на инфлацијата, инфлацијата сепак има место за следење на нешто, ова веќе е по мое мислење распад на еден платен систем и по мое мислење мислам дека Владата има кога постојано говореше дека комплет закони се готови, имаме ова, имаме она, дека размислува за новото платежно средство,па со промена на истото ќе се создадат услови кога инфлацијата ќе престане да беснее. Овие станови, ако се дојде до тој степен, да се даваат на привилегираните, тие пак ќе бидат во положба да ги купат. Нема ништо.

Уште едно прашање. Останаа општествените станови непродадени. Таму државните функционери вршеа спрема функција и вршеа размена и замена на станови, сега токму тие останаа кои не си ги купиле. Треба ли да ни извршат притисок сега да им ги продадеме? Не . Нека чекаат, па ако имаат интерес да купат на слободен пазар, нека купат, ако не нека останат до крај корисници на станарско право ако Законот тоа не го измени. Заради

тоа јас сметам дека нема потреба да не и дадеме можност на Владата да има тромесечен здив, да најде инструменти со кои ќе го заштити овој општествен капитал.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Почитувани пратеници, оваа материја навистина е многу комплицирана, а исто така навлегува во интересите на разни протагонисти. Глобално групирани од една страна поединецот граѓанинот, од друга страна општествениот експонент претпријатието и од трета страна државата со својот квантум на станови. Нашето мудро законодавство до сега селектираше многу работи и правеше паралелни системи, па така во филозофијата на станбената изградба направи една серија од паралелни системи, односно серија на паралелни сопственици. Но сето тоа беше резултат на инфилтрирањето во државната регулатива, институциите, принципите на принудата и принципот на солидарноста. А принципот на социјалата одвај некаде таму нешто беше присутен. Но со време социјалните тензии до таа мерка дојдоа и добија таква тензија што тој модел на станбената изградба мораше да трпи такви трансформации што на крајот на краиштата се покажа дека некаков принцип на социјализација постои, ама структурата на социјалезентите така да речам, крајните корисници беше навистина прилично матна. Тука беа поларизирани и искажани тие субјекти од многу од вас. Според тоа, општествениот капитал правеше општествени станови,па самоуправно се делеа, а од друга страна се продаваа по познатиот закон за продажба на општествените станови сега на крајот од овој период.

Од друга страна пак државниот капитал, значи државните станови државата ќе си ги продава со сопствена уредба. Значи,имаме закон еден,

закон два, еден производ, разни системи, разни цени и една навистина неодржлива ситуација во било каква држава. Тоа е нашата слика за станбената изградба. Како човек кој што се занимава 30 години со тоа, сум направил илјада станови и објекти од супра структурата, сум учествувал во разни синдикални организации, совршено ми е јасно системот на станбената изградба во Југославија, а јасно и во Македонија. А сега сме исправени да креираме еден систем во едно такво бурно време и тоа мораме брзо да го креираме тој систем, со сите тие критериуми кон тоа пазарно стопанство кон кое што се движиме, е, навистина, тешко ќе го изградиме тој систем, особено во станбената изградба, ако не одговориме на некои клучни прашања.

Прво, не постои насочена станбена изградба, нема инвестиции, не може градежништвото да смета на таа работа. Се натаму е фикција. Според тоа, ќе постои пазар на станови,лицитација, кој е моќен ќе прави станови ќе ги продава итн. Државата за својата социјална програма ќе си купува станови итн. Значи, се она што ние што зборуваме дека со продажбата на овие станови е оштетено градежништвото итн., тоа се зборови од луѓе кои не ја познаваат суштината на пазарот и односот на градежништвото визави тој пазар. Тоа се јасни работи. На тоа ќе се навратам малку подоцна.

Сега сакам да се осврнам на едно клучно прашање кое навлегува во филозофијата на станбената област. Велиме овие граѓани, јас тврдам, кои и по основ на општествени станови и по однос на државниот станбен фонд кои ќе бидат приватизирани, за тоа се определивме, значи на тие граѓани кои имаат станарско право, на нив да им ги продадеме тие станови. Што значи тоа?

Тоа значи дека таа категорија на станари ќе биде бенифицирана во однос на оние други станари кои немаат такво станарско право и на сите млади фамилии во оваа Република. Тоа е суштествена работа која што е пренесена од еднопартискиот систем. Ајде да дискутираме за тие суштествени работи. Јас мислам дека голема бенефиција ќе биде станарското право кое нашата Влада го аплицира, го акцептира, го пушта во промет визави приватизацијата и дека тие луѓе треба да бидат среќни. Зошто? Затоа што оние кои што го немаат, кога ќе дојдат на пазарот ќе видат што значи тоа. Според тоа, сите крокодилски солзи овде треба да бидат брзо исушени.

Понатаму, ќе се согласи ли Парламентот веднаш да се анулира станарското право, донесено во тоа едноумие. Сега сме во еден плурализам, во еден парламентарен систем. Но како што реков, Владата тоа го акцептира, ќе^ги продава становите, ама за две илјади и три илјади марки нема да ги продава, барем оние што се во нејзина надлежност, онаа уредба која Владата ја донесува без ваше одобрение, а ако сакате и понатаму да не ги акцептирате овие мои мисли, тогаш зошто да го менуваме Законот, па тој си е добар, си има методологија, нека тој си важи, нема потреба овде што да дискутираме и становите веднаш ќе бидат продадени! Еден, два амандмани околу акциите и др., мала козметика нема проблем, становите ќе бидат подарени.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ** ( продолжение)

Повторувам како што рече еден пратеник поклонети. Но ние пред малку зборувавме дека за многу поколони во едноумието. Па до кога ќе поклонуваме. Дајте барем граѓанинот да му дадеме можност бидејќи е среќен што е еднаш бенифициран, со тоа станарско право. Дајте да ја плати реалната вредност. Не државата да го искористи, туку да ја плати реалната вредност, па и на оваа бедна државичка исто какао на нејзиниот беден граѓанин и требаат пари. Дајте да ги најдеме тие пропорции. Дајте ни можност да го замрзнеме ова барем за 30 до 60 дена. Станбената област навистина е една област која што понекогаш влегува во политичкиот маркетинг, а скоро влегува во политичкиот маркетинг, секаде освен во западните земји. Во западните земји само имаме маркетинг на база на социјалниот фонд станбен фонд. Повеќе готово .Овдека имаше такви ноти. Дека Владата немала концепт за марката област, ако имате трпение на крајот на моето излагаше можам да ви го кажам концептот.

А сега малку да подисутира1ме ви за ви тоа што овдека се манипулира со некои податоци кои што апсолутно не се точни. Тоа е на пример податокот дека останале уште 2 до 3% од општествениот марке фонд и дека сега за тие 2 3% зошто да зборуваме. Ако е така , верувајте, овој министер нема овде да зборува. За 2, 3% ќе ги пуштиме по старата методологија и никој нема да го боли главата. Но не е апсолутно така. Извештајот што вие го имате за минатата година за продажбата од ова министерство, се велеше дека во 1991 година биле продадени 26% од вкупниот марке фонд во општествена сопственост. Еве поминаа неколку месеци, нека биде тоа 35%. а остатокот, зарем не е мал тој станбен фонд. Исто така ви за ви доларската бројка, далеку беше од еден квантум, значи

бројката е далеку поголема. Понатаму, ефикасноста на Владата се преловува преку овој Закон, ви за ви ефикасноста на парламентот. Па да се рече дека 4 закона биле аплицирани, еднаш вака другпат поинаку итн. значи оваа Влада не е сериозна. Апсолутно, Владата е сериозна. И Владата беше принудена така да реагира и овој чин сега со овој предлог за замрзнуваше на продажбата на општествените станови е еден од навистина добрите потези, кои што се добро промислени на Владата. Ја ќе ви кажам зошто тоа така дојде. Понатаму, поради незнаење се манипулира со некој акумулирани средства кои што ќе ги користела градежната оператива. Јас реков не постои насочена маркеа изградба. Ние не можеме да ги продаваме становите, да земаме пари, да ги вложуваме во маркеа изградба и повторно да ги продаваме. Па ве молам, во кое општество, во кој систем, каде го има тоа. Продај, купи, продај, купи, а башка од тоа што ние ќе го продадеме станот, да launched од 100 квадрати, ќе купиме од 20 квадрати. Каква е таа филозофија. Дајте имајте доверба во нас, си ја знаеме работата и работиме за вас. Понатаму, иста зграда разни цени итн. Како нема да има ис-та зграда во еден влез разни цени на становите, кога се менуваат институциите, кога имаме хипер инфлација, кога немаме пазар на станови, кога имаме паралелни три система. Прво, едниот е сисзовскиот систем, од друга страна имаме некаков пазар, ова градежната оператива што го прави, разлика на цените и имаме задругарство кое што исто така прави станови. Према тоа, со оние пари кои што треба да се стават во циклусот на репродукцијата на маркеата изградба, нема тие да с е користат само за купување на станови, кажавме од 100, 20 квадрата ќе се купат , сега тука треба да влезат и трошоците за системите за одржување на тие станови што не се продадени, а временската супцесија треба да се продаваат, па треба пари од тие средства да се одвојуваат за купување на

социјалните станови по пазарна цена , па треба надомест за системот на управувањето, некој треба да собира кирии, некој треба да прави програми итн., па треба за категоријата на оние граѓани кои ќе имаат бенефицирана кирија итн. Како што гледаме, пари нема.

Сега малку би сакал да кажам за амбиентот во кои се носи овој Закон. Прво, амбиентот во нашава Република резултира низ една политичка блокада и тоа од соседите , па и од земјите на СД, па економските блокади, ембаргата, листа на стоки потпишани, а не потпишани, не можат да влезат, транспортната блокада, монетарните упади и монетарните блокади, внатрешните политички настани кои што се евидентни, маркетиншките модели во тоа, слабата стопанска структура на нашата Република и какао резултат на тие работи напад врз економијата на Република Македонија со продуктивни , но негативни резултати за жал, рапиден пат на стандардот итн. И сега кога Владата гради во еден таков темен политички и економски амбиент една политика на каква таква економска стабилизација, како една фаза на стопирање на тие негативни трендови, за одржување на некој пазар, пазарно стопанство, демократска држава, еден сектор во тоа е и маркеата област која сакам да потцртам дека маркеата област кај нас е повеќе од политички отколку од економски проблем. За жал. маркеата проблематика била од секој пат исклучително чувствителен проблем каде што се преломуваат многу интереси и тие интереси ја матат позицијата на маркеиот проблем. Од една страна е интересот на поединецот граѓанин, а од друга страна е интересот на општеството, односно државата. Бидејќи живееме во едно време на хипер инфлација, еден таков амбиент кои што претходно го кажав значи треба да направиме една нивелација, тие

интереси на граѓанинот на државата , ви за ви тој беден стандард. И заправо тоа е логиката на поднесувањето на овој предлог за донесување на закон за привремената забрана за продажба на станови во општествена сопственост со овој предлог на закон. Да го нема оној паралелен закон 1, закон 2 па имаше и закон 3, тоа беше војникот комплекс со сите свои закони. Толку почитувани пратеници, а потоа како треба да се изјасниме каков Влада во врска со извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам за кои можеме некои работи тука да акцептираме тогаш ќе расправаме.

**БОРКО ГОРЌЕСКИ:**

Изречени беа доста мислења и дискусии, но ако некој добро ги следеше, ми се чини госпоѓицата Јумеровска многу добро кажа. Оние што се социјално позагрозени никогаш не можеле и да добијат стан под кирија. Тоа е сигурно. Секогаш земале станови оние што имале подебели пари и оние што имале подебели пријатели. Тоа е точно. Што се случува сега? Некогаш за да се добие стан се плаќа 5 до 10 илјади марки под кирија да се добие. Сега истиот стан се купува да биде свој за 2 до 3 илјади марки. Тука социјалната класа ми се чини, немала станови. Кажав кој имал и кој ги земал. Многу добро знам и сите овде знаеме дека кога се делеа становите под кирија откако ќе ги земеа тие што се нарекуваа социјални загрозени, купуваа најлуксузни коли и живееја на повисока нога, односно сите благодети што им ги пружаше животот ги користеа. Сега истите тие сакаат да ги добијат становите поклон. А оние што правеле сопствени станови , сопствени згради граделе долги години се задолжиле и денеска можеби некој од нив што не бил добро ситуиран го доградува тој стан и тој не може на својата челад да им пружи никакво задоволство како оние што земале

станови под кирија и сега што сакаат да ги добија бакшиш. И за истите станови што ги граделе и уште ги доградуваат сопствениците кој граделе сопствени станови, тие плаќаат исто така данок и кирија за сопствениот стан што го имаат колку овие што плаќаат една рата за да го имаат станот бакшиш. Јас сум не само за тоа да се запре распродажбата, односно грабежот на становите бидејќи ова е грабеж во историјата што се случува, туку да се донесе закон и оние што ги заграбиле да ги плаќаат по онаа цена што навистина им одговара, нека почувствува секој една тежина за тоа градење на станови, да ја почувствува тежината на грбот свој, а не некој да живее на сметка на државата, односно на крбот на работникот, некој цел век да работи за тој стан.

Овде слушнав дека рече не се сеќавам кој дека 30 години плаќал за тој стан, па редно е да го има. Јас би додал, вистина е тоа Некој двајца од фамилија работеле 30 години исто плаќале, а не земаат стан. Плаќале и за него. Значи не плаќал само оној што го земал станот, а сега ги добиваат поединци. И тука има една неправда. Што ќе рече оној што грди и се задолжил до гуша, а плаќал и за свој стан да изгради и за оној што сега го зема на многу поволни услови, односно никакви услови, безпари и овде гледам има надмудрувања на правници, двајца, тројца тука стануваат, ни ги кажуваат правните регулативи како можело да се добие или како не можело да се добие. Јас не навлегувам во нивните правни акти. Правните акти вистината секогаш не ја кажуваат. Вистината е ова дека најголем грабеж што се врши на општествениот имот сега, порано ми се чини никогаш, ни од сега може да се врши така, ќе му се најде чаре на ова, но сега се искористи овој вакум и најголемиот грабеж што се врши тоа е сега. Затоа на правниците тоа им е работа да помогнат во тој грабеж. Тоа е нормално, или па некој да ја каже вистината што нема свој интерес за тој грабеж, што не го

интересира стан, што не зел, или можеби некој ќе рече јас немам стан, кажувам како е она правото. Сигурен сум дека тој ќе се бори за некој негов внук, за сестра негова, за брат негов итн., тоа е вистината. Ако не се бори за него, ќе се бори за некој свој. Јас имам толку и затоа го поддржувам овој закон, не само да се запре овој грабеж, туку да се повтори онаа постапка, дури грабежот што е извршен досега повторно да се врати назад и становите да се продаваат со вистинската вредност,да не се граба од оваа држава, од овој напатен народ.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, ова е едно од прашањата со кои што се отпочна или се отпочнува или сакаме да отпочнеме приватизација на таканаречената општествена сопственост. И ако судиме според овој пример како ќе се одвива приватизацијата, а ова е полесниот момент, становите, за да направиме нешто на планот на приватизацијата, тогаш можеме уште сега да прогнозираме , дека ние нема да бидеме баш способни ни да го отпочнеме ни како што треба да го одвиваме процесот на приватизацијата на општествениот капитал, ако овде вакви нејаснотии, вакви непринципиелности се појавуваат, тогаш што ли ќе ни се случи, откако евентуално ќе усвоиме некој закон за приватизација кои што го очекуваме со нетрпение кога треба илјадници долари во вредност на општествен капитал да се канализира низ еден колку толку можен правичен начин на приватизација.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**(продолжение)

Што ни претстои сакам да посочам со овој пример . Овде слушнавме едно опширно излагање на министерот за тоа дека Владата сака да го заштити овој дел од општествениот капитал, а ова е секако дел од општествениот капитал бидејќи и тие ги нарекуваме општествени станови. Но, имавме и дискусии од сосема друга провиниенција. Прашањето е чии се овие станови? На тоа мораме да имаме јасен одговор како Парламент, дали се овие станови општествени, односно како парче општествена сопственост од вкупниот корпус на општествена сопственост која треба да ја приватизираме. Се разбира има извесна специфика бидејќи се работи за стан, но не толку голема за да може да се скинат сите врски со другиот дел од општествениот капитал кој што сакаме да го приватизираме по некои пазарни вредности. Тоа е едното прашање. Дали овие станови се на носителите на станарско право како што имаме тенденција да се објаснуваат, бидејќи носителите на станарско право поаѓајќи од сопствениот интерес велат дека 40 години издвојувале за овие станови, некои издвојувале 20, некои по двајца од семејството итн. Ако е ова второто, тогаш е беспредметно да донесуваме закон, туку тоа е нивно и треба да им се даде да биде нивно. Но, во тој случај доаѓа прашањето што е со оние што издвојувале по 4 отсто, по 6 отсто, па двајца, па тројца од семејството исто по 40, по 20, 30 години итн. не добиле општествен стан, а таа бројка на тие луѓе е далеку поголема заради тоа што вкупниот марке фонд во Републиката во приватна сопственост некаде пред некоја година кога ги следев бројките изнесуваше 12% од вкупниот марке фонд во приватна сопственост, во Скопје таа бројка беше некаде околу 20-тина отсто и сега имаме извршено некоја промена на намалување на тие

проценти, но тоа е толку, а вкупниот број на работници што издвојувале по сила на законот преку личниот доход, иако тоа не е таков начин на издвојуваше каков што некој сака да го прикаже е да речеме многу, многу голем. Значи веројатно е поточно овие станови да се третираат според она првото, дека се дел од општествениот капитал, а сите сакаме општествениот капитал да го приватизираме во колку, толку пазарни вредности за да има минимум елементи на правичност и сигурност кои што ќе почнат барем од еден момент во оваа држава. Меѓутоа, прашањето е што е правично? Не е правично и не е правна држава таа што граѓаните ги доведува во нееднаква положба, а очигледно е дека со сите овие прописи, со нестабилноста на овие прописи, со нестабилноста на' нашата вкупна држава, со менувањето на прописите секојдневно граѓаните секојдневно ги доведуваме во нееднаква положба, односно вршиме груба дискриминација. Во тој случај нема правна држава, нема правична држава, затоа што не е правна држава онаа што има закони, туку закони кои што ги доведува во еднаква положба граѓаните и тоа на долг рок. А како може да говориме дека сакаме правично решение кога пред Нова Година имавме една цена за овие станови изразена во девизи, бидејќи нашиот динар не е мерило на вредноста никакво, тој не дава никаква точна информација, ниту приближно реална, кога по Нова Година имавме трета вредност, друга вредност на становите, кога денеска имаме друга. Пред Нова Година имавме пресметано во марки за десетина илјади, за 8 илјади марки 60 квадрати, 70 квадрати, денеска имаме за 3 илјади динари пресметано во марки. Каква неправда правиме пред оние што пред Нова Година тоа морале да го платат и го платиле, каква за овие , каква за оние што воопшто не можат да

претендираат на тоа и каква сега за оние на кои што ќе им донесеме сосема нов пропис, па ќе ги доведеме во ситуација да платат да launched речеме 800 марки, 600 марки, можеби и 1000 марки. Во тој случај не може да стане збор за правна држава. Затоа јас сакам да констатирам заради сите овие наши слабости на Парламентот, на Владата особено на Владата што на време не реагира . Инаку, интенцијата на излагањето за заштита на сопственоста на министерот јас ја прифаќам, меѓутоа, Владата е одговорна што не го заштити овој дел од капиталот, а имаме незаштитен и многу друг дел од капиталот . Владата е одговорна што не собра никакви пари од продажбата или оние што ги собра, па се најдоа на место каде што не беа продолжени да се дистрибуираат таму каде што им беше местото. Владата е одговорна што произведува неправна држава и како што реков не е правна држава таа што има закон и континуитет на закони и не е неправна држава таа ако во моментот нема за некоја област закон, туку е неправна онаа држава , пак да повторам што ги доведува граѓаните постојано во различна положба, што доведува постојано да се одвива процесот на првобитна акумулација кој што се одвивал во предисторијата на економијата и ние сме уште еден пример со овие постапки дека сме друштво во предисторијата на економијата, а не во историјата на економијата со која што се убедуваме да се вратиме. Затоа што не може да се оправда чекањето, не можат да се оправдаат различните решенија. Јас денеска како да гласам за ова решение? Треба да гласам за Предлогот на министерот, или на Владата која што сака да рече "стоп", бидејќи со постојниот закон се поклонуваат општествените станови. Од тој аспект јас можам да речам дека тоа решение е добро. Но, како да гласам за тоа решение кога претходно ги

купија некои становите по 2000 марки, по 3000 , по 4000, по 6000, 8000 марки. Според тоа, треба многу навреме да се мисли кога се прават некои прописи треба брзо да се реагира кога ќе се воочи некој општествен деформитет треба да се реагира веднаш. Инаку доаѓаме во тешка состојба. Ниту е сега решението добро да се стопира продажбата на становите, ниту е добро решението со кое што вчера едни граѓани мораа да платат една цена, денеска мора да платат друга и тоа не во мала разлика, туку огромна разлика која што постои меѓу едното и меѓу другото.

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Сметам дека министерот освен филозофии не ни понуди ниту еден аргумент за предлагање на овој закон, ниту со еден аргумент не поби ниту една дискусија на било кој пратеник од присутните. Сметам дека аргументите за состојбата во која што живееме и работиме исто така не држат бидејќи аналогно на тоа треба сите стопански организации да престанат да работат, затоа што и тие работат во такви амбиенти и ги остваруваат овие резултати кои ги остваруваат и какви што се. За тоа мислам дека Владата треба да изнајде мерила и во оваа област да може да се вклучи, а не да ги запира , мислам да запира еден процес кој веќе е во тек, т.е. приватизација на станови. Овде многу паушални дискусии имаше од поодделни пратеници. Сметам дека и тоа е оправдано, затоа што ниту Владата не понуди никакви аргументи , никакви анализи за становите , кои станови се продадени, колку станови се продадени, кои станови останаа непродадени, каква структура на луѓе живеат во тие станови, поготово ако знаеме дека останаа непродадени солидарни станови, а знаеме

солидарните станови по какви критериуми се делеа, ги добиваа луѓето со најмали примања, станови на пензионери исто така останаа, станови на борци исто така останаа, и условно речено станови во управата. И овие станови доколку Владата не сака некои од нив да бидат продадени бидејќи тие ставија рака , можат да не ги продаваат, а не да донесуваат закон за забрана на продажба на општествените станови. Со овој закон ќе настане забуна што се станови на акционерски друштва, кои се приватизирани 90,60 или 100%, дали тие ќе се продаваат, или не се продаваат, што со станови на стопански организации.

Друго еден ваков предлог на Влада од пред една година би го прифатил, но Влада која веќе работи една година, а вика дека од 2 години наваму условите се менуваат, инфлацијата расте да бара сега 3 месеци за да може да се среди, мислам дека не држи. Оној наш предлог што ако веќе се усвои овој закон би требало да има 30 дена за да се среди Владата. Толку треба. Ако треба 3 месеци за да се среди ќе дојде месец јули кога не работи Парламентот, во месец август исто така не работи бидејќи се годишни одмори, веќе ќе влеземе во друга сезона, значи до Нова Година ваков закон нема да добиеме, а камоли да го усвоиме.

Во однос на градежништвото оштетено и стимулации, мислам дека и тука не држат аргументите бидејќи ако овие средства веднаш одеа во организациите кои се сопственици на станови, тие по пат на кредити на своите вработени ќе ангажираат средства и од вработените и дополнителни и ќе имаше еден импулс во учество, иако овие средства се наменија само за изградба на станови. Значи ќе се создадеа средства кои ќе мотивираа и други средства лични за да може стамената изградба да добие малку

позабрзан тек и за да можат да обезбедат оние што го немаат решено станарското право, да го решат станарското право дел со овие средства, дел со лични средства и тоа вртење ќе продолжи. Сигурно нема да се добијат онолку станови како што кажа министерот колку што се сега но ќе се добијат неколку во однос на сега кога не се добива ниту еден стан. Министерот кажа дека овие што имаат станарско право ќе бидат во поповолна положба. Јас не знам како го замислуваат тие купувањето на станот од страна на некој друг , какви се перипетии и проблеми ќе настанат ако некој купи стан во кој живее некој друг. Како тој ќе го истера од тој стан, како може да го користи тој стан што ќе го купи? Јас не знам дали е за ова размислувано. На кој начин може да се реши таа состојба? Министерот рече дека Владата за овој месец била принудена да реагира со различни четири предлози, а не ни кажа кој ја принуди Владата да реагира така и зошто Владата така реагирала? Дали ние ја принудивме Владата така да реагира, или самата се принуди со тие предлози што ги даде такви какви што ги даде во овие месец ипол дена. Сметам дека овие аргументации и аргументации за солидарни станови дека има малку. Јас сметам дека има доста, барем 20 отсто од сите станови се солидарни станови. Бидејќи во едно време издвојувавме 1,20 % за солидарни станови, 4% за работни организации, а во последно време од вкупните средства 0,45% се издвојуваше за солидарни станови, а 0,45% се издвојуваше за другите средства и 10% за партиципација на овие станарини на работници со ниски примања и работа на стручните служби. Мислам дека нема ниту еден аргумент за прифаќање на запирање на законот за продажба на становите. Прифаќам секаков предлог за измена и дополнување на Законот за

продажба на општествени станови кои сите овие деформации, или изменети односи што се создадени со инфлацијата, за мене инфлацијата не е проблем за продажбата, бидејќи и ние работиме во услови на инфлација, туку е проблем Владата да создаде и инструменти и начин на откуп на овие станови во услови на инфлација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да се договориме. Имаме уште четворица пријавени за дискусија. Гледам постојано некои излегуваат , влегуваат. Се договоривме во принцип кога тече расправата сите да бидеме во салата.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Ова не е реплика, едно должно појаснување , зошто четири пати различни предлози се дадени од страна на Владата. Ние прво сакавме да ги ставиме оние луѓе кои што имаат девизи во системот на купувањето на тие станови. Потоа се испостави дека марката само за две недели отиде во недоглед. Третиот фактор, една таква хиперинфлација што веќе немаше логика дури и тоа. Не можеме ние да го покриеме штицунгот. Тоа беа причините што за таа кратка временска инстанца толку многу инструментариум. Па тоа се надворешни фактори, никој не може да ги предвиди. Ќе ви го кажам и четвртиот фактор визави повлекувањето на законот за продажба на општествените станови. Знаете ние сме пред нова национална валута.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Сакам само да обрнам внимание , бидејќи министерот ме предизвика со овие 2, 3 отсто. Јас кога зборував за 2,3 отсто оние што не купиле станови, а што имаат можност да купат. Оние 70% не знам под какви услови тој не може да купи стан. Мене ќе ми беше мило ако оваа филозофија на станбена изградба беше во април 1991 година, кога дојде Владата, кога ја избравме Владата. Но, ваква филозофија после година ипол дена, кога живее овој закон од 1990 година нема смисла. Кога еден колега спомна дека директорот на градежна организација што продава станови стално ги ревалоризира становите и секогаш има согледување. Тоа значи дека државата е лош газда , не води сметка за продажба на станови и со тоа уште еднаш се покажува дека сакам да се направи трансформација на општествената сопственост , бидејќи се остави законот година ипол дена да стои и да не се менува. Јас мислам дека ако нема решение да се понуди ништо друго, не треба да се стопира.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**

Почитувано Претседателство, почитувани колеги заправо се јавив за збор, за да кажам да ја скратиме оваа расправа за проблемот што е на дневен ред. Ме поттикна излагањето на господинот министер Лепавцов, кој меѓу другото рече во своето излагање дека: "Дајте да ја платиме реалната вредност и да се земе станот". Но, веќе кога земав збор да речам дека реалната вредност на станот мислам дека може да се утврди во согласност со одлуката што веќе ја има донесено Владата и што има право и да ја менува Владата, со таа одлука со која што се утврдени критериумите. И

оттука мое размислување дали воопшто треба да расправаме ние толку на широко за овој проблем за кој што сме расправале, сме се произнеле, а пред нас се произнеле и поранешните состави на Собранието. Меѓутоа, кога веќе се става на дневен ред проблемот пред мене сега се јавува дилемата ако е дефектен законот како таков , да ги прифатиме измените и дополнувањата што се предлагаат за него, заедно со корисните амандмани што беа изнесени и за кои што расправаа комисиите , особено надлежната комисија. Истовремено би рекол Владата со цел да спречи одредени така да кажам неповолни движења во врска со реализацијата на овој закон да ја дотера одлуката со која се утврдуваат критериумите и нешто да направиме во тојупоглед. Во таа смисла јас да ви кажам право размислував, можеби има потреба од еден мал тајм аут од месец дена тоа да се направи на крајот на краиштата. И за евентуално предлагање на нов закон при што би се уважиле сите овие досегашни дискусии што ги имавме на ниво на комисии, евентуално и таа фамозна одлука за критериумите да се сообрази со реалните состојби со кои сега се соочуваме. Затоа што ние минатата година не очекувавме ваков висок степен на инфлација и хиперинфлација. Тоа е факт, макар што лично мислам во тој закон можевме да вградиме механизми што ќе не заштитеа да кажеме колку, толку сега во остварувањето на политиката на реформа, на станбената реформа како дел на општата реформа.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: (Продолжение)

И да констатирам уште нешто а тоа е дека не би требало приватизацијата на општествените станови сега да се изедначи со приватизацијата на општествените претпријатија или општествениот капитал во поширока смисла на зборот. За продажбата на општествените станови ние веќе имаме еден закон кој на жалост покажува слабости, но кој, еве како што размислуваме сите би можел да се елиминира, додека за приватизацијата на општествените претпријатија, откога се откажавме од Сојузниот закон за трансформација на општествениот капитал ние се определивме нашата Влада да ни подготви еден таков закон. Колку што јас сум во тек постои елаборат и постои закон веќе утврден од Владата и веројатно ќе имаме прилика ^да расправаме по него и тогаш би можеле опстојно да расправаме и да придонесеме за тој дел на трансформацијата на општиот општествен капитал. Сега е проблемот актуелен за купопродажбата на општествените станови. Мислам дека тука немаме друг излез освен, или да се Договориме, да расправаме за Предлогот за измени и дополнувања на постојниот закон денес ако треба и утре и да го усогласиме тој закон со она што значи реалност, а истовремено да ја задолжиме Владата, со цел, како што рече министерот за градежништво да овозможиме секој да ја плати реалната вредност и да си го земе станот. Постојано да не расправаме, еве и маркетинг да правиме на сметка на оваа проблематика.

**ЕШРЕФ АЛИУ;**

Веќе во начело не ми е јасно што зборуваме и за што се залагаме. Сето ова ми наликува на типичен воин кој предизвикува војни и во еден момент кога гледа не му останува војска изјавува дека е тој најхуманиот човек и против војната. Не можеме ние сите  ние сите работи на еднаш ни

теknало и да ги ставиме во еден калуп. Тоа не може да го направи никој, па се викало тоа Влада на Република. Влада на Република Македонија не може со аргументи да се повикува дека водела доволно сметка да се сочува општествениот имот кога пет минути или минути до дванаесет се залага денес да се стопира, заправо да мирува законот за три месеци. Сето ова би било сепак во ред, сепак по она правило никогаш доцна нешто да не се направи кога би се излегло со еден предлог колкав веќе тој фонд толку умпозантен останал непродаден, колку се продал. Ние немаме никаков преглед, единствено една желба да се тоа стопира под мотивација дека се веќе тоа и поклонува. Јас не сум стручњак, да не ви одземам време, но убеден сум дека порационални механизми може да се најдат без да се стопира законот.

Една работа треба да ни биде на сите јасна дека категоризација" на становите, ниту фондовите биле исти ниту средствата од ист фонд и за иста намена. Се знаело кој добил, кој може да добие стан во државна сопственост. Се знае категорија кој добил и како стан на солидарна основа и многу ни е познато кој добил стана таканаречен општествен и по кои критериуми. Наеднаш ние не можеме се да ставаме во ист кош и да речеме е сега ќе одиме по критериумите на пазарно стопанство и носителот со станарско право, со над 30-тина години работен стаж кога требал тоа нешто да го има и кога веќе треба да знае еве тоа што одвоил по сите тие критериуми еве и добива да речеме станот треба да го плати толку колку граѓанинот кој во тоа не вложил ни еден единствен динар. Дајте овие работи Владата да ги среди за некој ден. Не мора тоа да биде за недела, за три дена, дајте на следна седница да имаме пречистен текст, да имаме образложение, да имаме јасна слика да знаеме зошто креваме прст "за" и зошто "против". Вака се ни оди со некои претпоставки или мотив за вака се

ни оди со некои претпоставки за дискусија или определба е личниот интерес. Од тоа нема фајда. Мислам дека треба да прекинеме со ова.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас морам да констатирам дека во претходните дискусии по моја оценка беа извлечени произволни квалификации. Имено беше спомнувано грабеж, поклон, а никој не рече кој го врши тој грабеж кој го врши тој поклон.

Јас би тргнал од сопствената средина, од организацијата во која работам. Вработени сме некаде околу 200 работника а имаме 54 стана сопственост на организацијата.

Иако беше донесен Законот во 1990 година за продажба на тие станови, морам да ви кажам до ден денес не е продаден ниту еден стани ниту имаме намера да ги продаваме тие станови.

Јас не слушнав од министерот точен податок досега колку станови има откупено за 2000 за 3000 ДМ. Тоа многу беше спомнувано тука и од голем број пратеници. Мислам дека доста вербално се зборуваше, произволно без одредени аргументи. Оној што се однесувал домаќински секогаш се однесувал домаќински и сигурно дека за овие станови што се во сопственост или на организацијата или на другите институции се води сметка и така едноставно не се продаваат, а оние што тоа го направиле мораме да прашаме кои се тие, колку се тие, дали имаме евиденција, па дури тогаш да даваме одредени наши констатации и забелешки, да не кажам и одредени оценки

Јас морам да кажам дека така едноставно беа искажувани и овие бројки 2000 и 3000 марки и би ги потсетил оние што тоа го спомнуваа дали еден работник кој денес прима во просек 20 или 30 марки во просек плата

може без никаков ризик да го плати тој стан од 3000 марки. На него му требаат во просек 100 плати да го купи станот, а сто плати во моментот јас мислам ниеден работник не може да издвои за да го купи за така евтини пари како што рековте 2000 или 3000 марки својот стан. Од таа причина јас не ја гледам суштината на оваа толку долго дискутирање и одлагање на сето ова, а по мене навистина решението треба да го бараме на друга страна, во вистинската трансформација на општествениот капитал, во вистинските решенија на приватизацијата и она што на некој начин цело време го заговараме, економските законитости и пазарната економија. Ова прашање најверојатно мислам треба да го решиме со идниот закон што треба да уследи, со трансформацијата на општествениот капитал. Од таа причина навистина и овој закон што го нуди Владата, не знам како што рече и министерот дали бил добро обмислен и треба да заштити некого. Јас се прашувам кого треба да заштити. Дали ние што на некој начин сме сопственици на овие станови. Дали тој и Владата немаат доверба во нас дека ние навистина водиме сметка за тие станови, или ние сме спремни тоа да го распродадеме и отфрлиме како да е нечие, или ние сме дел на оваа општество и ние мислиме за оваа Република која треба да има во секој поглед перспектива, а не да ја носиме во некој ќорсокак кој не му се потребни ни на луѓето ниту пак на овие структури кои денес на некој начин се наоѓаат на одредени функции или носат политички задолженија. Оттука, пак ќе кажам ова душебрижништво на Владата мене ми е одвишно, непотребно е бидејќи барем според нас го нема и нема потреба од тоа. Ценам дека е најпогодно во овој момент навистина таков закон да не се донесе. Ние да донесеме работен заклучок иако тие работни заклучоци досега ги носиме многу пати и нема некои ефикасности и резултати од тоа. Владата еднаш засекогаш треба да сфати дека тие заклучоци

претставуваат обврска за нив и дека треба да ја задолжиме навистина во што прократко време го даде на виделина Законот за трансформација на општествениот капитал преку кој се надевам дека ова прашање ќе најде место за приватизација односно трансформација на тој капитал кој се наоѓа во маркеа величина или во било која друга вредност во општеството за да може да дојде на пазарот и да дојде по еден основ легализиран односно да го одредиме еднаш засекогаш титуларот на сето тоа за да може да сега најде правиот сопственик кој ќе води сметка и грижа што го има Република Македонија. Затоа мислам дека ќе биде потрезвено и покорисно доколку дојдеме до вакво решение отколку сега да се надгласуваме дали да го прифатиме овој закон или да не го прифатиме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Имам реплика на сите кои дискутираа до сега и тие што после се пријавени во дискусијата. Би сакал да се изјаснат тука на говорницата да кажат дали имаат стан во општествена сопственост или немаат како јавноста би била запознаена затоа што секој си ја води водата на своја воденица.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Начелно не мислев да барам збор. Инаку штом веќе прозивката е на ред, што не ја сметам за потребна и нужна, јас лично немам таков стан и за оваа точка не мислев да дискутирам ни случајно. Тоа е едното гледиште. А би сакал да ја повлечеме оваа прозивка затоа што утре ќе има и закони односно регулатива околу денационализацијата, па и тогаш ќе се прашува пак така. Сега да видиме кој колку е лично засегнат. Ако почнеме по тој основ да дебатираме исто ќе биде и по однос на било кои нормативни од

стопанството, од банкарската сфера па кој има каде акции, па кој каде раководи. Не знам колку е тоа продуктивен приод. Јас сум против.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон за привремена забрана на примена на Законот за продажба на станови во општествена сопственост.

Бидејќи по убедување овде во Претседателството преовладуваше мислење дека нема потреба за донесување на закон, но еве го ставам предлогот на гласање.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Остро протестирам за начинот на водењето на седницата. Ви се молам какво е -тоа нагодување на гласање. Ставете го предлогот на гласање а немојте да насочувате. Остро протестирам за ова. Имаше заклучоци на Комисијата имаше дискусии, секој сам ќе се изјасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро.

Ние секако ќе се произнесеме по двата предлога.

Го ставам предлогот на гласање.

Молам, кој е за тоа да се стави Предлогот за донесување на Законот за времена забрана за продажба на станови во општествена сопственост.

(47) .

Има ли некој против? (35)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе заклучокот.

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за привремена забрана на примена на Законот за продажба на станови во општествена сопственост.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (45)

Кој е против? (29)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница^ да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Предлагам, со оглед дека се работи за една доста суштествена материја., во Законот како член 4 да стои: "се задолжуваат сите општински правобранителства на Македонија веднаш да поднесат предлози за раскинување на сите договори што досега се заклучени.

Владата за месец дена да донесе друг закон за начинот за продажба на становите во општествена сопственост, со тоа што ја молам Владата уште еднаш Законот за трансформација на капиталот од општествена во приватна сопственост да се донесе, со тоа да можеме благовремено и едниот и другиот начин реално се обвреднува продажбата на општествената сопственост.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на член 1 и за додавање нов член 3-а по кој не се произнел претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Амандманот на член 1 беше во врска со предлогот 30 дена да биде одлагањето. Јас би ве молел почитувани пратеници, со оглед на тоа дека веројатно, велам веројатно ќе треба и табелата да биде структурата на параметрите внатре што се инкорпорирани во сегашната табела и ја даваат иницијалната цена, да ни дадете барем 60 дена.

За овој амандман толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, не го прифаќате.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (39)

Бидејќи за амандманот гласаа само 39 пратеници констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман Владата го акцептира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, тука немаме амандман бидејќи станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?(52)

Молам, кој е против? (19)

Кој е воздржан? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за привремена забрана на примена на Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

Минуваме на **точката 21** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон за СФРЈ со Предлог на закон.</u>

Расправата прекина во претресот по текстот на Предлогот на Закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Пратеникот Мерсим Положани поднесе амандмани на член 114 и на член 133, став 4 со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

ЗПК и Комисијата за внатрешна политика и ОНО ги разгледаа амандманите поднесени од пратеникот Мерсим Положани и не ги поддржаа.

Пратеникот Мерсим Положани поднесе амандмани на член 133 став 1, меѓутоа на заедничката седница на ЗПК и Комисијата за внатрешна политика и ОНО го повлече овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 114 поднесен од пратеникот Мерсим Положани.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Дали има некој против? (мнозинство пратеници креваат рака).

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 114, поднесен од пратеникот Мерсим Положани.

Отворам претрес по амандманот на член 133 став 4 поднесен од пратеникот Мерсим Положани.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ѓорѓи Наумов.

**ЃОРЃИ НАУМОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, но на седницата на Комисијата за политички систем и ЗПК кажавме дека во членот 133 став 4, каде е кажано во следната реченица "ќе се казни со затвор од 3 години", направена е техничка грешка и треба да стои "ќе се казни со затвор до 3 години". Тоа е потребно бидејќи во кривичното законодавство немаме фиксна казна. Секогаш имаме минимална и максимална. Грешкава е внесена во записникот но сакам да кажам за да при пречистување на текстот оваа грешка биде исправена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Селмани.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Прво мислам дека начлно, дека овој закон предлагам да се донесе во две етапи, прво да оди на јавна расправа, а потоа мислам дека ставот 4 од овој закон е комплетно земен од стариот закон и внесен во новиот закон.

Со право од ПДП НДП, реагираме бидејќи не беше, додуше и албанците го имаат овој член искусено во минатото, мислам дека ова е спротивно од она што се бара во денешните процеси за демократизација на општеството.

Предлагам членот 133 од Законот со сите ставови да се направи во 1 став и ќе отпадне сето друго. Со новиот закон не е речено на кој начин и како ќе се утврди дека навистина е употребена сила за уривање на државното уредување и слично.

Мислам дека веднаш ќе испадне дека секој суд, на лице место на свој начин тоа да го толкува за да може да докажува дека навистина такво дело постои во практиката. Затоа предлагам прво да оди на јавна расправа, а потоа да се искажеме и да се прецизира комплетно овој став што е ставен во ставот 4 од овој член на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Бидејќи за амандманот гласаа само 16 пратеници констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 133 став 4 поднесен од пратеникот Мерсим Положани.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (53)

Кој е против? (17)

Кој е воздржан? (1).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Кривичниот закон на СФРЈ.

Бидејќи за точката 30 ни е потребно 2/3 мнозинство, а од Службата сум информиран дека во салата се присутни помалку пратеници од потребното мнозинство предлагам пауза од 30 минути па да поминеме на таа точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи се работи за материја од строго доверлив карактер предлагам седницата да биде затворена што значи дека јавноста треба да биде исклучена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Со самиот факт што се бара 2/3 мнозинство значи дека седницата е затворена.

Предлагам пауза од 30 минути после која ќе продолжиме со работа по точката 30 од дневниот ред, но ги молам сите пратеници тогаш да бидат во салата.

(Пауза од 18,25 до 19,20 часот)

По паузата седницата продолжи да ја раководи господин Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Ни остана уште точката 18.

Во врска со овој закон има поднесено амандмани од пратеникот Тодор Петров. Информиран сум дека во расправата на ЗПК се усогласиле претставникот на Владата и пратеникот Тодор Петров, така што усогласен е модифициран текст на амандманот за внесување нов член 16-а, а од другите амандмани пратеникот Тодор Петров се откажал.

Го молам претставникот на Владата да извести што е во врска со овие амандмани.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, со Предлагачот на овие амандмани и со ЗПК се усогласивме да биде прифатен модифицираниот амандман на член 1б-а во содржина што ќе ви биде сега поделена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, имаме у согласен модифициран текст на член 16-а и пратеникот ги повлекува другите амандмани.

Сега ни останува да почекаме текстот да биде поделен за да можеме да продолжиме со расправа.

Додека чекаме да биде поделен текстот, бидејќи се друго е усогласено, сметам дека можеме да продолжиме со расправа по предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Ве молам, дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот? (Никој).

Да видиме сега уште што има во врска со усогласениот текст.

Го молам пратеникот Тодор Петров да го прочита усогласениот текст.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот 13, заради усогласување со Министерството за финансии се менува и гласи:

После членот 16 се додава нов член 16-а кој гласи:

Работниците на царинарниците во Битола, Гевгелија и Скопје ги презема Царинската управа на Републиката.

Работниците од Република Македонија кои се на Служба во Сојузната управа за царини надвор од територијата на Република Македонија продолжуваат со работа во царинската управа на Република Македонија доколку така се определат во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на двој закон.

Недвижностите, опремата и инвентарот и другите работи архивата, документацијата и средствата за работа на царинарниците во Битола, Гевгелија "и Скопје што досега ги користеше државата СФРЈ Сојузна управа за царини на територијата на Република Македонија се во државна сопственост на Република Македонија и нив ги превзема Царинската управа на Републиката во чија што надлежност преминуваат работите на царините.

Овој текст службата ќе го подели и сите пратеници ќе го имаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е усогласено, а другите амандмани пратеникот ги повлече.

Го слушнавте усогласениот текст.

Дали некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, а бидејќи не бараше збор ниту по текстот на законот во целина, го заклучувам претресот и Законот го ставам на гласање.

Кој е за, предлогот на закон молам да крене рака? (87)

Дали е некој против? (Никој)

Дали е некој воздржан (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Република управа за царини.

Минуваме на **точката 30 -** Информација за изнесување на материјално- техничките средства и опремата на ЈНА од територијата на Република Македонија, обезбедувањето на државната граница, територијата и воздушниот простор на Република Македонија и информација за изнесување на воена опрема и техника од територијата на Република Македонија и безбедноста на државната граница.

Со оглед на карактерот на прашањата и податоците содржани во информациите, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието расправата по нив да се води бе^/присуство на претставници на средствата за јавно информирање.

Согласно член 70 став 2 од Уставот на Република Македонија собранието одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Според тоа, Владата овде одлучила дека има да ни соопшти некои работи за кои претставниците на средствата за јавно информирање не треба да бидат присутни.

Материјалот што е испратен овде има карактер на Државна тајна. Тоа е право на Владата. Расправа по овие работи можеме да водиме ако го

уважиме ова укажување на Владата односно ако Собранието прифати да работи без присуство на јавноста. А, за тоа дали ќе работи без присуство на средствата за јавно информирање одлучува само Собранието.

Сакав да укажам дека Собранието не може да го промени режимот на доверливоста на материјалот. Собранието може да одлучи дали ќе расправа или нема да расправа. Ако одлучи да расправа тогаш тоа е можно само доколку одлучи да расправа без присуство на јавноста.

Молам, констатирам дека на седницата присуствува потребното мнозинство на пратеници.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака? (60).

Констатирам дека не се исполнети условите за расправа по оваа точка.

Заради запознавање со материјалот, тоа може без расправа може секој да го прочита во Службата. Овој материјал е со режим на државна тајна и степенот на доверливоста го утврдува Владата во согласност со сопствените изворни и уставни надлежности. Тоа ние не можеме да го измениме.

Според тоа, нема расправа по оваа точка. Заради информирање може да се прочита материјалот во Службата.

Збор побара во врска со точкава господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Согласно на тоа што добивме едно известување од Владата на Република Македонија во врска со оваа точка на дневниот ред, во која што меѓу другото на крајот се вели :

"Истовремено ве известуваме дека по завршувањето на процесот на повлекувањето на ЈНА од територијата на Република Македонија, Владата

ќе достави целосна информација до Собранието на Републиката".

Предлагам тоа да го усвоиме како работен заклучок и да ја задолжиме Владата на Република Македонија да достави целосна информација до Собранието за целиот процес на повлекувањето на ЈНА од територијата на Република Македонија. тоа да биде како еден работен заклучок.

Како втор работен заклучок, да се отвори расправа во Собранието за организирањето на системот на одбраната во смисла на формациското организирање на единиците на армијата на Република Македонија во Републикава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За првото прашање, во врска со првиот предлог, предлагам да се подготви комплетна информација и да се достави во Собранието за информирање. Да ја задолжиме Владата да ја подготви таа информација со степен на доверливост што таа ќе оцени дека треба да има.

А второто, за формациски распоред на армијата и организираноста, тоа е работа на Генералштабот, на Министерството и на претседателот на Републиката, Собранието не расправа за единици и за тие работи . Може да добие некоја информација, но расправа за тоа не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам првиот предлог да се усвои на господинот Петров.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој).

Минуваме на **точката 31** - Информација за националниот состав на армијата на Република Македонија.

За ова немаме материјал, усмено ќе изнесете.

Дали некој степен на доверливост е потребен овде или не ?(Не).

Има збор господинот Трајан Гоцевски, министер за одбрана

**ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, По донесувањето на Уставот на Република Македонија пред Република Македонија се постави задача да таа формира свој автономен одбранбен заштитен систем со свои одбранбено заштитни кои ќе го гарантираат територијалниот интегритет и сувереноста која што беше утврдена со Уставот на Република Македонија.

Исто така, и процесот на меѓународното признавање на Република Македонија нужно се врзува и за фундирањето на сопствениот одбранбено-заштитен систем, па оттука и тој мораше да биде што побрзо фундиран.

Имајќи го предвид напред изнесеното, а согласно политиката што ја водеше Парламентот на Република Македонија, претседателот, Владата и другите надлежни органи, Министерството за одбрана на Република Македонија го отпочна процесот на создавањето пред се прво на правна основа за формирање на систем на одбрана и преговори за реализација на договорената дислокација на ЈНА од просторот на Република Македонија. Бидејќи тоа беше неминовно, бидејќи се наоѓавме во една состојба па да не се доведеме во состојба да имаме две паралелни сили на ова подрачје. Тоа беа двата предуслови без кои Република Македонија не можеше да оди понатаму во решавањето на својата одбранбена функција.

Предислокацијата на ЈНА од овие простори, како што ви е познато е завршена на 28.III. оваа година. Формирањето на системот на одбраната е долготраен, макотрпен, сложен и суптилен процес кој бара време, знаење, толеранција и пред се материјална основа, а ние во оваа фаза не располагавме доволно со ниеден од овие ресурси.

Со се поинтензивното предислоцирање на ЈНА од Република Македонија пред нас се поставија две клучни прашања и тоа:

Прво, да не се дозволи во одбраната на Република Македонија што беше обврска на Парламентот и на другите структури на Република Македонија и

Второ, веднаш да се обезбедат границите на Република Македонија, бидејќи тоа беше првиот испит кој што беше поставен пред Министерството за одбрана на Република Македонија.

Со оглед на тоа што во периодот од 15-тина дена требаше да се преземат сите објекти од границата, а тоа беа некаде околу 58 објекти со целата инфраструктура и да се обезбеди државната граница на Република Македонија, ние се определивме за решаваше на оваа витална функција со помош на единците на досегашната територијална одбрана на Република Македонија, според нивната постојна организациска и формациска структура. Значи, границата да ја решаваме со резервниот состав на Армијата на Република Македонија, со која што во моментот располагавме.

Во оваа фаза за првите потреби се ангажирани резервисти од граничните единици, претходно формирани без никакви корекции по национален, верски или по било која друга основа. Според тоа, на границите се на^доа припадници од сите националности, а нивната структура во основа 'зависеше од бројот на лицата кои претходно служеле во граничните единици на ЈНА од овие простори. Никаде и никаков друг критериум не е применуван, а доколку има одредени отстапувања во структурата на припадноста на овие луѓе кои што ја запоседнаа границата по национален состав, тоа значи произлегува од постојното сочинување на тие единици и од служењето во граничните единици на бившата ЈНА.

Во оваа прилика можам да ве информирам дека од неколкуте караули од просторот каде што има албанска популација еден командир на караула е Албанец, а таму се ангажирани уште четири старешини од албанската националност. Ова го поставувам бидејќи ова прашање беше иницирано од пратениците од Пратеничката група на ПДП.

Почитувани пратеници, по укажувањето од пратеничката група на ПДП за несоодветниот национален состав на единиците од резервниот состав, лично издадов упатство за разгледување на овој проблем, и со првата замена на единиците истиот доколку постои можност да се измени, но пак тргнувајќи од напред наведените постапки, односно да постојат луѓе од тие националности кои што веќе служеле на граница, бидејќи друга преквалификација во овие 10-15 дена не е возможно да се направи.

Во оваа прилика сакам да ве информирам дека дел од обврзниците од албанската националност кои што беа поканети одбија да ги примат поканите. Ние имаме податок дека 26 обврзници во првата фаза го одбија тоа, додека резервните офицери кои што беа ангажирани уредно се пријавија и ја извршија должноста која што им беше доверена.

Ова е можност да се обратам и јас како министер за одбрана, а исто така, и веројатно сите заеднички до сите националности од Република Македонија да ја прифаќаат обврската која што произлегува од одбраната. бидејќи тоа е право и должност на сите и само така можеме да ја запазиме националната и другата структура во одбраната и заштитата на Република Македонија.

Што се однесува до вториот дел од прашањето што беше упатено и се однесува на националната структура на старешинскиот кадар, веднаш да ве потсетам дека досегашната армиска кадровска политика ја водеше Сојузниот секретаријат за народна одбрана. Оттука за постојната структура ние не можеме да бидеме одговорни ниту можеме брзо*да ја менуваме. Политиката која што е сега актуелна во Република Македонија има сосема јасен став по ова прашање.

Имено, во иницијалниот период ги прифативме сите оние кои што се определија да останат во системот на одбраната на Република Македонија без разлика на нивната национална или друга припадност.

Од албанската народност, бидејќи исто од оваа пратеничка група беше поставено прашањето, досега се пријавени 65 лица. Од нив 2 лица се поставени на високи должности во Армијата на Република Македонија, а од завчера уште две други. Петнаесет се веќе распоредени според чинот и нивната воена формација, а додека останатите деновиве исто така ќе бидат распоредени според нивните квалификации или чинови, според структурата која што веќе е пропишана и се потполнува.

Сите останати заедно со другите националности ќе бидат распоредени по донесувањето на воената организација и формација на Армијата на Република Македонија која што е во тек на изработка. Според тоа и овде нема ништо што не е јасно , односно кај делот на активните воени лица кои што се ангажираат во одбранбените структури на Република Македонија.

Промените во националниот состав на старешинскиот кадар на Армијата на Република Македонија, може да ги чиниме во иднина преку воспитно образовниот систем во Република Македонија кој модел сега е во фаза на изработка од страна на Министерството за одбрана и по неговата верификација од надлежните органи ќе почне да функционира. Наша должност е притоа при изборот на кандидати за идните официрски должности да водиме сметка за националниот состав и така да можеме и натаму во структурата на командниот кадар да ја обезбедиме оваа потребна структура.

Следниот проблем се однесува на националниот состав на регрутната популација и идните војници кои што треба да служат во Армијата на Република Македонија. Имено, вие сите знаете дека наскоро , од утре отпочнува процесот на потполнувањето на Армијата на Република Македонија со нови регрути.

Со оглед на тоа што членот 3 од Законот за одбрана на Република Македонија вели дека воената обврска е граѓанска и таа е општа за сите граѓани, а членот 19 дека Армијата на Република Македонија е вооружена сила на сите граѓани на Република Македонија , логично е дека регрутирање го и служењето на воениот рок и служењето во резервниот состав на Армијата на Република Македонија, ќе се врши адекватно на националниот состав на популацијата која подлежи на воена* обврска. Никакви други комбинации не се можни во овој дел.

Во оваа прилика сакам да ве информирам дека од првите проверки на евиденцијата на воените обврзници направени деновиве, евидентно е дека еден дел од регрутните обврзници, посебно од албанската народност, се наоѓаат објективно надвор од Република Македонија, се повикани а не можат да стапат во редовите на Армијата на Република Македонија, што исто така може да влијае врз структурата на пополнувањето на Армијата со регрути. Но, тоа е објективна работа која што исто така во иднина можеме заеднички да ја измениме. Според тоа не постои опасност дека може од субјективни или некои други причини да се мајоризира или минимизира структурното учество на некоја националност во Армијата на Република Македонија и мислам дека тука не треба да има никакви резерви. Напротив, тоа ќе биде почитувано доследно спроведувајќи го Законот за одбрана на

Република Македонија, што го донесе овој Парламент, а субјектите на политичкиот систем во Република Македонија, треба да влијаат за доследно почитување на обврските по основ на одбраната кои што произлегуваат за сите граѓани на оваа Република, без разлика на нивната национална припадност, бидејќи тоа е нивно право, но и нивна должност, па така ќе ја запазиме толерантната структура на Армијата на Република Македонија од национален и друг состав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се договоривме да ислушаме усна информација, а не се договоривме за расправа, што значи нема расправа по ова.

Поминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија во времето меѓу 34-та и 35-та седница на Собранието достави одговор на пратеничките прашања на пртениците: Стојан Ковачевски, Тодор Петров, Иван Иванов, Газменд Ајдарага, Славјанка Стојанова, Јаким Ивановски, Неџати Џафери, Сејфедин Харуни, Митко Анастасовски, Горан Зафировски и Цветан Јовчевски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?(Немаат).

Преминуваме на поставување пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање на Владата на Република Македонија, односно на министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата?

Има збор господин Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Прашањето се однесува до министерот за народна одбрана. Дали е случајно или не, сведоци бевме на телевизија, каде што секаде каде што се симнуваше Југословенското знаме, се ставаше Македонското. На Грчко-Македонската граница на подрачјето Меџитлија двете Југословенски знамиња се оставени. Кој е мотивот ако може да ми се одговори?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговорот ќе се даде на наредна седница.

Има збор Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, јас повторно ќе го поставам прашањето за третата лента Велешко брдо Титов Велес Крива круша. Ако може министерот да одговори на тоа прашање?

Молам, дали министерот сега ќе одговори или на наредната седница? (На наредната седница).

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам едно прашање до Владата во целина, а посебно може и до министерот за урбанизам и градежништво.

Ние имаме околу 170 илјади луѓе што се пријавуваат во Заводот како невработени. Процесот на приватизацијата сакаме да тече што е можно побрзо, односно самовработувањето на луѓето да тече што е можно побрзо. Бидејќи државата не се грижи на начинот како што се грижеше за вработувањето, во весниците читам дека има извесна забрана за

доделување на локации за поставување на привремени или трајни објекти. Има многу барања, има многу луѓе кои што сакаат да добијат локација и да добијат свој објект за вршење на некоја стопанска дејност. Ме интересира до кога таа работа може да биде така, дали е тоа рационало, дали е тоа став на Владата на Република Македонија.

Едноставно ми се чини дека е многу неразумно, барем според информациите кои што ги читам низ печатот во врска со таа работа.

Јас би сакал ако е можно сега да добијам одговор, затоа што социјалната тензија е огромна, а во врска со тоа има различни информации.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Почитувани пратеници, Министерството со едно писмо ги задолжи раководителите на подрачните единици да го стопираат доделувањето на локациите за ситуирање на привремените објекти од причини што во тие 10 дена, се работи за 10 дена одлагање , станува смена на раководителите на тие подрачни единици. И сосема е логично, ова не е став на Владата , туку на овој министер, знаете во преод од една структура во друга структура, иако повеќето се и од старата структура, но ние моравме ова прашање да го пуштиме анженерал. Знаете што се случува? Кога некој знае или очекува дека ќе биде сменет тогаш го распродава просторот за свои џеб. Само од тие причини, а за временска дистанца од 10 дена е стопирана оваа работа.

Бидејќи вчера доделени се решенијата на новите раководители, автоматски со тоа забраната престанува. Тоа беа причините за донесувањето на една ваква , мислам прилично рационална и кратка со времетраење одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Гошев има дополнително прашање?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Добро, ако е таа работа завршена и тој период ако траел само 10-тина дена. Меѓутоа, мислам во принцип е недозволиво собранијата (Градско, општински) со месеци да подготвуваат некакви програми, а толку луѓе чекаат за работа. Едноставно јас лично низ ова прашање инсистирам максимално ослободување на приватната иницијатива , на овозможување на сите оние луѓе кои што сакаат да влезат во процесот на самовработување да се стимулираат до крајни граници.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Јас имам директно прашање до министерот за народна одбрана. Како што знаеме, од утре веќе почнуваат нашите први македонски војници да одат во македонските касарни. Такви информации јас лично имам добиено, меѓутоа, како што сум информиран нашите војници треба со себе да понесат два пара фармерки, две ветровки и друго. Дали се одразува на нашата мудра политика до сега што ја имавме нема потреба и претходна точка да ставаме на дискусија, што и не ја ставивме, немаше да се дискутира околу празните касарни, дали тоа е одликата и дали тоа е навистина дека сега родителите треба на децата да им купуваат фармерки униформи и дали тоа не значи дека треба да понесат и оружје од дома.

**ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ:**

Прашањето на униформите знаете дека се пропишува со посебни правилници и бидејќи во почетната фаза не сме готови со решението за униформата и нејзините ознаки за нашата армија, ние донесовме еден заклучок времено да одиме со постојната униформа која ќе има само соодветна униформа со знамето на Република Македонија, а додека кога ќе се усвои Законот за грбот и знамето на Република Македонија, тогаш тоа ќе биде пренесено и на ознаките на униформата. Сега во решавањето на овој проблем, бидејќи ние се определивме да ја решаваме нашата одбрана по принципот на граѓанските општества односно да ја следиме логиката на Уставот на Република Македонија, повеќе решенија сега ги изместуваме, значи не се решаваат онака како што тоа беше решено во армијата. Имено, за што се работи?

Во дискусијата по законот, а и проучувајќи ги моделите на одбрана во земјите кои се понапред отидени во демократијата од нас, ние видовме дека на војниците кои сакаат за време на викендот да си одат дома и кога

излегуваат во град, да можат да си излезат во цивилна облека. Според тоа, нашето решение е донесено во рамките на подобрување на правата на војниците, со тоа што тие кога ќе излегуваат во град, кога ќе сакаат да си одат на викенд или кога ќе сакаат да си одат дома, кој не сака да оди во војничка униформа да си оди во цивилна униформа. Во рамките на ова е тоа решение. Тоа не значи дека ние немаме облека и опрема за нашите војници. Јас дури прочитав во печатот, навистина мислам дека е неупатно во овие моменти сега да се отвора една недоверба кај нашите млади војници. Морам да ви кажам дека тие со голем ентузијазам пријдоа на овој проблем. За нив е обезбедено се што треба, и сместување и облека и др. а можноста да носат цивилна униформа или цивилна облека е во рамките на проширување на нивните права по логиката на граѓанските општества.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ќе го искористам присуството на министерот за одбрана и заради тоа ќе поставам кратко и практично прашање.

Од телевизијата, односно од средствата за јавно информираше запознати сме дека заклучно со 15 април треба да се вратат сите наши војници од Југословенската армија. Барем јас такво сознание имам, се извинувам ако не е тоа точно. Ако тоа е точно, тогаш поставувам прашање кога ќе се вратат војниците, бидејќи тоа прашање ни го имаат поставено неколку родители во Дебар. Дури ми рекоа дека се обратиле до Министерството за одбрана во Дебар, огранокот, меѓутоа, децата сеуште не се вратени. Ако може да ми се одговори на прашањето.

**ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во сите овие преговори што се водеа последниот месец со Југословенската армија, едно од прашањата кое најмногу време одземаше тоа беше проблемот како да се вратат луѓето во Македонија. Знаете дека во тој договор кој се постигна на 21 февруари и кој е заклучно со 28 минатиот месец завршен, нешто порано значи дваесетина дена, со тој договор е предвидено заклучно со 30 април сите војници, старешини и сите други луѓе кои се наоѓаат во армијата да бидат вратени назад.

Ние инсистиравме во меѓувреме и оствaривме повеќе комуникации тоа да се направи и порано. Упатени се неколку писма и од Министерството и од претседателот на Републиката и е направена наредба која нам ни е доставена, неа ја имаме на увид. Со таа наредба Сојузниот секретар за народна одбрана генералот Аџиќ има наредено на сите команди во Армијата, заклучно со 24-ти да подготват начин и постапка како да се вратат сите наши војници и други лица кои се наоѓаат на отслужување во досегашната Југословенска армија. Според тоа по договорот крајниот рок е 30 април, а според она што е напишано во наредбата, ако се почитува тоа, тоа би било нешто порано, значи некаде 24-ти, 25-ти април.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Поставувам прашање до Министерството за финансии.

Според точните податоци во Стопанска банка акционерско друштво Скопје, филијала Гостивар, во 1991 година е остварен прилив на девизи по основ на пензии од странство, и тоа Германија, Австрија и Швајцарија, во вкупен износ од еден милион и осумсто илјади германски марки односно приближно сто педесет илјади германски марки месечно. Пензии од наведените земји примаат 95% албанско население. Од 1.1.1991 година, до

30.06.1991 година исплатата е извршена во динари по официјален курс на Народна банка на Југославија тогашна, а од 1.07.1991 година до 30.11.1991 година исплатата е извршена 50 спрема 50, значи 50% во девизи и 50% во динари, што значи на двата начина исплатата е извршена спротивна на Законот.

Според некои мои сознанија, овој прилив на девизи е употребен за исплата на старо девизно штедење во филијалите на Источна Македонија, кои во 1991 година немале никаков прилив на девизи по никој основ, а старата пракса се продолжува и во оваа година.

Исто така, имам податоци дека се извршува исплата од старо девизно штедење во девизи од страна на Централата во Скопје на штедачи кои имаат врски, што создава револт кај другите штедачи, односно оние кои немаат пријатели и кои имаат големи износи а не можат да ги подигнат во динари со сегашните услови.

Од горе изнесеното барам да ми се одговори и тоа во писмена форма на прашањето, бидејќи прашањето бара повеќе време за одговор. Значи прашањето е: состојбата на девизните штедни влогови со 31.12.1991 година по филијали и прилив и одлив на девизи во 1991 година исто така по филијали.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Јас ќе поставам прашање до министерот за стопанство во врска со снабдувањето со нафта Д-2 за превозниците. Ја пренесувам реакцијата од индивидуалните превозници од Кавадарци кои реагираат на начинот на снабдувањето со нафта, бидејќи сега веќе е сезона на превоз а тие сите обврски мора да ги измират во поглед на даноци и другите обврски што ги имаат, а не се во можност на одреден начин да се снабдат со нафта барем по еден уреден принцип. На пример како што е решено прашањето со индивидуалните земјоделци.

Дали Владата размислува на еден адекватен начин како индивидуалните земјоделци така и овие индивидуални превозници да бидат обезбедени преку подрачното Министерство на стопанство на одреден начин со организирано снабдување со нафта во одредени количини во рамките на резервите односно во рамките на количините што се обезбедуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дополнително ќе се одговори на ова прашање.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Замолен сум од месното население Гостиражни, Стровија, дали може да се заштити нивниот полски имот кој е нападнат од страна на сточарите од село Црнилиште.

Исто така, замолен сум од месното население на с.Маруп кој што се врши исто така невиден атак од страна на сточарите од v. с. Канакларци. Исто така се напасува стоката на површините од ЗИК Прилеп. Каде што сум и личен сведок и вчера ги видов, и пред неколку дена, тие жители се имаат обраќано до ресорните органи до општинското собрание. Меѓутоа, наназад 10 години секоја година се враќа, за жал се нема постигнато никаква согласност тие да бидат заштитени.

Исто така, поставувам едно прашање кој е надлежен или кој извршил отуѓување на основното училиште во с. Гостиражни и е продадено на физичко лице.

Ве молам, ако може на наредната седница да ми се даде писмен одговор.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Познато ни е од средствата за јавно информирање во последно време дека се зачестени појавите на оштетување и рушење на спомен-обележја и споменици од Револуцијата од Втората светска војна.

Прашање до Министерството за внатрешни работи на Македонија дали се познати сторителите на ваквите појави низ Републиката и што е преземено. Молам, да се изготви информација и да се достави до пратениците на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе упатиме писмо до министерот за внатрешни работи и ќе бараме одговор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Две прашања ќе поставам.

Според еден договор со највисокото раководство на Република Македонија беше заклучено да престане прекршочното гонење и казнување на граѓаните албанци што не се одзваа на повикот на населението во 19991 година, како и против наставниците кои педагошката евиденција ја водат на албански јазик, за што е запознат и претседателот на Собранието господин Стојан Андов.

Поставувам прашање зошто и натаму продолжува казнувањето на овие граѓани и до кога ќе продолжи тоа. Одговорот од надлежното министерство го барам во писмена форма.

Второ прашање: Во последно време, поконкретно има повеќе од една година, зачестиле реагирањата на демократската јавност и огорчувањата од непрофесионалната уредувачка политика во емисиите на албански јазик при Македонската телевизија.06јавени се низа написи во весникот "Флака е

влазеримит" од гледачите каде е апострофиран посебно уредникот на тие емисии во многу негативна конотација. Пред неколку недели преку три петиции на институции е покрената иницијатива за разрешување на некои тешки проблеми во таа редакција. За ова меѓу другите е запознат и министерот за информации.

Прашувам што сториле министерствата во врска со овие петиции, дали ќе се уважат поставените прашања или е потребно да се формира парламентарна комисија.

Исто така, и одговорот на ова прашање го барам во писмена форма.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, првото прашање што имав намера да го поставам во врска со регрутите кога ќе се повлечат го добив одговорот од министерот, па немам намера да го поставувам.

Меѓутоа, второто прашање лично мислам дека е неопходно, не знам дали треба да биде во вид на информација или одговор, тоа прашање не е вично за мене кој е моделот на платниот промет. Во конкретниот случај прашањето се однесува на министерот за финансии и дали воопшто Владата разговарала кој модел на платен промет ќе биде присутен во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа ќе се предложи, потоа ќе видиме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:.**

Имам две прашања за министерот за внатрешни прашања, со оглед на тоа што тој не присуствува на седницата, барам одговорите да ми се достават во писмена форма.

Прво, на 3 април оваа година дознав дека е приведен цел еден гратски автобус со над 60 лица граѓани од причини што еден од патниците требало да се легитимира,меѓутоа, патролата која се наоѓала во автобусот не постапила така и целиот автобус го привела во милициската станица. Потоа уследиле реакции, по што ние двајца пратеници од тие изборни единици доставивме и протест до министерот.

Прашувам дали се преземени мерки во врска со разобличување на овој екцес.

Второ, на подрачјето на општина Карпош, поточно подрачјето кое го покрива Милициската станица Горче Петров во последно време се случуваат некои настани кои навистина го загрозуваат достоинството и правата на граѓаните. Има еден случај во село Радуша каде што е претепан граѓанин без причини, како што наведуваат граѓаните, а има и низа други случаи.

Барам одговор од Министерството дали во оваа смисла има преземено мерки.

Трето, последниве денови Министерството за внатрешни работи во Старата чаршија презема мерки за собирање на нелегалното и незаконско менување на пари односно девизи. Но и покрај вршењето на таа должност, органите за внатрешни работи, според информациите кои доаѓаат од граѓаните, имаат и некои истапи кои ги кршат тешко законските овластувања од страна на Министерството, затоа што има неколку граѓани кои се претепани.

Прашувам, до Министерството за внатрешни работи, дали е постапено согласно овластувањата при прибирањето на девизите и дали има навистина кршење на законските одредби во оваа смисла.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Кога намерава Владата да ја стави вон сила примената на членовите 3, 4 и 5 од Законот за ограничување на личните доходи и другите примања во Републиката, објавен во"Службен весник" број 2 од 14 јануари 1991 година.

Истиот закон престана да важи заклучно со 31-XII.1991 година, меѓутоа,Законот сеуште се применува и сеуште важи за усогласување на пензиите.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Прашањето е во врска со урбанистичките проблеми меѓу селото Зубовце, Врапчиште, Врановце и Дебреше. Селото Зубовце е претежно со жители од македонска националност,Врапчиште со турска, македонска и албанска националност, Дебреше исто така со албанска и македонска националност, аг Врањовце претежно со албанци. Спорот е во тоа дека во поширокиот реон на село Зубовце на стерилни почви албанците од околните села, а исто така и турците имаат купено одамнаниви, па сега во тие ниви и тие места претежно од VI и VII класа имаат изградено куќи. Бидејќи сите овие села не се урбанизирани средини, немаат урбанистички планови, сега проблемот е во тоа дека делегација од село Зубовце била во Собранието кај претседателот, а исто така и кај министерот за урбанизам и инспекторот за урбанизам бил на лице место и на лице место во дијаметар од 200 м, каде се изградени куќи од граѓани од сите националности, турци, албанци и македонци е донесено правосилно решение за рушење на два објекти само од албанска националност.

Би го замолил министерот или Министерството уште еднаш да го испита случајот. Ако има потреба да се формира и собраниска група, да оди на лице место и да ја утврди вистинската положба во тој реон.

Ако е можно на прашањето сакам да ми се одговори во писмена форма.

Второ прашање: на 9-ти во 6 часот во село Врапчиште работник на Министерството за внатрешни работи во село Врапчиште исто така со мешан состав на населението има допрено поворка на свадбари и ги има легитимирано возачите.

Прашувам или директно поставувам прашање до Министерството за внатрешни работи кој бил поводот што работникот се однел така.

**ДМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Скоро три и пол децении на релации на Бакарно Гумо до Сопотница во општина Демир Хисар, а преку Бакарно Гумно и до Прилеп и Битола, а преку нив и со светот, два пати во денот сообраќаше меѓу другото и патнички воз. Некаде од 15 април минатата година патничкиот воз е укинат со образложение на нерентабилност на сообраќајот на патничкиот воз.

Со оглед дека истата судбина беше и на патничкиот воз што сообраќаше Куманово Бељаковец, а во меѓувреме тој проблем на некој начин се реши, прашувам до надлежното министерство дали има можност патничкиот воз на оваа релација сообраќа, барем во пазарните денови кога граѓаните, т.е селаните од овие подрачја кои се од четири општини од општина Демир Хисар, дел на села што припаѓаат на општината Крушево и Битола, а добар дел и од општината Прилеп, kora е пазарен ден во Прилеп во сабота и друг пазарен ден во Битола може да се реши проблемот со сообраќање на патничкиот воз да можат селаните од овие подрачја да ги носат своите раноградинарски производи на пазарот. Тоа е првото прашање, а имам две прашања од една област во врска со познатиот напад на тројцата пратеници пред вратите на ова Собрание, некаде во првата половина на ноември месец, кога се носеше Уставот. Прашувам директно до надлежното Министерство, до органите за прогонот, што е преземено до денеска за откривање на сторителите на нападот и ако се откриени дали е преземен кривичен или друг прогон за нивна одговорност и второ до Министерството за внатрешни работи во врска со тоа, дали

Министерството за внатрешни работи презеде некаква одговорност на своите работници кои беа пред зградата и не интервенираа.

Барам одговорите да бидат доставени во писмена форма.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Моето прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се однесува на проблемот со стопанисувањето со рибниот вод во Дојранско Езеро кој што проблем најверојатно е присутен или ќе се јави присутен и во другите две езера во Македонија.

Имено, според постоечкиот закон досега беше овластена една организација да стопанисува со рибниот фонд. Меѓутоа, во последно време се јавија уште 4-5 организации кои се регистрирале за обавување на таа дејност и немаа дозвола, а истовремено во процедура е постапката за издавање на дозволи на уште повеќе задруги кои би се занимавале со стопанисување со рибниот фонд во Езерото. Во вакви услови прашање е што всушност ќе остане од езерото ако дозволиме секој што може, или има регистрирано задруга да стопанисува со Езерото. Прашање е што мисли Министерството да презема за да го разреши овој проблем и како ќе реагира моментално, иако сега е забрана за ловење, бидејќи очигледно постоечкиот закон не се почитува, па можно е да дојде и до инциденти за самото езеро, да не речам, до немили сцени меѓу рибарите од една и друга задруга и една и друга организација.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**

Јас имам само едно прашање. Поради трагичните настани во БиХ, поточно во Сараево, група граѓани се принудени да го напуштаат Сараево и да заминат, да бараат спас за својот живот. Македонија својата солидарност со децата од БиХ ја искажа и тоа е за поздравување. Меѓутоа, се поставува проблемот што со наши граѓани што таму долго време работеле и живеат таму, а сега наоѓајќи се во тешка ситуација сакаат да се вратат во Македонија.

Прашање, што презема Владата, или надлежното Министерство да им се излезе во пресрет на овие граѓани и сугерирам, во меѓувреме, ако нема преземено нешто, да се преземе а одговор да добијам во писмена форма.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас ја прашувам Владата по кој основ шумското стопанство од Куманово стекнал право на сопственост, а врз основа на тоа и право на стопанисување со приватните шуми, сопственост на жителите на селото Руница Кумановско, особено ако се има предвид дека истите служат како единствен извор на приходи на жителите од истото село, се до 1965 година кога се одземени. Слична е состојбата и со село Гошинце каде што на селаните дури им е забрането на своите шуми да вршат испаша на својот добиток. Барам писмен одговор.

**СИМЈАНОВСКИ НАУМ:**

Состојбата со млеко производството во Македонија е доста позната. Состојбата со дистрибуцијата на млеко, мислам дека е уште по

карактеристична за Македонија. Посебно ова се однесува за општина Битола, имено, замолен сум од поголем број на граѓани на општина Битола, како пратеник во ова Собрание од Реформските сили на Македонија , Либерална партија, да го поставам следното прашање: Дали има законски основ за условно продавање на литар млеко со продажба на литар јогурт.

Прашањето е поставено до Министерството за стопанство и до Министерството за земјоделие. Дали е извршен инспекциски надзор да се испита оваа појава.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Прашањето не е мое, прашањето е до министерот Лепавцев, замолен сум да го пренесам, вчера, најверојатно наредните денови, ќе морам да с е вратам повторно и ќе ме пречекаат дали сум поставил или дали сум го пренел ,уградежните работници кои работат на хируршката клиника прашуваат кога министерот за градежништво Лепавцев ќе ги посети и дали мисли на нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам одговорете им ним. Тоа на кого мислите, не е многу значајно.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Првото прашање се однесува до Владата, бидејќи така ми е поставено да го изнесам овде. Од граѓанската воја во Грција, со иселувањето на Македонците од Егејска Македонија и оние што беа во другите земји во европскиот дел, колку средства меѓународни се примени во Република Македонија и дали сите се искористени и колкав е тој фонд на станови во република Македонија.

Второто прашање ми е дали Владата размислува по нај брз и најефикасен пат селските домови што се градени во колективите да се вратат во нивна сопственост.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Почитувани пратеници, пред да го поставам прашањето ќе дадам едно мало образложение. Прашањето се однесува до министерот Лепавцев. Со изградбата на автопатот од Велес до Градско, поточно кажано од мотелот Македонија до локалитетот Стоби е направен еден голем пропуст со тоа што населбата Градско не приклучена со новата делница, па така е нанесена една голема неправда на Градско и жителите што живеат во него-

Како илустрација на проблемот ќе се задржам на неколку моменти. Многу мина знаат дека населбата Градско е во фаза на изградба и прераснување во модерна селска населба. Бројот на жителите ја надминува бројката од 5 до 6 илјади, претежно жителите се занимаваат со земјоделство, но голем број е на лицата кој се занимаваат со приватна дејност, од областа на угостителството, трговски дуќани, сервиси и друго.

Со исклучување на населбата Градско од автопатот, животот во населбата е веќе замрен, повеќе од овие објекти што ги спомнав се затворени, а постои опасност малото стопанство потполно да исчезне. За земјоделците да не зборуваме, се уништува нивното вреднување на трудот, сега им се натура и овој проблем купувачите ја одминуваат населбата , а луѓето се ставени во ситуација своите производи да ги оставаат на нива да скапуваат.

Стариот дел од патот е целиот со дупки и сите оние патокази што беа ставени се извадени, така да некој ако сака да дојде по стариот пат не знае од каде да помине.

Прашањето е следно: Со потпишување на Договорот од страна на Меѓународната банка и Владата на Република Македонија за одобрување

на кредит за патната мрежа во Републикава, дали со тие средства се планира населбата Градско да се приклучи со автопатот и да се исправи онаа неправда која им е направена на луѓето. На крајот можам да кажам дека нема да бидат потребни големи средства, бидејќи се работи за мал дел, тоа е во непосредна близина на автопатот од околу 800 до 1000 метри-

Имам уште едно прашање, само овде не го гледам министерот за труд и социјална политика, прашањето е малку и задоцнето, па може да се одговори и писмено. Дали на државен празник ако работник не отиде на работаа има право директорот да го казни за 15% од личниот доход. Тоа се однесува за свиларскиот комбинат Нонча Камишова од Велес, каде што на верскиот празник Божиќ неколку работници не се отидени на работа, а процесот на работа не од таков карактер да мора да биде работникот присутен тамо. Да биде потрагично, кога го прогласија Бајрам, да не ме сфатат погрешно претставниците од другите националности, во истиот тој погон работниците од муслиманска вероисповест не беа на работа, а не беа казнети.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе добиете писмен одговор.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека пред месец ипол се расправаше за екологијата, од изборната единица во село Пчиња- Куманово, стои дека од загаденост на водите и подземните води се загадени од испуштање на фекалии од свињарската фарма во Куманово, фабриките Кожара, Шавни цеви и Амбалажа.

Прашањето е до Министерството за урбанизам и екологија дали врз основа на прибраните податоци е вршена анализа на водата од стручни екипи, кои мерки ќе се преземаат оваа појава да се спречи и се укажува на

една друга околност дека со овие работи се загадуваат и растенијата и сите други продукти што се произведуваат. Затоа молам за наредната седница во писмена форма Министерството да ме извести.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Ако може господинот Лепавцев сега да одговори на прашањето.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Почитувани пратеници, колку што јас можев да ги видам проектите уште пред една година, земени се предвид овие приклучоци кон поголемите градови и населени места, меѓутоа, за жал. се прави, една практика која е следна : Прво се прави коридорот, транзитниот, после се прават тие приклучоци, и ако треба етапно , комплетната инфраструктура да биде решавана. Тоа може да е направено во случајот, не сум сигурен и ви за ви трансферот на средствата кои што се користени од Меѓународната банка за обнова и развој како и расположливите средства, бидејќи многу голем број од тие средства беа префрлени на автопатот и со желбата таа делница да се заврши до градско веројатно, инвеститорот тоа е Републичкиот СИЗ за патишта оваа обврска своја не ја направил, но ќе биде направена. Меѓутоа, не е само оваа политика водена на автопатот. Тука имаме ние проблеми во Битолско, или на автопатот према Куманово за поедини села не се направени тие влезни приклучоци, излезни итн. Ве уверувам дека понатаму вакви работи нема да се случуваат. Ако правиме одредена етапа, ќе ја правиме комплетно. Меѓутоа, луѓето од Градско не би требало да се плашат дека нема да бидат приклучени, а што ќе се случи со трговијата на старата траса, ви за ви оваа новата, ние ќе го урбанизираме тој дел, па тие ќе се пренесат ваму, а бидејќи овде е автопат ќе мора тоа да биде урбанизирано и тие приватни превземачи ќе морат да влезат со својот

капитал во една културна обработка на своите производи на тој продажен простор. Многу од вас биле по Италија, на овие автопати, гледаат таму на кој начин се продава тоа овошје и зеленчук, мислам дека кај нас може тоа да биде подобро организирано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека господинот Китев ќе се согласи, треба да му се даде и писмен одговор каде што ќе се кажат и извори на финансираше, и датуми што ќе се направи итн. Според тоа нека се одговори писмено и за ова.

**ЗОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Едно прашање до министерот Лепавцев. Има изградени раскрсници кои се затворени з£ сообраќај. Мислам на раскрсницата за излез од Скопје према Велес кај Кадино. Зошто е затрупана и зошто не е во употреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе ви се одговори.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 35-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 20,45 часот.)